**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# УЛОГАТА НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПОМОШ И ПОДДРШКА НА САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**Ментор**

**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ**

**Кандидат**

**Мирјана Гурева**

**Број на индекс: 5411/21**


**Скопје, 2025 година**

**Ментор**

**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за социјална работа и социјална политика**

## АПСТРАКТ

## УЛОГАТА НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПОМОШ И ПОДДРШКА НА САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Самохраното родителство сѐ повеќе е присутно во современото општество и носи со себе голем број проблеми и предизвици. Самохраните родители сами не можат да се справат со товарот што го носат, па затоа е неопходна помош и поддршка од страна на државата и локалната заедница. Целта на овој труд е да се утврдат видовите на помош и поддршка што им ги обезбедува локалната заедница на самохраните родители, а воедно и да се истражат различните обележја на формалната и неформалната поддршка на самохраните родители. Притоа ќе се земат предвид изворите и видот на поддршка, како и начинот на кој родителите го перципираат нејзиниот квалитет. Во Република Северна Македонија сѐ уште не се создадени соодветни институционални предуслови за сеопфатна поддршка и помош на самохраните родители. При задоволување на потребите на еднородителските семејства и во справувањето со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители, најголема поддршка и помош тие добиваат од своето пошироко семејство и од своите пријатели. Истражувањето се заснова врз квалитативна анализа на интервјуа со претставници на релевантни институции, како и со самохрани родители, обезбедувајќи увид во нивната перцепција на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат во секојдневниот живот, како и за видот и квалитетот на помошта и поддршката што ја добиваат од локалната заедница.

Резултатите од истражувањето покажаа дека локалната заедница претставува значаен фактор во справување со проблемите и предизвиците што ги носи самохраното родителство. Имајќи предвид дека поддршката што ја обезбедува локалната заедница не е доволна, се укажува на потребата државата да се вклучи многу повеќе/поактивно во решавање на проблемите со кои се соочуваат самохраните родители.


Клучни зборови: самохран родител, локална заедница, поддршка, помош.

# ABSTRACT

## THE ROLE OF THE LOCAL COMMUNITY IN ASSISTANCE AND SUPPORT OF SINGLE PARENTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Single parenthood is increasingly present in modern society and brings with it a large number of problems and challenges. Single parents cannot cope with the burden they bear on their own, so help and support from the state and the local community is necessary. The aim of this paper is to determine the types of help and support for single parents from the local community, but also to more closely explore the different features of formal and informal support for single parents, taking into account the sources and type of support and how the quality of support is perceived by parents. In the Republic of North Macedonia, sufficient institutional prerequisites for comprehensive support and assistance to single parents have not yet been created. In meeting the needs of single-parent families and in solving the problems and challenges that single parents face, they receive the greatest support and assistance from their extended family and their friends. The research is based on a qualitative analysis of interviews with representatives of relevant institutions, as well as interviews with single parents who express their perceptions regarding the problems and challenges they face in their everyday lives and the help and support they receive from the local community. The results of the research show that the local community is an important factor in dealing with the problems and challenges that single parenthood brings. Considering that the support provided by the local community is not sufficient, the state should be much more involved in solving the problems faced by single parents.


Keywords: single parent, local community, support, assistance.

**Содржина**


ВОВЕД........................................................................................................ 1

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ........................................................................................ 4

1. ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И ПРОСОЦИЈАЛНАТА АКТИВНОСТ...................... 5

1.1. Просоцијалната активност во локалната заедница........................................ 5
1.2. Потребите и нивното задоволување во локалната заедница............................ 7

2. СЕМЕЈСТВОТО И ВИДОВИ НА СЕМЕЈСТВО.................................................. 8

2.1. Трансформација на семејството.................................................................... 9
2.2. Од традиционално, до современо семејство.................................................. 10

3. ЕДНОРОДИТЕЛСКИ СЕМЕЈСТВА.................................................................. 12

3.1. Причини за настанување на еднородителските семејства................................ 13
3.1.1. Развод на брак........................................................................................ 15
3.1.2. Смрт на сопружникот................................................................................ 17
3.1.3. Вонбрачно раѓање.................................................................................... 18
3.2. Поделба на еднородителските семејства........................................................ 21

4. САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ................................................................................ 23

4.1. Самохрани мајки.......................................................................................... 24
4.2. Самохрани татковци..................................................................................... 25

5. ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ.......... 29

5.1. Негативните ставови и стереотипите за самохраните родители......................... 29
5.2. Економско-социјалните (не)прилики на самохраните родители и нивните семејства.......... 32
5.3. Психофизичкото здравје на самохраните родители.......................................... 37
5.4. Самохраните родители и негативните последици за децата од животот во еднородителските семејства.......... 39

6. ФОРМАЛНА И НЕФОРМАЛНА ПОДДРШКА НА САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ.......... 47

7. САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА........ 55

7.1. Статистички податоци за еднородителските семејства и самохраните родители во Република Северна Македонија.......... 55
7.2. Законските права на самохраните родители и еднородителските семејства во Република Северна Македонија.......... 56
7.3. Критички осврт на законските права на самохраните родители и еднородителските семејства во Република Северна Македонија.......... 59

II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ........................................................................................ 63

1. Формулација на проблемот на истражување........................................................ 64
2. Предмет на истражување........................................................................................ 65
3. Цели на истражување............................................................................................... 65
4. Хипотези на истражување....................................................................................... 66
4.1. Основна хипотеза................................................................................................ 66
4.2. Посебни хипотези................................................................................................ 66
5. Метод на истражување............................................................................................ 67
5.1. Техники за собирање на податоци.................................................................... 68
5.2. Дефинирање на истражувачкиот примерок...................................................... 68
5.3. Текот на истражувањето..................................................................................... 72
6. Резултати од истражувањето.................................................................................. 73
6.1. Експертско интервју со претставници од државни институции...................... 73
6.1.1. Интервју со претставник од Министерството за труд и социјална политика.................................................................. 73
6.1.2. Интервју со претставници од центрите за социјална работа....... 75
6.1.3. Интервју со претставници од одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа........................................... 77
6.2. Резултати од анкетата со самохраните родители............................................ 80
6.3. Студии на случај.................................................................................................. 98
6.3.1. Студија на случај бр. 1................................................................... 98
6.3.2. Студија на случај бр. 2................................................................... 101
6.3.3. Студија на случај бр. 3................................................................... 103
6.3.4. Студија на случај бр. 4................................................................... 105
7. Дискусија.................................................................................................................. 107
7.1. Дискусија за интервјуто со претставници од државните институции....... 107
7.2. Дискусија за анкетата со самохрани родители............................................. 108
7.3. Дискусија за студиите на случај...................................................................... 110

ЗАКЛУЧОК.................................................................................................................. 115

ПРЕПОРАКИ................................................................................................................ 116

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.................................................................................... 117

ПРИЛОЗИ..................................................................................................................... 124

**ВОВЕД**

Причините за настанувањето на еднородителските семејства се многубројни. Тие можат да бидат: смрт на едниот брачен другар, развод на бракот, лична одлука на мајката да основа еднородителско семејство, напуштање на семејството, исчезнување на еден од родителите, отсуство на желба за ангажираност во животот на детето кај некој од родителите. Еднородителските семејства не се нов феномен, но во последните децении дошло до нивен брз и континуиран раст, како никогаш порано. Како резултат на тоа, денес речиси една четвртина од семејствата се еднородителски. Затоа еднородителските семејства сè повеќе се во фокусот на интересот на многу социолошки истражувања.

Постојат повеќе категории на еднородителски семејства. Тие можат да се поделат според тоа кој родител е носител во семејството, па затоа има еднородителски семејства со татко и со мајка. Може да се поделат и според начинот на настанување, па има семејства кои настанале по сопствен избор, обично на мајката, и има семејства кои настанале според наметната ситуација или околностите. Постои поделба според тоа дали од самиот почеток биле еднородителски или такви станале со текот на времето.

Со настанување на еднородителски семејства доаѓа до појава и на самохрани родители. Тоа се родители кои самостојно, без помош од другиот родител, се грижат за своето дете. Самохраните мајки ги има многу повеќе од самохраните татковци. Генерално гледано, самохраните мајки имаат многу повеќе економски тешкотии од самохраните татковци. А самохраните татковци, пак, имаат многу повеќе тешкотии околу грижата за децата, за разлика од самохраните мајки. Сепак, и едните и другите се соочуваат со голем број проблеми и предизвици. Најчести проблеми се: финансиски тешкотии, прекумерна работа, исцрпеност, постојан умор, постојан стрес, негативна перцепција кон нив од страна на општествената средина, товар околу воспитувањето на децата, нерешено станбено прашање, проблеми околу упис на децата во градинка или училиште, борба со бирократските процедури за остварување на своите законски права, нарушено здравје, нарушена психолошка и емотивна состојба, проблеми околу здравјето и воспитувањето на децата, се борат со чувство дека не ја постигнале целта, итн.

За да можат да се справат со големиот број на проблеми, на самохраните родители им е потребна голема поддршка и помош. Постои формална и неформална поддршка.

Под формална поддршка се подразбира поддршката и помошта што ја пружаат државните институции. Според многу истражувања во многу држави, самохраните родители формалната поддршка ја оценуваат како недоволна и често пати несоодветна за да може да ги реши нивните горливи проблеми. Од друга страна, постојат многу полиња од нивното секојдневие кои не се опфатени со формалната поддршка. Затоа, самохраните родители повеќе се потпираат на неформалната поддршка. Под неформална поддршка се подразбира поддршката и помошта што самохраните родители ја добиваат од страна на своите: родители, роднини, пријатели, соседи, познаници. Речиси секогаш поддршката и помошта што им е потребна на самохраните родители најмногу ја добиваат од нив.

Во Република Северна Македонија, исто така, постојат самохрани родители, чиј број не е толку мал. И тие, како и самохраните родители од другите земји, се соочуваат со голем број проблеми, кои често им го прават животот неподнослив. Според статистичките податоци, во Република Северна Македонија има 9.379 еднородителски семејства, односно самохрани родители.

Во македонското законодавство постојат многу позитивни одредби кои се однесуваат на самохраните родители и на членовите на еднородителските семејства. Тие законски права им помагаат на самохраните родители да можат да решат дел од нивните проблеми. Но, и покрај позитивните законски одредби, многу области од секојдневниот живот на самохраните родители и нивните семејства не се опфатени со законски решенија. Од друга страна, во законските одредби постои недостаток на јасно дефинирани термини што се однесуваат на самохраните родители и членовите на нивните семејства, што остава простор за своеволно толкување на овие поими од страна на службените лица во центрите за социјална работа. Но, исто така, постојат и недоследности во одредени закони поврзани со самохраните родители.

Во однос на структурата, овој труд содржи седум теоретски поглавја. Во првото поглавје се зборува за локалната заедница и за просоцијалната активност. Во второто поглавје се зборува за семејството и неговата трансформација што настанала во втората половина од дваесеттиот век, како резултат на општествените и културни промени започнати од почетокот на индустриската револуција, до денес. Главен фокус во третото поглавје се еднородителските семејства, чија појава е резултат на трансформацијата на семејството, опишано во првото поглавје. Исто така, во ова поглавје се зборува и за причините за настанувањето на еднородителските семејства и за поделбата на еднородителски семејства. Четвртото поглавје зборува за самохраните родители,

поточно за самохраните мајки и самохраните татковци и сличностите и разликите меѓу овие две категории. Главната тема во петтото поглавје се предизвиците и проблемите со кои се соочуваат самохраните родители во секојдневниот живот, како што се: негативните ставови и стереотипите, економско-социјалните неприлики во кои се наоѓаат, нивното нарушено психофизичко здравје и како се одразуваат на самохраните родители негативните последици по децата од животот во еднородителско семејство. Формалната и неформалната поддршка што ја добиваат самохраните родители е тема во шестото поглавје. Во седмото поглавје предмет на анализа се статистичките податоци за самохраните родители во Република Северна Македонија и законите од македонското законодавство што ги регулираат правата на самохраните родители и останатите членови од еднородителските семејства.

Трудот содржи и истражувачки дел. Во истражувачкиот дел се прикажани резултатите од истражувањето чија цел е да се истражи дали помошта и поддршката што ја добиваат самохраните родители од страна на локалната заедница е доволна за решавање на проблемите со кои тие се соочуваат во нивното секојдневие. Со ова истражување беа опфатени самохрани родители и службени лица од центрите за социјална работа од повеќе градови во Република Северна Македонија. Очекувањата се дека резултатите од ова истражување и препораките од овој труд ќе поттикне свест кај локалната заедница, особено кај надлежните институции, за потребите на самохраните родители со цел соодветно да се делува во решавање на нивните проблеми и соочување со предизвиците со кои се соочуваат секојдневно.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# 1. ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И ПРОСОЦИЈАЛНАТА АКТИВНОСТ

„Според социолошкото сфаќање, локалната заедница е збир на луѓе кои живеат на определена територија, имаат свест за припадност во заедницата, како и организација за да ги задоволат своите животни потреби и заеднички цели“ (Доневска, 2006: 30). Локалната заедница ги има следните функции: продукција, социјализација, социјална контрола, социјална интеграција и двострана поддршка (Ibid., 11-12).

Во локалната заедница односите меѓу луѓето се развиваат врз основа на просторната блискост. Во рамките на локалната заедница најголемо влијание врз личноста имаат примарните групи, како што се: семејството, соседството и пријателите. Тие претставуваат база за натамошните контакти со секундарните групи, како што се: друштва, организации и професионални групи (Ibid., 11,13).

Според Плушковски, локалната заедница претставува рамка „за секојдневно битисување на луѓето, место за нивна средба со општеството. Во неа тие се среќаваат со сите институции на општеството на: социјален, економски, културен и друг план. Во неа тие поминуваат поголем дел од својот живот и задоволуваат голем дел од нивните секојдневни потреби...“ (Плушкоски, 1996: 56).

Лицата кои се дел од локалната заедница остваруваат меѓусебна интеракција, а нивните односи можат да бидат: формални, интимни, засновани врз пријателство, роднински или соседски врски (Доневска, 41). Во секоја локална заедница освен: природниот, физичкиот и човечкиот капитал, постои и социјален капитал, а се однесува на „односите на доверба, на лојалност и на солидарност меѓу луѓето, подготвеноста за самоорганизираност и за самоуправување, благодарејќи на што поединците и групите ги остваруваат и ги задоволуваат своите: цели, интереси и потреби (Ibid., 44).

## 1.1. Просоцијална активност во локалната заедница

Активностите на локалната заедница се насочени кон заедничкото добро. Човекот како дел од локалната заедница е социјално битие и „неговата самореализација се засновува врз солидарноста, меѓусебната соработка меѓу луѓето, но цел на сите тие дејствувања не е општеството, туку, пред сè, е поединецот“ (Ibid., 49).

Поголемиот дел од човековата активност е насочена кон сопствен развој и остварување на лични цели, а помал дел е насочена кон заштита и развој на другите лица (алоцентрични активности), а исто така, и на: институции, групи и организации

(социоцентрични активности). Двете групи активности, односно алоцентричните и социоцентричните ги сочинуваат просоцијалните активности кои се стремат кон задоволување на општествените потреби (Ibid., 50).

Важен извор на просоцијалните активности е емпатијата, која се дефинира како доживување на емоционалната состојба на другото лице. Треба да се забележи дека емпатијата може да се појави и како последица на просоцијалното однесување. Емпатијата е основа за алтруизмот. Просоцијалната активност може да биде мотивирана и од други емоции, како, на пример: „задоволството од 'себеси' и гордоста заради поседување определени норми и вредности во сопствената личност. Освен емоционални извори за просоцијално однесување, постојат и когнитивни извори, во чија основа стојат следните когнитивни процеси: перципирање, расудување, решавање проблеми и одлучување. Сите ситуации не се перципираат како ситуации во кои треба да се помогне. Ситуациите кои бараат посебен напор и големо ангажирање не се земаат предвид. Просоцијалната активност зависи и од самоперцепцијата на поединецот. Лицата кои себеси се сметаат за алтруисти, многу повеќе се подготвени да им помагаат на луѓето кои имаат потреба (Ibid., 53-54).

Иако во рамките на просоцијалното однесување влегуваат повеќе видови активности, како, на пример: симпатијата, дарежливоста, помагањето, кооперацијата и алтруизмот, сепак алтруизмот е означаен заради неговата карактеристика да не се очекува никаков надоместок за понудената помош. Оваа карактеристика е посебно важна во остварување на заедничките цели во локалната заедница. Алтруизмот подразбира „помош на други лица без оглед на мотивите кои го предизвикуваат помагањето и без антиципација на сопствената корист“ (Ibid., 55).

За алтруизмот многу важен фактор е постоењето на модел за алтруистичко однесување. Ако во заедницата се практикуваат слични активности, тоа ќе даде мотив и кај другите да се однесуваат алтруистички. Алтруизмот зависи и од карактерните особини на личноста, и тоа „чувството на: одговорност, заинтересираност за доброто на другите лица, морални и хумани вредности, како и определено ниво на моралност“ (Ibid., 56).

Вредностите што ги поседува одредена индивидуа, исто така, е важен фактор за просоцијалната активност. Лицата кои поседуваат алоцентрични вредности, кога во фокусот е другиот човек, се поподготвени да им помагаат на другите луѓе и да ги разберат кога ќе се најдат во ситуација на: несреќа, неправда или навреда. Интересен е фактот дека жените се носители на алоцентричните вредности (Ibid., 57-58).

Важен фактор за просоцијалното дејствување се и религиозните вредности. Тие се двигател на: заедништвото, помошта и хуманоста (Ibid., 59).

### 1.2. Потребите и нивното задоволување во локалната заедница

„Потребата може да се дефинира како состојба на нестабилност или нарушена рамнотежа во организмот која претежно се манифестира преку зголемена или продолжена активност или напнатост“ (Стаменкова-Трајкова, 1995: 247).

Локалната заедница за луѓето претставува место за задоволување на нивните: биолошки, социјални, економски и персонални потреби. Кога станува збор за социјалните потреби, постојат четири групи, и тоа: нормативни потреби (уредени според правни акти и закони); незадоволени потреби (незадоволени потреби кои се манифестирани од различни групи и слоеви во локалната заедница); искажани потреби (потреби кои се идентификувани од институциите и невладините организации преку непосреден контакт со населението); и споредни потреби (утврдени преку споредување на претходните потреби со цел нивно задоволување) (Доневска, 61).

## 2. СЕМЕЈСТВОТО И ВИДОВИ НА СЕМЕЈСТВО

Постојат повеќе дефиниции за семејството, и тоа: социолошка, психолошка, антрополошка, правна. Според социолошката дефиниција, семејството претставува основна единица на општеството. Психолошката дефиниција семејството го дефинира како важен фактор за примарна социјализација и за психичкиот развој на детето. Антрополошката дефиниција, семејството го дефинира како елементарна човечка заедница. А според правната дефиниција, семејството е заедница на луѓе кои се поврзани со брак и сродство (Janković, 2008:17).

Семејството се дефинира на различни начини, но општо земено под поимот семејство обично се подразбира нуклеусното семејство, кое е сочинето од: татко, мајка и дете, односно деца. Иако поголемиот дел од семејствата се нуклеусни семејства, сепак постојат и други видови семејства кои се разликуваат по структурата и функцијата во споредба со нуклеусните семејства.

Освен нуклеусните семејства кои се најчестиот вид на семејства во модерните општества, постојат и проширени семејства – во кои освен членовите од нуклеусното семејство се вклучени и: членови од поширокото семејство, еднородителски семејства – во кои само еден родител (мајката или таткото) се грижи за детето/децата, семејства без деца – во кои брачните парови избираат да немаат деца или не се во можност да имаат деца, вонбрачни заедници, истополови семејства (Zimić, 2018). Од друга страна, постои разлика меѓу традиционалното и современото поимање на семејството, неговата структура и функција. Оваа разлика е резултат на промените во семејството што се случуваат во последните децении, а се поврзани со промените во општеството и системот на вредности. Затоа, кога е во прашање дефинирањето на поимот семејство, треба да се земе предвид горенаведеното (Brajša-Žganec i Hanzec, 2015:140).

## 2.1. Трансформација на семејството

Големите социо-културни промени што се случиле после преминот од прединдустриското во индустриското општество, влијаеле и на самото семејство. Самиот социо-културен контекст предизвикува промени и во семејство, со тоа што се променила неговата структура, некои функции ги изгубила, а добила некои нови (Nimac, 2010:29-30). Овие промени на структурата, обликот и функцијата на семејството посебно се воочливи во периодот од втората половина на 20 век, до денес (Милиќ, 2001:38). Со почетокот на индустријализацијата почнува демографската транзиција, односно се случиле различни демографски промени во општеството. Едни од тие промени се оние што се случиле во врска со семејството. Промените поврзани со семејството биле манифестација на долгорочните поместувања на вредностите во западната култура. Со промена на вредностите, акцентот бил ставен на индивидуализацијата како процес во кој поединецот станува сè повеќе независен и автономен, особено во однос на: општествените, културните и економските структури. Како резултат на ова, луѓето почнале да ја бараат среќата надвор од традиционалните норми и веќе постојните општествени структури (Amato, 2014:8). Процесот на индивидуализација, кој доживува експанзија од втората половина на 20 век, па до денес, довел до тоа „посветеноста кон друга личност, особено безусловната посветеност и обврските како 'додека смртта не нè раздели, во добро или зло, во богатство или сиромаштија', сега изгледаат повеќе како замка што треба да се избегне по секоја цена“ (Бауман, 2009:109). Во процесот на индивидуализација, поединецот и неговите потреби и интереси се става во центарот на колективните и институционалните промени (Милиќ, 2001:38). Како последица на овој процес, чувството за заедништво слабее. Но, тоа не ја поништува потребата за создавање семејство, туку се трага по нови видови на семејно заедништво (Трипковиќ, 2005:25).

Со економскиот развој доаѓа и до раст на животниот стандард, со што на луѓето им се овозможува да бидат самостојни, а во исто време, доаѓа и до зголемена желба за подобар живот. Следствено на ова, доаѓа до ослабување на религиските и општествените норми, а исто така, ослабува и влијанието на поголемите роднински групи. Исто така, доаѓа до појава на егалитарните погледи на полот, со што се фаворизира еднаквоста меѓу мажите и жените (Amato, 2014:8).

Почнувајќи од седумдесеттите години од дваесеттиот век, феминизмот има големо влијание во општествените и хуманистичките науки. Ова довело до

преиспитување и радикална критика на концептот на традиционалното семејство, односите во него, исто така и на мајчинството (Tomanović, 2014:12).

Трендовите коишто настанале во западниот свет во втората половина од дваесеттиот век како резултат на: плурализмот, индивидуализацијата и приватизацијата на формите на егзистирање произвеле вредности кои се во судир со традиционалното сфаќање на бракот и семејството (Baloban, 2001:342). Бракот веќе не се гледа „во функција на децата или општеството, туку во функција на самореализација на две личности. Системот на вредности на современото општество има силно индивидуалистички, нарцисоиден карактер“ (Koračević, 1999:275).

Сите овие општествени промени – индивидуализацијата, секуларизацијата, плурализмот, егалитаризмот, феминизмот – довеле до различни промени во бракот и семејствата. Трендовите кои настанале како резултат на ваквиот светоглед се: „намалување на интересот за стапување во брак и создавање на семејство, вонбрачна заедница (невенчани парови), вонбрачно раѓање, разделување и раскинување на бракот и семејството, еднородителски семејства, повторно стапување во брак, односно втор или трет брак, во поново време легализирање на истополовите бракови во некои од европските земји“ (Baloban, 2001:342). Тука треба да се додаде и порастот на возраста за склопување брак и новите репродуктивни методи (Amato, 2014:8).

Некои од промените во семејството што се случиле во современото општество се и можноста за раскинување на незадоволителниот брак и поголемата сексуална слобода. Но, појавата на вработени жени надвор од домот, на пазарот на трудот, општо се смета за онаа појава која најмногу го загрозува традиционалното поимање на семејството и поделените улоги во семејството (вработен маж, жената домаќинка и таа што се грижи и ги воспитува децата) (Aracič, Nikodem, 2000:292). Во последните неколку децении дошло до промена и на други ставови поврзани со бракот и семејството, како, на пример, дека децата веќе не се гаранција за опстанок на бракот, како што тоа било многу порано. „Предбрачните интимни односи престанале да бидат табуа, а делумно како резултат на наведените промени се променил и односот на општеството кон вонбрачните раѓања“ (Новаков, 2015:25).

### 2.2. Од традиционално, до современо семејство

Во минатото, односно до втората половина на 20 век, за идеално семејство се сметала заедницата сочинета од: татко, мајка и дете или деца. Таткото ја имал улогата

на оној кој финансиски го издржувал семејството, а улогата на мајката била да се грижи за воспитувањето на децата и да се грижи за домаќинството (Fišer et al., 2006:8). Во овие семејства постоеле строго одредени и поделени машко-женски улоги, а исто така, и општествени функции, апсолутна верност, заеднички настап во јавноста, и незаменлива жртва за другиот (Nimac, 2010:29-30).

Во современото општество се настојува овој вид на семејство да се прикаже како нешто застарено бидејќи ги загрозува слободите на поединецот, што не е во согласност со напредното и модерно време. Како решение и замена за традиционалното семејство се наметнува појавата на слободни врски, а формалното семејство станало премногу нестабилно (Juul, 1995:11). Како резултат на овие промени доаѓа до појава на нови облици на семејства, меѓу кои се вбројуваат и еднородителските семејства. Обично овие семејства се однесуваат на семејствата чиј носител е самохраната мајка, но има и семејства чиј носител е самохран татко. Во современото општество жените градат кариери, се посветуваат на работата и стануваат независни и самостојни. Тоа создава услови многу жени по своја волја да одлучат да бидат самохрани мајки, наместо да се врзат во брачна врска. Исто така, сè почесто младите се одлучуваат за заеднички живот надвор од брачната заедница. Со воспоставување на заедница на одредено време со цел да се оствари заедништво, кое вклучува и сексуално заедништво, без стапување во брак, партнерите сакаат да утврдат дали се компатибилни за влез во брачна заедница (Koračević, 1999:272).

## 3. ЕДНОРОДИТЕЛСКИ СЕМЕЈСТВА

Еднородителските семејства се едни од новите видови семејства. Овој вид на семејства доживуваат голема експанзија од 70-тите години од 20 век (Новаков, 2015:10). Во споредба со минатото, денес сè повеќе има еднородителски семејства, во кои само еден родител, обично мајката, се грижи и ги воспитува децата (Brajša-Žganec i Hanzec, 2015:140). Обично еднородителските семејства се поврзуваат со самохраните мајки, но денес постојат случаи каде татковците самостојно се грижат за детето или децата (Brkić i Jovović, 2016).

Како последица на процесот на трансформација на семејството, кој е резултат на општествените промени, како: индивидуализацијата, секуларизацијата, феминизмот и еманципацијата на жените, доаѓа до значаен раст на разводите, значаен раст на вонбрачните заедници, односно избегнување на формалните брачни заедници, голем раст на вонбрачните раѓања, што резултира со раст на еднородителските семејства (Станковиќ, Пенев, 2010: 2). Како резултат на сето ова, децата сè почесто се зачнуваат „вонбрачно, а секое трето дете присуствува на свадбата на своите родители кои остануваат во заедница, не засекогаш или до крајот на животот, туку во повеќе од една третина од случаите, на неопределено време, која обично завршува со развод, по што жените завршуваат во позиција на, таканаречени, самохрани мајки“ (Рудинеско, 2012:191). Во денешно време речиси секое петто дете живее во еднородителско семејство. Во последно време, заради порастот на бројот, овој вид на семејства станале предмет на социолошко интересирање и истражување (Новаков, 2015:10).

Во светски рамки, меѓу една четвртина и една третина од сите семејства отпаѓа на еднородителските семејства. Најзначајната и највидливата промена кога е во прашање семејството во современиот свет се огледува во брзиот раст на еднородителските семејства, што е посебно присутно во развиените држави (Tomanović, 2014: 9-10).

Во европски контекст, од 15 %, до 30 % од семејствата се еднородителски семејства и процентот постојано се зголемува. Како главна причина за порастот на

еднородителските семејства во Европа се наведува порастот на бројот на разводи. Самохраните мајки доминираат во еднородителските семејства (Burić, 2007:33).

Во литературата како синоними за изразот еднородителско семејство се користат и други изрази, како, на пример: дефицитарно семејство, напуштено семејство, скратено или нецелосно семејство, загрозено семејство, семејство на самохрана мајка, вонбрачна мајка со деца, проблем семејство (Valjan-Vukić, 2009:174). Овие термини со кои се означуваат овие семејства упатуваат на одредена стигматизација. За да се избегне каква било негативна конотација, прифатени се термините „еднородителско семејство“, односно „дворoдителско семејство“, што упатува на семејната структура, т.е. дека се работи за семејство во кое постои еден или двајца родители (Милиќ, 2001:190-191).

### 3.1. Причини за настанување на еднородителските семејства

Еднородителските семејства се нарекуваат уште и нецелосни семејства бидејќи немаат стандардна структура, односно недостасува еден родител (Трипковиќ и Маринковиќ, 2001:244). Постојат повеќе причини за недостатокот на еден од родителите, односно за настанување на еднородителските семејства. За разлика од минатото, кога главна причина за настанување на овој вид на семејства била смртта на брачниот партнер, денес освен оваа причина постојат и други причини, како: развод на брак, вонбрачно раѓање, односно лична одлука на мајката да основа еднородителско семејство, напуштање на семејството, исчезнување на еден од родителите, непознато престојувалиште, отсуство на желба за ангажираност во животот на детето (Fišer et al., 2007:7). Но, постојат и други причини освен наведените, како: напуштање на семејството од страна на едниот родител, одземање на родителското право на едниот родител, издржување на затворска казна на едниот родител, отсутност заради болест, и слично (Мургашанска et al., 2017: 8).

Еднородителските семејства не се нов социјален феномен имајќи предвид дека отсекогаш постоела смртта кај еден од родителите, напуштање на семејството од страна на еден родител, постоеле разводи отсекогаш, а исто така, и вонбрачни сексуални односи и вонбрачни раѓања на деца. Некои од овие појави биле поретки, но сепак, биле присутни и во минатото. Сепак, еднородителските семејства се во фокусот на социолошкиот интерес од шеесеттите години од дваесеттиот век кога традиционалното семејство доживува трансформација со што дошло до: пораст на разводите, кохабитацијата, намалување на стапката на фертилитет, зголемување на бројот на вонбрачни раѓања и зголемување на бројот на економско активните мајки (Grozdanić, 2000).

Денес, водечка причина за порастот на еднородителските семејства е порастот на разводот на браковите и одлагањето на повторна постојана врска по разводот. Самохраните родители најчесто не се одлучуваат повторно да влезат во брачна врска. Многу самохрани родители заради обврските не наоѓаат време за барање на нов партнер. Исто така, на многу самохрани родители им е тешко да им појаснат на своите деца, па и на самите себе, дека имаат право на нова љубовна врска, па затоа не се одлучуваат на тој чекор (Grozdanić, 2000). Еднородителските семејства, без разлика на причината за настанувањето, често во јавноста се нарекуваат и нецелосни семејства (Bandalović i Šuljug Vučica, 2020).

Во современото општество, посебно во последните неколку децении, воочлива е големата трансформација на семејството како основна општествена заедница. Со промените дошло до: намалување на бројот на членовите во семејната заедница, појава на неформални вонбрачни заедници, појава на еднородителски семејства, вонбрачни деца, итн. За појавата на сите овие промени придонесуваат следните трендови кои се поврзани со конституирањето на семејството: намалување на бројот на склопени бракови, пораст на разводите, зголемување на бројот на невенчаните парови, зголемување на возраста при склопување на првиот брак, и др. (Fišer et al., 2007).

За трансформација на семејството сведочи и податокот дека во развиените европски земји меѓу 15 % и 30 % од семејства се еднородителски семејства. Раѓањето на вонбрачни деца, што несомнено влијае и на создавањето на еднородителски семејства, е во постојан пораст во развиените земји. Овој тренд е посебно присутен во северноевропските држави, во кои процентот на вонбрачно родени деца е околу 50 %. За разлика од 60-тите години од минатиот век, кога класичниот модел на семејство бил доминантен, денес структурата на домаќинствата е сè поразновидна. Тоа се должи на сè поизразитата слобода на животниот стил. Следствено на тоа, сè повеќе луѓе живеат надвор од семејната заедница, а за тоа придонесува тоа што помалку луѓе склопуваат брачна заедница, разводите се почести и сè порано се разведуваат, а по разводот сè помалку склопуваат повторен брак; наталитетот е во пад, а исто така, децата се раѓаат во поодмината возраст. Сите овие процеси поврзани за семејството продуцираат социјални ризици коишто порано биле решавани во традиционалното семејство (Puljiz i Zrinšćak, 2002).

Причините за настанување на еднородителските семејства можат да бидат различни: лично определување на мајката да биде самохран родител, смрт на еден од брачните другари, развод на бракот, вонбрачно раѓање, напуштање на семејството на

еден од родителите, долготрајно отсуство на еден од родителите од различни причини, како на пример, работен ангажман во друг град или друга земја, издржување на затворска казна, болест, и др. Всушност, семејствата во кои едниот родител долготрајно е отсутен се сметаат за еднородителски семејства според критериумите на емоционална поддршка и големината на одговорноста во воспитувањето на децата и грижата околу нив, бидејќи целиот товар паѓа само на едниот родител (Grozdanić, 2000).

Растот на разводите или разделувањата, во европски контекст, најмногу придонесува за растот на еднородителските семејства во кои доминираат жените. Причината за тоа што повеќе има самохрани мајки од самохрани татковци е што центрите за социјална грижа, по инерција, грижата за децата им ја доделуваат на мајките (Puljiz i Zrinšćak, 2002).

Интересен е фактот што во 21 век една четвртина од семејствата се еднородителски семејства. Тоа бара поголема ангажираност од општеството за создавање на подобри услови кои ќе бидат во интерес на еднородителските семејства (Пачкова, 9).

Еднородителските семејства можат да настанат од повеќе причини, како, на пример, заради: смрт на еден од сопружниците, развод на сопружниците, доколку еден од родителите престане да се грижи за своето дете или деца (Zimić, 2018).

Ќе бидат разгледани најчестите причини за настанување на еднородителските семејства. Тоа се: разводот на брак, смрт на еден од сопружниците и вонбрачно раѓање.

### 3.1.1. Развод на брак

Разводот на брак станува масовна појава, најмногу во развиените земји, а посебно во урбанизираните средини (Akrap, 1999:332). Порастот на степенот на разводи во западниот свет се должи на општиот контекст на демографската транзиција (Amato, 2014:7). Во современото општество разводот е највообичаена пракса, за разлика од минатото кога разводот не бил дозволен или бил дозволен само од одредени причини. Во минатото, многу држави не дозволувале развод. На пример, во Италија до 70-тите години од минатиот век разводот бил законски забранет. Во многу општества, во кои бракот се склопува под влијание на родители, а не со индивидуален избор, не е дозволен разводот, за да не се наруши општествениот поредок. Во минатото, разводот бил дозволен само во крајни случаи и тоа заради следните причини: неверство, грубост, неисполнување на брачните обврски и бездетност во одредени општествени средини. Најчесто при развод од наведените причини, на разведените личности не им било

дозволено повторно да стапат во брак (Милиќ, 2001:128). Дури во 60-тите години од минатиот век првпат стапил на сила закон кој дозволувал развод без горенаведените причини (Новаков, 2015:30). Од тогаш, па до денес, разводот сè повеќе е присутен во современите општества. Неподносливиот заеднички живот е најчеста причина за развод, а помал процент отпаѓа на неверството како причина за развод. Интересен е фактот дека најмногу барања за развод поднесуваат жените, за разлика од минатото (Младеновиќ, 1991:234).

Во однос на разводот постои тенденција бракот да се оценува во однос на личното задоволство што произлегува од самиот брак. Следствено на тоа, причината за зголемувањето на стапката на развод е потрагата по поголемо лично задоволство и побогат однос (Гиденс, 2003:194). Освен ова, други причини за високата стапка на разводи во современото општество се „високите очекувања што жените и мажите ги имаат од бракот и високото вреднување на бракот, изразениот индивидуализам, еманципацијата на жените и нивното масовно вработување, леснотијата на постапката за развод, како и намалувањето на стигматизацијата што некогаш ги придружуваше разведените“ (Новаков, 2015:34). Во денешно време, разведените личности сè помалку се спремни да стапат повторно во брак за разлика од порано. Затоа, денес, многумина „започнуваат живот во вонбрачна заедница или остануваат самци“ (Mendras, 2004:105).

Водечка причина за настанување на еднородителските семејства е разводот на бракот. Одлука за склопување на брак обично се донесува во фазата на заљубеност. Фазата на заљубеност се карактеризира со идеализирање од страна на двајцата партнери. Доколку не се развие зрела љубов, откако ќе заврши фазата на заљубеност, доаѓа до незадоволство и разочараност од страна на партнерите, што често пати доведува до развод на бракот (Brajša-Žganec, Lopižić i Penezić, 2014:36).

Последиците од разводот се големи за сите во семејството. Разводот делува многу на психолошката благосостојба и на родителите и на децата. Разводот делува на намалување на среќата кај разведените партнери, но влијае и на појава на депресија, намалување на самодовербата, а исто така, има влијание и врз физичкото здравје. Разводот придонесува за социјална изолација на разведените партнери, но исто така, придонесува за појава на тешкотии во одгледувањето и воспитувањето на децата, но влијае и на финансиската несигурност (Raboteg-Šarić, Pećnik i Josipović, 2003:64).

Разводот е еден од најтешките искуства што може еден поединец да ги доживее. Многу истражувања покажале дека кај разведените лица има: поголем број симптоми на депресија, поголема социјална изолација, повеќе здравствени проблеми, намалено ниво

на среќа. Имајќи ги предвид последиците кои настануваат, разводот не треба да се смета како случка, туку како процес кој трае со месеци, па и години. Многу истражувања покажале дека разведените лица имаат пониско ниво на здравје од венчаните лица. Самиот развод доведува и до други промени во животот на лицата кои се разведуваат. На пример, многумина по разводот се преселуваат и ова го прави разводот долготрајно и стресно искуство. Исто така, родителите кои го задржуваат старателството над децата, а тоа се обично мајките, често пати го доживуваат напорот на самостојното родителство. Од друга страна, родителите кои се одвоени од своите деца, обично тоа се татковците, страдаат заради одвоеноста од нив. Многу често меѓу поранешните сопружници настануваат судири околу децата и некои други прашања. Сето ова има кумулативно влијание врз менталното и физичкото здравје на разведените лица (Amato, 2014:10).

### 3.1.2. Смрт на сопружникот

Покрај разводот, вдовството е многу чест облик за прекин на брачната заедница. „Вдовството е статус на лице по смртта на брачниот другар кој не се оженил повторно. Вдовица е жена чиј сопруг умрел, а вдовец е маж чија жена умрела“ (Cicak, 2010:112). Во денешно време, смртта на еден од сопружниците е втора најголема причина за настанување на еднородителските семејства (Zimić, 2018:8). Додека во минатото, кога разводот на бракот бил многу редок, основна причина за создавањето на еднородителските семејства била смртта на сопружникот (Новаков 2015:43).

Вдовството најчесто е статус на женските лица бидејќи тие полесно го прифаќаат самечкиот живот. Вдовството кај мажите обично не трае долг период бидејќи тие за релативно пократко време после смртта на сопругата одлучуваат повторно да се оженат. Според многу студии, вдовството е многу потешко искуство за мажите отколку за жените, па мажите спасот го наоѓаат во нов брак (Schaie, Willis, 2001:38). Интересен е и фактот дека после смртта на сопружникот, жените повеќе се подготвени да примат помош и поддршка од најблиските или пријателите за разлика од мажите, кои не се подготвени да ја признаат потребата за помош и поддршка и не се активни во барањето или прифаќањето на помош и поддршка од други (Arambašić, 2008:252-253).

Смртта предизвикува голема емотивна болка и тага на сите во семејството (Zimić, 2018:8). Постојат четири фази низ кои поминуваат членовите од семејството на починатата личност во соочување  со тагата: шок, негирање, дезорганизација и реорганизација (Grozdanić, 2000:176).

Смртта на сопружникот сама по себе е длабоко трауматско искуство за сопружникот кој останува жив. Тоа се вбројува меѓу најстресните животни искуства. Ова многу влијае на улогата на родител кај вдовецот или вдовицата (Goldner-Vukov, 1988:49). Исто така, смртта на сопружникот придонесува за појава на: чувство на осаменост, влошување на здравјето, појава на депресија (Cicak, 2010:113).

Многу истражувања, чиј фокус биле семејствата во кои починал еден родител, покажале дека таквите еднородителски семејства се посебно ранливи. Покрај тоа што треба да помине низ процесот на тагување, родителот кој е жив, исто така, мора да се прилагоди на новата улога на самохран родител, а во исто време, да биде поддршка на своите деца за да можат полесно да го пребродат процесот на тагување. Некои истражувања укажуваат на тоа дека на татковците им е потешко да се прилагодат на новата ситуација во однос на самохраните мајки (Jovović i Širanović, 2022:27).

Од друга страна, загубата на еден од родителите претставува голем стрес и трауматско искуство и за децата и може негативно да влијае на нивниот психосоцијален развој. Смртта на еден од родителите создава нова ситуација, односно семејството се трансформира во еднородителско семејство со сите предизвици што ги носи новата настаната ситуација. Исто така, постои ризик кај децата за развој на: депресија, анксиозност и низок училиштен и академски успех. (Jovović i Širanović, 2022:27).

### 3.1.3. Вонбрачно раѓање

Во минатото, кога преовладувало традиционалното сфаќање на бракот и семејството, тешко се прифаќало вонбрачното раѓање. Причината за тоа е што раѓањето на деца секогаш тесно се поврзувало со бракот. Еднородителството со вонбрачно дете била ретка појава во минатото, а општествената средина го осудувала. Многу често, мајката и детето биле стигматизирани и ги казнувале или ги прогонувале бидејќи сметале дека се причина за многу зла и неволји. Животот на самохраната мајка и нејзиното вонбрачно дете бил многу тежок (Новаков, 2015:56-58, 60).

Една од главните причини за сè почестите вонбрачни раѓања се бројните промени во врска со бракот и семејството кои посебен замав земаат од 70-тите години од минатиот век. Имено, „дошло до прекин помеѓу сексуалноста и прокреацијата, а потоа и помеѓу сексуалноста и стапувањето во брак“ (Segalan, 2009:175). Раздвојувањето на првите сексуални односи и стапувањето во брак довело до огромен раст во вонбрачните сексуални односи со текот на годините. Старосната граница на стапување во првите сексуални односи, посебно за жените, сè повеќе се спуштала. (Segalan, 2009:174). Брзиот

пораст на бројот на вонбрачни деца во последните педесет години во Европа е најдобриот показател за трансформација на брачниот живот, која започнала во 70-тите години од минатиот век (Мендрас, 2004:96).

Според истражувањата, кохабитацијата е главната причина за зголемениот раст на вонбрачните раѓања посебно во западните општества (Станковиќ; Пенев, 2010:3). Во денешно време, бројот на вонбрачни раѓања е поголем за разлика од минатото, а исто така, и правата што ги уживаат вонбрачните деца и нивните мајки се многу поголеми. Денес, сѐ поголем број мајки раѓаат вонбрачно, а тоа се должи на сѐ поголемиот раст на вонбрачните заедници (Новаков, 2015:61).

Статистиката потврдува дека вонбрачните раѓања се во пораст. Најчесто вонбрачните раѓања се случуваат во рамките на вонбрачните заедници, т.е. кохабитацијата. Обично вонбрачните партнери својата заедница ја гледаат како предбрачен заеднички живот, односно „брачна проба" и е практикувана од помладата популација. Доколку врската на кохабитација после раѓањето на детето не прерасне во брачна врска, постои голема веројатност дека ќе дојде до нејзин прекин. На тој начин, многу вакви врски прераснуваат во еднородителски семејства. Вонбрачните раѓања често пати се сконцентрирани меѓу пониските социјални слоеви. Обично овие самохрани мајки се со ниско образование што, следствено на ова, може да доведе до негативен исход во: социјалната, емоционалната и економската сфера. Сето ова доведува до многу низок економски статус на овие еднородителски семејства (Stanković, 2014:56).

Според истражувањата, вонбрачното раѓање на дете влијае врз стабилноста на врската, односно бракот. Браковите кои се склучени после вонбрачното раѓање на детето не се многу стабилни, за разлика од браковите кои се склучени пред зачнувањето и раѓањето на дете (Čudina-Obradović; Obradović, 2006: 547-548). Тоа е причината зошто тие бракови брзо се распаѓаат, па на тој начин се формираат еднородителски семејства сочинети од мајката и вонбрачно роденото дете.

Во минатото, немажените мајки биле: млади, сиромашни, со ниско образование, имале непосакувана бременост во адолесценцијата. Денес, многу образовани и добро ситуирани мајки по свој избор стануваат самохрани мајки. Трендот жените по своја волја да станат самохрани мајки е многу повеќе присутен од осумдесеттите години од дваесеттиот век. Обично тоа се жени кои се добро ситуирани, сакаат да имаат дете, при тоа не можат да се одлучат за живот со партнер, времето за репродукција одминува. Има многу такви жени кои се одлучуваат за самостојно мајчинство со поддршка од

семејството и пријателите или со поддршка од социјалните служби кои поттикнуваат усвојување на деца од страна на жени кои се одлучуваат за самохрано родителство (Grozdanić, 2000:64).

Многу самохрани мајки одлучуваат по своја волја да основаат еднородителско семејство со еден од методите што ги овозможува модерната медицина, како, на пример, со методот на хетерологна инсеминација, т.е. оплодување од страна на непознат донатор и со методот на асистирана прокреација, во кој спаѓа и сурогат мајчинството. Преку овие методи се создава простор за развивање не само на „генетски“, туку и на „социјални“ родители. Бидејќи овие нови репродуктивни технологии се многу скапи, одлука да основаат еднородителско семејство со нивна примена донесуваат добро ситуираните и економско независните жени (Новаков, 2015:63).

Намерното родителство без брачен другар е во постојан раст. Во овој случај детето е сакано и планирано, но лошата страна е што е оставено без таткова грижа. Мајката нема желба да има каков било однос со таткото, но детето има потреба од својот татко. Затоа, одлуката да се основа семејство на овој начин се смета за себичен и неправеден чин кон детето (Младеновиќ, 1991:267-268).

За разлика од намерното родителство, многу почести се случаите на непланираното родителство, т.е. на наметнатото вонбрачно мајчинство. Обично мајките се малолетнички. Многу од малолетничките кои зачнале непланирано, се одлучуваат да абортираат. И покрај тоа што живееме во време кога постојат многу ефикасни контрацептивни средства кои се достапни за сите, загрижувачки е што бројот на наметнатото вонбрачно мајчинство е во постојан пораст, а исто така, и на абортуси (Новаков, 2015: 64).

Некои девојки ја користат вонбрачната бременост како начин за себеказнување за сексуалниот чин што им создава чувство на вина. Не само себе, туку често пати на овој начин сакат да го казнат и сексуалниот партнер, со кој забремениле, за неговото „непристојно однесување“. Чувството на вина заради сексуалните односи сакаат да го анулираат со статусот на вонбрачна трудница, што создава уште поголемо чувство на вина, што води кон втора и трета бременост. Од друга страна, раѓањето на вонбрачното дете често пати се користи за пополнување на емотивната празнина на мајката во отсуство на добриот однос и интеракција со пријателите или најблиските (Капор-Стануловиќ, 1985:40). Млади мајки, мајки со многу деца, жени со многу ниско образование, мајки кои немаат сопруг и оние кои се развеле, се категории на жени кои имаат тенденција да имаат најмногу несакана бременост (Капор-Стануловиќ, 1985:146).

Често пати раѓањето на вонбрачно дете може да се искористи како средство за здобивање со одредена материјална или нематеријална добивка. „Примери за нездрави и понекогаш патолошки (но, по правило, патогени) причини заради кои може да се посакува дете, се следните: да се добие паричен надоместок на пример социјална помош, или наследство; да се присили партнерот да стапи во брак, да се „спаси" или да се зацврсти бракот кој е во распаѓање со помош на детето; да се задоволи силната потреба за зависност на еден од родителите; натпреварување со родителите од ист пол во смисла на тој родител да му се покаже дека и нивното сега веќе возрасно дете е навистина возрасно и способно и самото да биде родител" (Капор-Стануловиќ, 1985:147).

### 3.2. Поделба на еднородителските семејства

Постојат повеќе начини за поделба на еднородителските семејства. Едниот начин е според тоа кој родител со детето го сочинува семејството. Во овој случај еднородителските семејства се делат на:

- еднородителски семејства со мајка и
- еднородителски семејства со татко.

Еднородителските семејства со мајка обично се неспоредливо побројни (Новаков, 2015:27).

Според начинот на создавање на еднородителските семејства, тие можат да се поделат на семејства кои се создадени по:

- сопствен избор или волја и
- наметната ситуација или околности.

Кога станува збор за создавање на еднородителско семејство по сопствен избор или сопствена волја, обично жените се одлучуваат на тој чекор. Причините можат да бидат најразлични, но обично се одлучуваат на тој чекор првенствено „заради временскиот лимит на биолошката репродукција" (Ibid.).

Многу жени стануваат самохрани мајки, вонбрачно, по пат на адопција и преку хетерологна инсеминација. Станувањето на самохрана мајка по пат на хетерологна инсеминација обично се одлучуваат економски независните жени бидејќи станува збор за скапа медицинска репродуктивна технологија. Освен што постојат случаи кога самохраното мајчинство е планиран чин, постојат и случаи во кои некои жени непlibrански стануваат самохрани мајки. Постои и наметнато и непланско вонбрачно мајчинство, кое може да создаде многу проблеми. Ова посебно се случува меѓу малолетниците (Ibid., 27-28).

Постои поделба меѓу еднородителските семејства и врз основа на тоа дали од самиот почеток биле еднородителски или станале со текот на времето. Според ова, луѓето кои се во брак може да станат самохрани родители заради:

- развод на брак,
- разделба (физичко разделување на сопружниците) и
- смрт на сопружникот.

Разлика може да се направи и меѓу самохраните родители кои никогаш не биле во брак. Може да се поделат на оние кои живееле и оние кои не живееле со другиот родителот на детето во моментот кога тоа е родено (Ibid., 28).

## 4. САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ

Во однос на структурата на семејството, семејствата може да се поделат на двородителско семејство и еднородителско семејство. Во двородителското семејство детето (или децата) живее со двајца родители, односно: мајката, таткото и нивните биолошки или посвоени деца, а во еднородителското семејство детето (или децата) живее само со еден родител (најчесто мајката). Во еднородителските семејства едниот родител е надвор од семејните рамки, а другиот родител сам треба повторно да го организира семејниот живот, односно да создаде нов начин на семеен живот и сам да извршува бројни задачи. Според тоа, самохрани родители се оние родители кои самостојно, без друг родител, се грижат за детето (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:8).

Според стручната литература, синоними за еднородителските семејства се изразите: напуштени, некомплетни или нецелосни семејства. Еднородителските семејства се семејства во кои едниот родител е: починат, разведен, исчезнат, или на едниот родител му е одземено правото на грижа за детето, не е во состојба да биде во работен однос, на лекување е или едноставно се работи за вонбрачно семејство. На самохраниот родител му се наметнува задача да го реорганизира животот во семејството и да ја преземе улогата на другиот родител кој веќе не е дел од семејството (Zimić, 2008:5).

Постојат повеќе дефиниции за тоа што значи терминот „самохран родител“, но битно е да се дефинира што се подразбира под терминот „самохран“. Овој термин може да има повеќе значења, и тоа: еден родител, родител без брачен партнер, родител кој живее сам, самостоен, осамен, препуштен сам на себе, невенчан (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:6).

Родителството само по себе подразбира голема одговорност, но носи и големи предизвици. Секој родител се труди потребите на своето дете да ги стави пред своите и животот и целокупниот развој на детето да го направи: поубав, подобар и поедноставен (Gluščić J., Pustaj M., 2008). Самохраното родителство претставува посебен предизвик

бидејќи грижата и воспитувањето на детето во овој случај е одговорност само на еден родител.

### 4.1. Самохрани мајки

Отсекогаш грижата за децата се поврзувала многу повеќе со мајката отколку со таткото, па за општествената средина поприфатени се самохраните мајки отколку самохраните татковци (Brajša, 1995:18). Општо е прифатено дека мајките се тие што повеќе се грижат за децата, отколку татковците. Оттука, кога некоја мајка ќе остане без својот партнер заради смрт или развод, природно е да се прифати дека мајката треба да се грижи за своите деца (Zimić, 2018:12).

За разлика од порано, жените во современото општество сè повеќе се самостојни и повеќе се подготвени на развод доколку имаат лош брак. По разводот, очекувано е грижата за децата да ја преземе мајката. По разводот повеќе од 90 % од децата остануваат да живеат со своите мајки (Bujišić, 2005:57). Од друга страна, во современото општество, сè поголем број жени се ситуирани и успешни, па сами се одлучуваат да родат вонбрачно дете и да станат самохрани мајки. Општествената околина полека зазема позитивен став кон овие мајки, што влијае и на ставот на најблиските, а тоа влијае и на задоволството на самите мајки (Miljević-Riđički i Pavin Ivanec, 2008:562).

Според некои истражувања, не постојат разлики во родителската самоефикасност и доживувањето на родителството меѓу мајките од еднородителските и мајките од дводородителските семејства, но утврдено е дека улогата на самохраните мајки е понапорна и потешка за разлика од мајките од дводородителските семејства (Brajša-Žganec, Lopižić i Penezić, 2014:69). Според друго истражување, чија цел била да се истражи психолошкиот аспект на самохраното родителство, самохраните мајки и мајките од дводородителските семејства подеднакво се свесни за сопствените и детските негативни емоции и подеднакво постапуваат кон негативните емоции на своите деца, како што се тага и лутење (Brajša-Žganec i Hanec, 2015:145). Од друга страна, кај самохраните мајки депресијата е повеќе присутна, за разлика од мајките од дводородителските семејства, но и нивото на психолошко функционирање е на пониско ниво кај самохраните мајки, за разлика од мајките што се во брак (Miljević-Riđički i Pavin Ivanec, 2008:562).

Генерално гледано, самохраните мајки имаат повеќе економски тешкотии, но постои разлика меѓу вдовиците и разведените мајки. Вдовиците се во поповолна

позиција кога е во прашање станбеното прашање и финансиската помош што им ја пружаат родителите на починатиот сопруг (Miljević-Riđički i Pavin Ivanec, 2008:556).

Многу истражувања покажуваат дека улогата на самохран родител е потешка за мајките, отколку за татковците. Самохраните мајки се соочуваат со: пониско образование, слабо платени работни позиции и помало работно искуство (Tomanović, 2014:20). Од друга страна, за разлика од самохраните татковци, тие се многу повеќе оптоварени кога се во прашање обврските околу домот и грижата и воспитувањето на децата (Томановиќ et al., 2014:221).

### 4.2. Самохрани татковци

Во минатото, улогата на таткото била да го прехранува семејството, а мајките да се грижат за воспитување на децата и домаќинството. Во современото општество дошло до промена со тоа што најчесто и татковците и мајките се во работен однос, па и улогите се изедначиле и обврските во домаќинството подеднакво се делат меѓу мажот и жената. Но, и покрај овие промени, самохраните татковци не се прифатени во општеството бидејќи сè уште се провлекува мислата дека должноста на мајките е грижа и воспитување на децата (Brajša, 1995:43). Имајќи го ова предвид, постојат одредени стереотипи поврзани со самохраните татковци, како, на пример: дека тие ги запоставуваат своите деца бидејќи премногу работат; дека се емотивно дистанцирани од своите деца; дека се бесчувствителни авторитети; дека не можат да менуваат пелени; дека татковците се како деца за кои треба нивната жена да се грижи за нив како што тоа го прави со децата, итн. Доколку татко стане самохран родител, заради развод или смрт на сопругата, на самохраниот татко му се наметнуваат многу повеќе одговорности за разлика од самохраните мајки. Тоа е така бидејќи општественото мислење е дека мајките имаат вроден мајчински инстинкт, а татковците го немаат. Од друга страна, многу истражувања покажуваат дека мајките се многу повеќе емотивно поврзани со децата, за разлика од татковците, па затоа татковците се гледаат како секундарни родители (Berkman, 2008:19).

Можеби причината што кога станува збор за самохраното родителство обично се мисли и се зборува за самохраните мајки отколку за самохраните татковци, лежи во фактот што поголемиот процент од самохраните родители паѓа на мајките. Самохраните татковци претставуваат општествена група која, обично, е занемарена. Тие самите за себе зборуваат дека се чувствуваат социјално изолирани и невидливи во општеството бидејќи главниот фокус се става на самохраните мајки. Дури и при бракоразводните

парници во 97 % од случаите децата се доделуваат на мајките (Jovović, Širanović, 2022:20).

Иако во повеќето држави пред законот и таткото и мајката имаат исти обврски и права како родители, на мајките им се признаваат поголеми можности и поголеми способности за воспитување и грижа околу детето. Затоа, во најголем број случаи со одлука при бракоразводна постапка на судот старателството им се доделува на мајките, со тоа што на таткото му се определува време коешто може да го помине со детето. На тој начин, на таткото му се скратува голем дел од времето што може да го поминува со детето и со тоа настанува голема меѓусебна диспропорција, иако според закон и двајцата родители се во рамноправна положба (Jovović, Širanović, 2022:29).

Сепак, во последните децении уделот на еднородителските семејства во кои таткото е родителот што се грижи за децата е во пораст. За разлика од самохраните мајки, многу малку истражувања се спроведени за самохраните татковци, па недостасуваат: податоци за нив, нивните потреби, тешкотиите со кои се соочуваат, нивното здравје, итн. Тоа упатува на фактот дека тие се занемарена и недоволно истражена популација (Jovović, Širanović, 2022:23).

Постојат два начина на пристап кон одговорноста од страна на татковците. Првиот е неволно прифаќање на одговорностите и обврските, а вториот е прифаќање на одговорностите со позитивен и проактивен став (Cooper, 2008:26). Не само што на татковците им е тешко да ја прифатат улогата на самохрани родители, туку и општеството потешко ги прифаќа, па затоа и често пати се позанемарени, за разлика од самохраните мајки (Fišer et al., 2007:79).

Еден од проблемите со кои се соочуваат самохраните родители е претераната загриженост во однос на грижата и воспитувањето на детето (Hurtsel, 2012:7). Претераната загриженост многу влијае на намалувањето на самодовербата на самохраните татковци, а како последица на тоа тие се повлекуваат во себе и ништо не прават за децата и нивниот однос со децата е резервиран. Тоа е одбранбен механизам од правење на нови грешки. Треба да се има предвид дека мажите својата љубов и грижа кон семејството ја искажуваат преку обезбедување на финансии и материјални добра, така што во принцип не се снаоѓаат најдобро во другите аспекти на грижата и воспитувањето на децата (Brott, 1997:27). Една од најголемите грижи на самохраните татковци е грижата за ќерките, т.е. децата од спротивниот пол. Татковците не се во можност да развијат длабок емотивен однос со ќерките како што тоа го прават мајките (Raboteg-Šarić, Pećnik i Josipović, 2003:45).

Татковците кои не биле доволно вклучени во секојдневната грижа за децата, по разводот или смртта на сопругата, потешко се снаоѓаат во грижата за децата. „Најтешка задача во првите денови како самохрани родители е нив и на децата да не им биде заморно и досадно додека се заедно“ (Wallestrein, Blakaslee, 2006:53).

Според истражувањата, самохраните татковци се чувствуваат позапоставени од самохраните мајки бидејќи општествената заедница е повеќе наклонета да се занимава со проблемите на самохраните мајки и да им помага. Самохраните татковци многу тешко се соочуваат со тешкото чувство на осаменост и секојдневните грижи. Соодветно на тоа, тие брзо ја увидуваат потребата од присуство на женска личност во семејството, па обично многу брзо се одлучуваат да склопат повторно брак (Raboteg-Šarić, Pećnik i Josipović, 2003:47).

Самохраните татковци многу често се соочуваат со предрасуди од околината, а се изложени и на осудување и исмејување, што им ја отежнува нивната улога. Во нуклеусното семејство таткото има своја улога, но во еднородителските семејства самохраните татковци го прилагодуваат своето однесување и активности за да ги задоволат потребите на детето, со цел, исто така, да ја преземат и улогата којашто мајката ја имала во нуклеусното семејство. И покрај тоа, во општествената заедница постојат општествено и културно одредени полови улоги кои тешко се менуваат, па на тој начин самохраните татковци ги рушат општоприфатените стереотипи во општеството (Čudina-Obradović, Obradović, 2006:56).

Кога е во прашање економската состојба, самохраните татковци, во споредба со самохраните мајки, се во поповолна економска состојба. Меѓутоа, оние татковци коишто живеат во проширени семејства се во позагрозена економска состојба, за разлика од самохраните мајки коишто живеат во проширени семејства (Томановиќ, Љубичиќ, Станојевиќ, 2014:53-62).

Обично предизвиците со кои се соочуваат самохраните татковци не се разликуваат многу од предизвиците на самохраните мајки. Но, постојат и разлики. Самохраните татковци, за разлика од самохраните мајки, имаат повисок економско-социјален статус. Самохраните татковци покажале помалку негативни чувства и ставови кон своето родителство, во споредба со самохраните мајки. Кога станува збор за грижата околу детето, статистички не постои значајна разлика во споредба со грижата што ја пружаат самохраните мајки. Според едно истражување што се спроведувало единаесет години и се истражувани нивните здравствени и животни навики, резултатите покажале дека тие имаат поголем ризик од смртност, во споредба со самохраните татковци и

татковците од нуклеусните семејства. Исто така веројатноста да развијат склоност кон алкохолизмот е многу поголема кај нив, во споредба со другите групи на родители. Често пати причината за доделување на старателството на таткото се здравствени или психички тешкотии на мајката, а тоа е додатен извор на стрес на самохраниот татко (Jovović, Širanović, 2022:25).

Дека самохраното родителство делува негативно врз здравјето на самохраните татковци покажува едно истражување со кое биле опфатени самохраните татковци вдовци. Според ова истражување, 65 % од нив покажале значајни симптоми на клиничка депресија и висок ниво на стрес поврзан со родителската улога. Тоа покажува дека самохраното родителство им претставува извор на висок стрес (Jovović, Širanović, 2022:25).

# 5. ПРЕДИЗВИЦИ И ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ

„Зголемувањето и преваленцата (распространетоста) на семејствата на чело со еден родител има големо влијание врз: социјалниот, економскиот и политичкиот контекст на семејниот живот“ (Мургашанска et al., 2017:8). Но, најголемите последици ги трпат самите самохрани родители. Товарот е огромен бидејќи го носат сами во отсуство на другиот родител.

Проблемите со кои се соочуваат самохраните родители се многубројни: финансиски тешкотии, исцрпеност, прекумерна работа, постојан умор, постојан стрес, стереотипите и негативната перцепција кон нив од страна на другите. Товарот на воспитувањето и грижата за детето или децата е огромен за самохраните родители бидејќи немаат на кого да ја префрлат одговорноста. Со сите тие проблеми се соочуваат сами без да имаат со кого да ја поделат одговорноста и грижите. Други проблеми со кои се соочуваат се: нерешеното станбено прашање, упис на детето во градинка или училиште, чувство на промашеност и уште многу други грижи и проблеми (Raboteg-Šarić et al., 2003:27).

Споредбената анализа во рамки на истражувањето спроведено во Србија во 2010/2011 година покажала дека контекстот на секојдневниот живот во еднородителските семејства е многу посложен и попроблематичен во споредба со родителството во дволродителските семејства. Тоа е резултат на неповолната општествена положба на самохраните родители. Но, исто така, дел од проблемите потекнуваат и од специфичните ситуации кои се поврзани процесот на настанувањето на еднородителските семејства (Tomanović, 2014:118).

## 5.1. Негативните ставови и стереотипите за самохраните родители

Резултатите од многу истражувања покажуваат дека постојат многу стереотипи поврзани за семејството, односно нејзината структура. Нуклеусните семејства обично се сметаат за „нормални“ семејства, односно функционални, додека за сите други семејни структури постои стереотип дека се „ненормални“, односно дисфункционални. Според

истражувањата, постојат стереотипи за лицата кои растеле во еднородителски семејства, кои не се перципираат толку позитивно, за разлика од лицата кои растеле во дводородителски семејства. Стереотипи постојат и за разведените мајки, за кои постои перцепција дека се неуспешни во однос на семејниот живот, за разлика од мајките од нуклеусните семејства кои се перципираат позитивно. Невенчаните мајки се сметаат за девијантни и неспособни да ги задоволат барањата за родителство, семејните односи и животот воопшто. Општествената перцепција за разведените родители е дека тие имале лоши семејни односи и слаби родителски вештини, па следствено на тоа, се доживуваат како: неодговорни, себични и нетрпеливи кон другите (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:6-7).

Резултатите од многу истражувања, за јавната перцепција кон самохраните родители, покажуваат дека негативните ставови и стереотипи кон нив многу негативно им влијае во однос на воспоставувањето на кредибилитетот како родители, односно тие самите изградуваат негативна перцепција за себе во однос на нивниот статус како родители. Ова негативно се одразува и на процената на семејните односи во рамките на еднородилското семејство (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:5).

Според истражувањето спроведено во Хрватска во 2007 година, во хрватското општество постојат голем број предрасуди кон самохраните родители, посебно кон разведените лица, а посебно изразени предрасуди постоеле кон самохраните мајки коишто родиле вонбрачни деца. Сите овие лица биле изложени на: осуда, потценување и исмејување од другите. Стереотипите кон самохраните мајки довеле и до стигматизација на нивните деца. Ваквата општествена перцепција на самохраните родители, посебно на самохраните мајки, резултира со чувство на нивна маргинализација во општеството (Fišer et al., 2007:18).

Друго истражување кое е направено неколку години подоцна, исто така во Република Хрватска, ги потврдува резултатите од претходното истражување. Резултатите посочуваат дека, сепак, постои разлика во општествената перцепција на различни видови самохрани родители. Според добиените резултати, постои разлика во перцепцијата на општествената заедница во однос на тоа на кој начин некој родител станал самохран и во однос на полот. Ставот на општествената заедница кон родителите кои станале самохрани заради смрт на нивниот брачен другар, донекаде е позитивен бидејќи постои разбирање за вдовиците и вдовците, додека ставот е негативен кон разведените или неженетите татковци, а посебно кон разведените или неомажените мајки. Прилично негативен став постои кон мајките кои самоволно се одлучиле на самохрано родителство или родиле вонбрачно. Тие наидуваат на неразбирање и

неодобрување од општествената заедница. Кон мајките кои имаат вонбрачно дете, општествениот став е најнеповолен. Резултатите од квалитативното истражување спроведено на 97 самохрани родители, укажуваат на тоа дека секој десетти родител како најголема тешкотија го навел неразбирањето и негативните ставови од општествената заедница кон самохраните родители, што вклучува: осуда, потсмев, потценување, огорченост или одбивање да се обезбеди поддршка. Дваесет проценти од самохраните родители се соочиле со негативни ставови на пазарот на трудот. Децата од еднородителските семејства најчесто се стигматизирани бидејќи преовладува мислењето дека растењето без еден родител влијае врз секој аспект на развојот на децата од еднородителските семејства (Raboteg-Šarić, Poćnik, 2010:5-25).

Општо земено, самохраните мајки се соочени со стигматизација и ниска општествена легитимација, што поприлично им го отежнува животот (Томановиќ et al. 2014:221). И самохраните татковци се соочени со многу стереотипи. Причината е во тоа што општествената заедница улогата на таткото ја согледува во издржување на семејството, а не во воспитување на децата (Berkmann, 2008,39). Исто така, општествената перцепција на самохраните татковци е дека во однос на самохраните мајки тие се: помалку грижливи, дека имаат неразвиени социјални вештини и лоши семејни односи (Grozdanić, 2000:64).

Негативните стереотипи кон самохраните родители имаат пошироко дејство. Тие може негативно да се одразат и на нивните деца. Генерално гледано, членовите од еднородителските семејства, вклучувајќи ги и децата, се предмет на дискриминација врз основа на семеен статус, а искуството покажува дека тоа им го ограничува нивниот пристап до добра и услуги (Пачкова, 2020:9).

Предрасудите особено се изразени кон разведените родители и мајките кои родиле вонбрачно дете. Тоа често доведува до нивно: осудување, потценување, исмејување и одбивање да им се пружи помош и поддршка. Ваквата тешка ситуација резултира со посегнување по алкохол и наркотици од страна на самохраните родители, како бегство од проблемите со кои се соочуваат. Тоа доведува до запоставување на децата. Алкохолот и наркотиците водат кон депресивно расположение и кон потенцијално агресивно однесување, чии последици обично ги трпат децата. Ваквата ситуација има долгорочни последици имајќи предвид дека децата учат по модел, а родителите не се веродостојни модели (Fišer i dr., 2007:8).

## 5.2. Економско-социјалните (не)прилики на самохраните родители и нивните семејства

Најголемите проблеми со кои се соочуваат еднородителските семејства во светски рамки, се сиромаштијата и нерешеното станбено прашање. Многу истражувања потврдиле дека еднородителските семејства се најсиромашната демографска група. Причините за ова се: слабо платените работни позиции на самохраните родители или нивната невработеност, малите или нередовни алиментации од другиот родител и неадекватната државна поддршка. Сето ова нивниот секојдневен живот го прави многу тежок (Tomanović, 2014:17).

Неповолната општествената положба на еднородителските семејства се манифестира преку: лошата материјална ситуација, ниските приходи и лошата позиција на пазарот на трудот. Освен ова, културната партиципација е на многу ниско ниво кај еднородителските семејства (Томановиќ et al., 2014:79). Според едно истражување, спроведено во Хрватска, утврдено е дека, за разлика од двородителските семејства, еднородителските семејства имаат: значително помали вкупни месечни приходи, понизок степен на постојано вработување, изложени се на поголем економски стрес заради недостаток на финансии (Pećnik, Raboteg-Šarić, 2004:5).

Економската ситуација на самохраните родители е голем товар за нив, бидејќи една плата сигурно не може да ги покрие сите месечни трошоци на семејството. Самохраните родители се наоѓаат во тешка положба и при вработување, бидејќи многу работодавачи не сакаат да вработат самохрани родители имајќи предвид дека самохраните родители тешко ги балансираат работата и приватниот живот (Fišer et al., 2007:17). Истражувањата покажуваат дека еднородителските семејства имаат петпати поголема веројатност да живеат во сиромаштво, за разлика од двородителските семејства. Ова посебно се однесува за еднородителските семејства сочинети од самохрана мајка и деца (Galić et al., 2022:325).

Семејствата коишто настанале по развод, се одликуваат со: „ниска професионална, социјална и економска положба, што се рефлектира и со ниска просечна заработка, низок приход по член на семејството, лоши услови за домување, пренаселени станови или голем број издржувани лица“. Според истражувањата во најнеповолна положба во однос на материјалните прилики се наоѓаат самохраните разведените мајки и мајките кои живеат разведено без судски развод. Вдовиците, за разлика од претходно спомнатите категории, се наоѓаат во поповолна положба (Piórkowska-Petrović, 1990:37-38).

Еднородителските семејства се многу кревки, посебно во случај на губење на работа или сериозна болест на самохраниот родител. Тоа може да доведе до целосно распаѓање на семејството. Постои голем ризик од социјална изолација на еднородителските семејства бидејќи самохраниот родител е првенствено ориентиран кон обезбедување на финансиски средства за животот на семејството и целодневна грижа за децата. Според едно истражување, спроведено во Хрватска, 25 % од самохраните родители се чувствуваат исклучени од општествената заедница, а често пати се чувствуваат како предмет на: исклучување, обвинување и омаловажување (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:7).

Во Република Србија, во 2010 и 2011 година, спроведено е истражување на примерок од 855 испитаници. Врз основа на истражувањето се утврдило дека основните карактеристики на еднородителските семејства биле многу неповолни. Самохраните родители, вклучувајќи ги и мајките и татковците, имале полоша позиција на пазарот на трудот. Нивниот просечен приход по член на домаќинството, во споредба со дводородителски семејства, бил помал, што е за очекување. Севкупната материјална состојба на еднородителските семејства била полоша. Заради лошата економска ситуација имале повисок степен на зависност од формални и неформални мрежи за поддршка (но и повисок степен на исклучување од истите). Исто така, имале поголем степен на зависност и од мрежи за размена кои се во функција на примање помош многу повеќе отколку давање. Кај самохраните родители поприсутно било чувството на осаменост. Кај нив биле повеќе изразени финансиските потреби. Изразена била голема потреба од поддршка од државните институции и од неформални мрежи на поддршка. Исто така, се појавила потреба од позначајно трошење на ресурси за благосостојбата на децата (Stanojević, 2014:82).

Резултатите од ова истражување покажувале дека од сите категории на самохрани родители, во најнезавидна положба биле невенчаните мајки. На скалите со кои е мерена социјалната положба на самохраните родители, невенчаните мајки најчесто ги заземале најниските позиции. Многу мал бил бројот на невенчани мајки коишто биле на највисоките позиции. Најголем дел од нив имале статус на невработени, затоа најчесто биле финансиски зависни. Имајќи го предвид претходно кажаното, нивните лични приходи во просек биле помали од другите самохрани родители. Поради нивната тешка материјална состојба тие биле принудени да живеат во проширени домаќинства. За очекување е, што и истражувањето го покажало, дека ситуацијата со станбеното прашање била многу полоша во однос на другите самохрани родители. Исто така, и

опременоста на домаќинството во просек била многу полоша во однос на другите. Во однос на поседување автомобил, резултатите покажале дека само една третина од невенчаните мајки го поседувале. Најлоша образовна структура и најниски образовни аспирации за нивните деца биле евидентирани токму кај невенчаните мајки. Кај оваа категорија на самохрани родители, социјалните мрежи на поддршка биле помалку развиени. Ако и институционалната поддршка не била на задоволително ниво, во тој случај невенчаните мајки често биле препуштани сами на себе (Ibid.).

Тешката економска ситуација со настанувањето на еднородителските семејства додатно е отежната со отсуството на системско решение и ригидните бирократски процедури за добивање на помош и поддршка од државните институции. Самохраните родители многу често се соочуваат со проблеми околу редовната исплата на алиментацијата. Исто така, имаат и проблеми со остварување на правата на семејната пензија. Бирократските пречки за остварување на законските права додатно ги усложнуваат неприликите на самохраните родители. За да се справат со тешката економска ситуација, самохраните родители обично работат дополнително, што им создава проблем во однос на усогласување на работното време и времето за домашните обврски и грижата за децата, што треба сами да ги извршат. Сето тоа доведува до умор и психофизичка оптовареност кај самохраниот родител (Tomanović, 2014:118).

Повеќе истражувања покажуваат дека многу самохрани родители не се во можност да се вработат, па се принудени да примаат социјална помош. Во некои држави, од вкупните приматели на социјална помош повеќе од 10 % отпаѓаат на самохраните родители. Многумина, покрај тоа што не се вработени, се соочуваат и со: недостаток на социјална поддршка од пријатели или соседи, недоволна свесност за законските права, како и за организациите кои нудат помош на таквите семејства. Во 2006 година е спроведено истражување за социјалната исклученост на самохраните родители во Хрватска, на примерок од 8.534 испитаници. Истражувањето било спроведено од Програмската канцеларија на Обединетите Нации за развој. Резултатите од истражувањето покажале дека самохраните родители многу тешко можат да ги задоволат основните потреби на своите семејства кои се составен дел од квалитетниот живот. Според добиените податоци: повеќе од 15 % од еднородителските семејствата не можеле да си дозволат греење; 40 % од нив не можеле да си дозволат автомобил; дури 73,3 % од самохраните родители не можеле на своето семејство да му обезбеди еднонеделен одмор надвор од домот (Burić, 2007:34).

Иако веќе е посочено, но треба да се нагласи дека родовата димензија е важна да се земе предвид, бидејќи самохраните мајки се недвосмислено повеќе пооптоварени од самохраните татковци кои примаат помош и поддршка од нивните женски роднини. Со проблемот на недоволни финансии многу повеќе се погодени невенчаните мајки и родителите чиј сопружник починал. Истражувањата во Република Србија покажале дека нивната општествена и материјална положба е многу полоша од положбата на разведените самохрани родители (Ibid.,119). Во еднородителските семејства обично мајката е таа што води грижа за семејството, па во литературата често пати се спомнува терминот „феминизирање на сиромаштијата“. Всушност, овој термин се однесува на појавата жените коишто се столбот на еднородителските семејства, за разлика од мажите, се во поголем ризик да станат сиромашни, па дури и во развиените земји. Според расположливите податоци во литературата, ризикот на еднородителските семејства да станат сиромашни е натпросечен во речиси сите европски држави, па дури и во високоразвиените. Стапката на сиромаштија кај децата од еднородителските семејства е за четирипати повисока од онаа кај децата коишто живеат во дводродителските семејства (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2010:21).

Сите податоци покажуваат дека нискиот животен стандард е посебно присутен кај самохраните мајки. Доколку мајката доживеала развод, а не била вработена, по разводот таа треба да најде работа, па често прифаќаат работа која е нископлатена, што многу се одразува на животниот стандард на целото семејство. Многу од самохраните мајки се и приматели на социјална помош, бидејќи не можам да се вработат (Новаков, 2015:98). Главниот проблем околу вработувањето е во тоа што работодавачите, знаејќи ги нивните зголемени потреби, а исто така дека тешко можат да ги усогласат работните и семејните улоги, не се одлучуваат да ги вработат (Fišer et al., 2007:17).

Многу статистички извештаи и научни трудови потврдуваат дека најголемата последица од разводот на брак е опаѓањето на економскиот стандард на еднородителските семејства (Čudina-Obradović, Obradović, 2006:580). Тоа го потврдило и едно истражување, според кое приходот на еднородителските семејства со самохрани мајки по разводот изнесувал само 67 % од приходот пред разводот. Ниските примања на самохраните мајки, се резултат, пред сè, на: (1) помалите можности за заработка; (2) недостаток на исплати за детска поддршка од татковците; (3) мали бенефиции обезбедени од програмите за социјална помош. Се проценува дека заради пониските плати и помалку работни часови, самохраните мајки заработуваат само една третина од приходите на оженетите татковци (Schaie, Willis, 2001:166).

Според истражувањата спроведени во западните држави се покажало дека и во овие високоразвиени држави, самохраните мајки се во неповолна економска положба. Сепак, постои разлика од држава, до држава. Еднородителските семејства со самохрани мајки во скандинавските држави во просек имаат нето-приход од околу 85 % од приходот на нуклеусните семејства. Во другите економско силни европски земји, како што се: Германија, Франција и Велика Британија, приходот се движи од 65 %, до 76 %. Во неевропските земји, како што се: САД, Канада и Австралија, приходот е помал од 60 % (Ibid.).

Исто така, голем проблем за еднородителските семејства во најголем број случаи е нерешеното станбено прашање. Заради лошата финансиска ситуација, еднородителските семејства се принудени да живеат најчесто во изнајмен лош станбен простор или лошо соседство. Многу од еднородителските семејства по неколку пати треба да го менуваат местото на престој, обично по разводот. Тоа многу лошо се одразува на семејството, посебно на децата, заради напуштање на пријателите и вклучување во непозната средина што доведува до социјална изолација и губење на самодовербата (Tomanović, 2014:18-19). Освен тоа, се случува: загуба на општествената поддршка, ново училиште за децата, прилагодување на новата средина, што создава огромен стрес за целото семејство (Schaie, Willis, 2001:166).

Тешките економски прилики повлекуваат и други проблеми за самохраните родители. Во периодот од 1988, до 1992 година, било спроведено истражување во Соединетите Американски Држави меѓу самохраните мајки кои имале ниски примања или примале социјална помош. Со истражувањето биле опфатени 379 самохрани мајки. Самохраните мајки кои примале социјална помош имале желба да работат, но најголем проблем им претставувало чувањето на децата додека тие се отсутни од дома. Оние мајки кои работеле се соочувале со голем дефицит во буџетот, бидејќи голем дел од нивните примања им оделе за намирување на патните трошоци поврзани со превозот до работното место (Edin, Lein, 1997:259). Самохраните мајки освен што се соочуваат со значајни материјални и станбени тешкотии, но и тешкотии поврзани со работата, имаат проблем и со одржување на контакт со другиот родител, односно таткото, и остварување на алиментацијата (Stanković, 2014:70).

### 5.3. Психофизичкото здравје на самохраните родители

Лошата економско-социјална состојба и грижата за децата создаваат голем стрес кај самохраните родители, а тоа многу придонесува за влошување на нивното психичко и физичко здравје (Новаков 2015:48). Многу истражувања покажуваат дека кај нив акутните болести се двојно почести, за разлика од родителите во двородителските семејства (Томановиќ et al., 2014:81). Освен материјалните, исто така и нематеријални ризици на кои се изложени самохраните родители многу придонесуваат за сè почести здравствени проблеми“ (Stanojević, 2014:82).

Самохраните родители секојдневно се изложени на голем број стресови. Според истражувањата, сето ова влијае тие повеќе да се склони кон: депресија, анксиозност и други психолошки и емоционални проблеми, за разлика од родителите од семејствата со двајца родители (Батиќ, 2010:28). Таквата состојба кај нив создава проблеми во односите со нивните деца (Лин Еванс, 2010:278). Тоа е за очекување бидејќи промената во структурата на семејството, од двородителско во еднородителско семејство, влијае на промената на: „емоционалниот живот во семејството, меѓусебните односи и целокупното функционирање, што се рефлектира на задоволството од различните компоненти на семејниот живот“ (Brajša-Žganec, Hanzec, 2015:140). За ваквата состојба кај самохраните родители не придонесува само лошата економска ситуација, туку и преголемата преоптовареност од секојдневните обврски. Исто така, тука влијае физичкиот и психичкиот товар на одговорноста за децата, поголемите напори на работа и дома (Pećnik i Raboteg-Šarić, 2004:2).

Многу истражувања покажале дека дезорганизацијата на семејната средина доведува до социјална дезинтеграција на личноста и сериозни пречки во психичките функции кај самохраните родители. Покрај ова, ваквата ситуација се одразува и на децата со тоа што почесто се разболуваат покрај неповолните услови во кои живеат како, на пример, станбените или материјалните услови. Нарушената здравствена состојба на децата влијае негативно на емотивното здравје на самохраниот родител. Многу невропсихијатриски испитувања потврдуваат дека хармоничната и балансирана атмосфера во домот придонесува за добра психофизичка состојба на сите членови во семејството. Следствено на ова, сите нарушувања во нормалното семејно функционирање, негативно се одразуваат на психофизичката состојба на сите членови во семејството. Разводот и смртта на еден од родителите се најголемата причина за нарушување на атмосферата во домот и настанување на еднородителските семејства. Овие состојби доведуваат до нарушување на емотивната состојба кај самохраниот

родител, како, на пример: нервоза, нерасположение, нетолерантност, што штетно влијае на семејната атмосфера и ги нарушува односите на родителот со децата (Piórkowska-Petrović, 1990:100).

Психолошката состојба на самохраните мајки е неповолна, посебно по разводот или смртта на брачниот партнер. Многу повеќе се загрижени и имаат низок степен на задоволство од животот, во споредба со мајките кои се во брак или жените без деца. Загриженоста, осаменоста, физичката исцрпеност негативно влијаат на нивната психолошка благосостојба. Исто така, самохраното родителство има негативни последици и по самохраните татковци. Според истражувањата, степенот на смртност кај самохраните татковци е за седумдесет проценти поголем за разлика од татковците кои се во брак. Повеќе се наклонети кон алкохолизам и користење на наркотични средства, како бегство од реалните проблеми во животот (Лин-Еванс, 2010:34).

За нарушената психофизичка благосостојба, многу придонесува големиот стрес и притисок на кој се изложени самохраните родители од општествената средина заради изложеноста на предрасуди и стигматизирање. А, сето тоа води кон маргинализација во општеството (Мургашанска et al., 2017:10). Предрасудите посебно се изразени кон разведените родители и мајките кои родиле вонбрачно дете. Тоа често доведува до нивно: осудување, потценување, исмејување и одбивање да им се пружи помош и поддршка. Ваквата тешка ситуација резултира со посегнување по алкохол и наркотици од страна на самохраните родители, како бегство од проблемите со кои се соочуваат. Алкохолот и наркотиците водат кон депресивно расположение и кон потенцијално агресивно однесување, чии последици обично ги трпат децата (Fišer i dr., 2007:8).

Физичкото и менталното здравје е многу повеќе влошено кај самохраните мајки, во однос на самохраните татковци. Податоците покажуваат дека стапката на депресија е мошне висока кај самохраните мајки. Многуте проблеми со кои се соочуваат тие (бидејќи економско-социјалната состојба на самохраните татковци е многу подобра) како, на пример: тешката финансиска состојба, „проблеми со грижа за децата, недостиг на слободно време кое мајката треба да го помине со детето, само по себе доведува до емоционални проблеми“ (Мургашанска et al., 2017:11). Ова го потврдува и едно истражување, кое имало за цел да ја истражи психолошката благосостојба на самохраните мајки во однос на мајките од двородителските семејства. Резултатите покажале дека тие искажуваат тенденција на поголем степен на депресија во однос на мајките од двородителските семејства (Galić et al., 2022:320). Покрај тоа што самохраните мајки се посклони кон депресија, кај нив е многу повеќе присутна и

анксиозноста и негативните емоции. Тоа е затоа што постои разлика во семејната динамика на еднородителските семејства во споредба со двородителските семејства. Самиот факт дека еден родител треба да ги изврши сите, или поголемиот дел од обврски во семејството, додатно го оптоварува самохраниот родител од: временски, финансиски и физички аспект. Покрај објективните околности, постојат многу други фактори кои придонесуваат животот на еднородителските семејства да е тежок, како, на пример: односот со бившиот партнер, родителскиот стрес, социјалната поддршка, (не)задоволството со родителството, материјалниот статус. Сето ова влијае на психолошката благосостојба на самохраниот родител. Ваквата ситуација доведува до негово интензивно психичко оптоварување (Galić et al., 2022:322).

Може да се заклучи дека истражувањата покажуваат дека најголемите проблеми со кои се соочуваат самохраните родители се: борба со депресијата, постојан стрес, физичка и емотивна исцрпеност, осаменост, неразбирање од страна на поширoката заедница, воспитувањето на децата, стигматизацијата, итн. (Zimić, 2018:1).

### 5.4. Самохраните родители и негативните последици за децата од животот во еднородителските семејства

Многу истражувања покажуваат дека децата кои растат во еднородителските семејства имаат своевидни последици. Сето тоа има големо влијание на самохраниот родител бидејќи се соочува со одредени проблеми и предизвици поврзани со децата, што негативно се одразува врз него. Промените во структурата на семејството имаат влијание на меѓусебните и емоционалните односи и на психо-социјалниот развој на децата (Brajša-Žganec, Hanzec, 2015:140). Неповолната ситуација во која се наоѓаат еднородителските семејства не влијае само на психолошката благосостојба на самохраниот родител, туку и на децата за кои се грижи. Психолошката благосостојба на членовите на еднородителските семејства има заемно влијание. Тоа значи дека психолошката состојба на децата влијае на психолошката состојба на родителот, и обратно (Galić et al., 2022:322).

Еднородителските семејства се посебно ранливи и имаат голем ризик од дисфункција. Ризикот од дисфункција кај еднородителските семејства е резултат на: недостатокот на финансии, недостаток на поддршка од партнерот, оптовареност од различните улоги што треба да ги врши родителот, зголемената одговорност (Grozdanić, 2000:173).

Постојат многубројни причини за намалувањето на благосостојбата на децата од еднородителските семејства. Причините можат да бидат: „економски проблеми, загуба на родителската поддршка, конфликти меѓу родителите и живот во стресна и нестабилна средина“ (Мургашанска et al., 2017:13). Високиот степен на стрес кај самохраните родители, којшто е резултат на тешката ситуација во која се наоѓаат, дефинитивно резултира и со емоционални тешкотии кај децата. Многу истражувања покажале дека децата кои растеле во еднородителски семејства имаат почести психолошки и бихејвиорални проблеми, а исто така, и потешко се снаоѓаат во животот во споредба со децата од двородителските семејства (Ibid., 10,13). Децата кои потекнуваат од семејства чии родители се разведени: покажуваат послаби резултати во образовниот процес, имаат мало самопочитување, социјална и емоционална компететивност, покажуваат пониски резултати во психолошкото прилагодување и однесување (Raboteg-Šarić i Pećnik, 2010:9).

Дека неповолната економска ситуација во која се наоѓаат повеќето еднородителски семејства има негативно влијание на повеќе аспекти во животот на детето го потврдува и Ерик Џенсен, еден од водечките современи истражувачи во областа на образованието и функционирањето на мозокот. Тој го истражувал односот меѓу академското постигнувања и нискиот економско-социјален статус кај децата кои живеат во сиромашни семејства, во кои обично спаѓаат и еднородителските. Тој објаснува дека хроничната изложеност на сиромаштија доведува до штетни физички промени во мозокот. Емоционалните и социјалните предизвици на семејствата кои се сиромашни влијаат на децата на таков начин што тие во помал број случаи остваруваат близок однос со родителите, бидејќи родителите најчесто се преоптоварени со работа. Исто така, присуството на акутни и хронични стресори кај семејствата кои се изложени на сиромаштија, делуваат на намалување на: когнитивните капацитети, креативноста, мотивацијата и социјалните вештини кај децата. Сето тоа доведува до: научена беспомошност, депресија и отсуство од училиштето. Од друга страна, доаѓа до појава на когнитивната ретардација кај овие деца, која негативно влијае на академската успешност. Когнитивната ретардација се јавува бидејќи родителите со низок економско-социјален статус помалку разговараат со своите деца, а тоа резултира со тоа што речениците на нивните деца се пократки, а исто така, тие деца на училиште имаат проблеми со: читањето и пишувањето, вниманието и фокусот. Сето ова го потврдиле многу студии кои покажале дека животот на детето во еднородителско семејство има негативен ефект на неговите постигнувања во образованието, што резултира со

завршување на понизок степен на образование. Тоа подоцна може да се одрази и на заработувачката. Големината на негативниот ефект на животот во еднородителско семејство на постигнувањата на детето во образованието е сразмерен со годините поминати во еднородителското семејство (Новаков, 2015:86-87).

Спроведено е истражување во Република Хрватска, кое имало за цел да утврди дали специфичниот социјален контекст, како, на пример, еднородителските семејства, влијае на когнитивниот развој на детето и дали постојат надворешни разлики во детските реакции при отсуство на едниот или двата родитела. Резултатите покажале дека постојат значајни надворешни разлики меѓу децата кои растат со двајца родители и оние деца кои растат само со еден родител. Истражувањето покажало дека растењето во нецелосно семејство може да има неповолно влијание на когнитивниот развој на децата, но и на различни развојни аспекти. Економско-социјалниот статус, кој обично е многу низок во еднородителските семејства, има големо влијание на когнитивниот развој на децата, бидејќи самохраниот родител не е во можност на децата да им овозможи различни интелектуално стимулативни содржини (Miljević-Riđički, Pavin Ivanec, 2009:317). Според резултатите од друго истражување спроведено во Република Хрватска, висок процент од мајките од еднородителските семејства односот со другиот родител, односно таткото, го оцениле како лош или многу лош, што придонесува за зголемување на стресот не само кај мајките, туку и кај децата (Galić et al., 2022:340).

Последиците од животот во нецелосни семејства кај децата може да бидат и полоши. Кај тие деца може да се јават социјални проблеми, деликвентно и агресивно однесување. Разводот на бракот и смртта на едниот родител, како причини за создавање на еднородителските семејства, имаат големи последици врз развојот на децата од еднородителските семејства. Посебно неповолно делува на психо-социјалното приспособување на децата. Ова посебно е изразено, доколку разводот на родителите се случи во предучилишна возраст, бидејќи децата во таа возраст се чувствуваат одговорни за разводот. Всушност, децата се сметаат за одговорни што нивното семејство е различно во однос на другите семејства. Децата од еднородителските семејства, исто така, покажуваат пониска инкорпорација што, следствено на тоа, тие имаат: намалена способност кон промена на самиот себе преку нови искуства, тешко прифаќање на туѓото мислење, зголемена критичност, непослушност, сомнеж, недоверба кон луѓето, итн. Овие деца имаат намалена желба: за нови искуства, за промена, за активност и за авантуризам. Кај овие деца се појавува плашливост и несигурност, што ги кочи да

направат каква било промена бидејќи имаат страв дека новите искуства ќе ја нарушат тешко воспоставената рамнотежа во нивниот живот (Mrnjavac, 2014:433).

Покрај економско-социјалните прилики, големо влијание имаат и предрасудите од општествената заедница со кои се соочуваат членовите од еднородителските семејства. Самохраните родители постојано се соочуваат со предрасуди од страна на општествената средина, кои се посебно изразени кон разведените родители и мајките кои родиле вонбрачно дете. Тоа често доведува до нивно: осудување, потценување, исмејување и одбивање да им се пружи помош и поддршка. Ваквата тешка ситуација резултира со посегнување по алкохол и наркотици од страна на самохраните родители како бегство од проблемите со кои се соочуваат. Тоа доведува до запоставување на децата. Алкохолот и наркотиците водат кон депресивно расположение и кон потенцијално агресивно однесување чии последици обично ги трпат децата. Ваквата ситуација има долгорочни последици имајќи предвид дека децата учат по модел, а родителите не се веродостојни модели. Од друга страна, агресивното однесување на родителите кон децата подоцна создава чувство на грижа кај родителите (Fišer i dr., 2007:8).

Според едно истражување, спроведено во Република Хрватска, самохраните родители се изјасниле дека најголеми негативни последици на децата имаат разводот и одвоеното живеење на родителите кои повеќе не се сложуваат, а исто така и животот со еден родител во семејство со невенчани родители. Сето ова се одразува на емотивно поле на самохраниот родител кој се грижи за децата. Помалку негативни последици има на децата чиј родител починал и живеат со едниот родител. Најголемата грижа на самохраните родители е како стигматизацијата на нивните деца заради растењето во еднородителските семејства ќе се рефлектира врз нивниот развој и какви ќе бидат последиците од отсутноста на другиот родител (Raboteg-Šarić, 2010:8).

Многу психолози и педагози укажуваат на тоа дека воспитувањето на децата во еднородителските семејства не е целосно и е многу посложен процес во споредба со нуклеусните семејства. Отсуството на едниот родител има големо влијание на процесот на воспитување (Piórkowska-Petrović, 1990:105). Грижите на самохраните родители се секојдневни: дали ќе бидат успешни во воспитувањето, дали ќе им го пружат саканото образование, дали ќе им ја обезбедат нивната иднина и ги оптоваруваат уште многу грижи поврзани со воспитувањето на децата. Уште еден од проблемите е воспитувањето на децата од спротивен пол, имајќи предвид дека самохраниот родител не може никогаш да го замени родителот кој недостасува, посебно починатиот родител, па така детето

нема да има вистински пример и модел. Детето ќе расте без модел како што е во дводителските семејства во кои двајцата родители живеат заедно и меѓусебно се надополнуваат во секојдневниот живот (Juul, 1995:95).

Децата чии родители се развеле, во споредба со децата чии деца сè уште се во брак, имаат поголем ризик од развој на: социјални, емоционални, бихејвиорални и образовни проблеми кои можат да влијаат на компетентноста и функционирањето на детето. „Послабиот економско-социјален статус на семејството и лошите семејни односи се поврзани со лошото функционирање на детето, со проблеми во когнитивниот и социо-емоционалниот развој“ (Brajša-Žganec, 2015:141).

Според едно истражување кое е спроведено во Финска, постои голема можност децата од еднородителските семејства, во споредба со децата од дворoдителските семејства, да развијат психопатолошки нарушувања како, на пример: нарушување во однесувањето, пелтечење и невротични манифестации. Во однос на ова, посебен ризик имаат децата до четиринаесет години (Видановиќ, 2006:87).

Резултатите од многу истражувањата, исто така, укажуваат дека адолесцентите од еднородителските семејства само со мајка, повеќе се наклонети да направат кривична дела и многу рано почнуваат да склопуваат љубовни врски и дека многу рано почнуваат сексуално да се активни (Новаков, 2015:87). Покрај тоа што се склони на вакви деликвентни однесувања, овие деца можат да посегнат и по наркотични средства (Haralamobos, Holborn, 2002:44). Некои истражувања покажуваат дека младите од еднородителските семејства биле повеќе склони кон земање психоактивни супстанции во однос на младите од дворoдителски семејства. Многу студии откриле дека децата од еднородителските семејства се повеќе склони кон проблеми во однесувањето, во споредба со децата од семејства со двајца родители, особено во еднородителските семејства на чие чело се татковците. Во таа насока, некои податоци покажуваат како децата од еднородителски семејства се повеќе склони кон прекршоци на законот, односно извршување казниви дела. „Затоа е важно да се разберат механизмите и факторите кои се поврзани со благосостојбата на примарните згрижувачи од еднородителските семејства, бидејќи овие механизми активно влијаат врз целокупната динамика во семејството“ (Galić et al., 2022:322). Дека децата од нецелосните семејства се повеќе склони кон криминално и деликвентно однесување, покажува една студија од Република Хрватска. Според резултатите од студијата, утврдено е дека децата, кои живееле во еднородителските семејства во кои родителот што се грижи е мајката, многу почесто биле пријавувани за кражби (Bajer, Kljajić, 1990:27). Многу истражувања

покажале дека постои голема веројатност децата од еднородителските семејства да станат родители во тинејџерската возраст, а исто така, и голема веројатност: да станат престапници и да бидат исфрлени од училиште; да завршат во затвор; да страдаат од долгорочни емоционални и психички проблеми (Лин-Еванс, 2010: 278,279).

Семејната кохезија е многу важен фактор за раниот развој на детето (Brajša-Žganec, Hanzec, 2015:146). Но, финансискиот притисок, обврските дома и на работа играат голема улога на квалитетот на родителската улога кај самохраните родители (Leinonen et al., 2003).

Воспитувањето и грижата за малите деца во еднородителските семејства е сложен процес, посебно заради отсуството на едниот родител. Грижата и воспитувањето на претшколските деца бара постојан: надзор, грижа и внимание. Најголем ризик во однос на „проблеми во однесувањето и психо-социјалното приспособување во семејството со еден родител“ постои посебно кај претшколските машки деца (McGoldrick et al., 2010:58). Можеби се чини дека грижата и воспитувањето на школските деца не е толку сложено бидејќи се посамостојни од претшколските деца. Но, истражувањата покажуваат дека воспитувањето и грижата за школските деца од еднородителските семејства може да биде многу сложено и исцрпувачки за самохраниот родител бидејќи е потребен поголем надзор надвор од домот (Masten, 2015:87).

Преку многу истражувања, утврдено е дека во нуклеусните семејства полесно се остваруваат воспитните процеси, а тоа е многу битно за децата бидејќи на тој начин ја запознаваат улогата на мајката (жената) и таткото (мажот). Тоа е од посебна важност за нивната идентификација, правилниот социјален и емотивен развој. Ова е особено битно во раниот развој на детето, бидејќи присуството на двајцата родители е значајно за примарната поврзаност на децата со родителите. Отсуството на едниот родител од животот на детето се одразува негативно во однос на процесот на неговата идентификација. Овој процес може да се наруши и ќе се одрази на натамошниот социјален и емоционален развој на децата. Обично тие деца имаат нарушувања во однесувањето и емоционални тешкотии. Многу истражувања покажуваат дека: импулсивноста, агресивноста, девијантното и неприлагодено однесување, кое обично се нарекува проблем на екстернализација, се јавуваат кај децата кои доаѓаат од еднородителски семејства. Ваквото однесување на децата негативно се одразува и на самохраниот родител (Valjan-Vukić, 2009:175).

На психолошкиот развој на детето големо негативно влијание има и отсуството на таткото од неговиот живот. Отсуството на таткото: влијае негативно на

социјализацијата на детето, детето создава негативен селф-концепт, предизвикува нервоза, постои ризик дека ќе имаат проблем со однесувањето и ризик од злоупотреба од психоактивни супстанци (Новаков, 2015:84). Децата кои живеат без присуството на таткото, исто така, имаат тешкотии во развојот на родовиот идентитет, психо-социјалната адаптација и самоконтролата, а остава последици и на самостојноста и независноста на поединецот (Rudan et al., 2002:455).

Животот во еднородителско семејство нема само негативни последици на психичкото, туку и на физичкото здравје на децата. Нискиот материјален статус придонесува самохраните родители, посебно самохраните мајки, помалку да вложуваат во здравјето на семејството. Тоа придонесува за лошото здравје и хроничните болести кај децата. Дополнително ја влошува и психолошката благосостојба (Galić et al., 2022:340). Во споредба со двородителските семејства, нарушувањето на телесното здравје кај членовите на еднородителските семејства е поголемо. Истражувањата покажуваат дека децата од еднородителските семејства повеќе се склони да заболат од хронични болести што придонесува многу за психолошката благосостојба на самохраниот родител (Galić et al., 2022).

Разводот е една од главните причини за создавање на еднородителските семејства. Разводот остава големи последици за сите во семејството, а посебно за децата. Децата по разводот на родителите доживуваат многу здравствени проблеми, како: мокрење во креветот, болки во стомакот, главоболка, зачестени напади на астма и егзема. Но, исто така, доживуваат и емоционални проблеми кои често пати знаат да се манифестираат со несоница (Новаков, 2015:83).

Децата коишто живеат со својата самохрана мајка, односно без својот биолошки татко, имаат ризик од: здравствени проблеми; проблеми во училиштето; физичка, емоционална и сексуална злоупотреба; често се склони кон бегство од дома. Последиците се провлекуваат понатаму во нивниот живот. Склони се да имаат проблем со половите болести. Исто така, склони се кон пороци, како: пушење, алокохолизам и наркоманија. (Лин-Еванс, 2010: 278,279).

Ерик Џенсен, еден од водечките современи истражувачи во областа на образованието и функционирањето на мозокот, освен што истражувал како сиромаштијата влијае врз менталното здравје кај децата, исто истражувал и за влијанието на сиромаштијата врз нивното физичко здравје. Наведува дека изложеноста на сиромаштија кај децата, во кои најчесто спаѓаат и децата од еднородителските семејства, најчесто доведува до „појавува на: астма, респираторни инфекции,

туберкулоза и прекумерна тежина. Кога ќе се разболат, помала е шансата да се подложат на квалитетно лекување, па последиците од болеста кај овие деца се потешки“ (Новаков, 2015:87).

Сѐ она што се случува кај децата, без разлика дали е поврзано со психичкото или со физичкото здравје, дополнително го оптоварува самохраниот родител. Покрај големиот број проблеми и предизвици со кои се соочуваат самохраните родители, како што се: финансиските тешкотии, исцрпеноста, прекумерната работа, постојаниот умор, постојаниот стрес, стереотипите и негативната перцепција кон нив од страна на другите, воспитувањето и грижата за децата, нерешеното станбено прашање, уписот на детето во градинка или училиште, чувството на промашеност и уште многу други грижи и проблеми; на сето тоа ако се додадат и последиците по психофизичкото здравје на децата – товарот што го носат станува неподнослив.

## 6. ФОРМАЛНА И НЕФОРМАЛНА ПОДДРШКА НА САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ

Имајќи ги предвид сите проблеми со кои се соочуваат самохраните родители, потребна им е голема помош и поддршка за да можат го ублажат товарот што го носат сами. Постои формална и неформална поддршка за самохраните родители. Формалната поддршка се однесува на поддршката и помошта што можат да ја добијат од државните институции, а неформалната поддршка се однесува на поддршката и помошта што ја добиваат од страна на: најблиските, пријателите и пошироката општествена заедница.

Разбирањето, односно неразбирањето на состојбата на самохраните родители има големо влијание врз нивната самодоверба и способноста да се соочат со секојдневните предизвици и проблеми што ги носи самохраното родителство (Raboteg-Šarić et, al., 2003:42). Често пати самохраниот родител црпи мотивација и сила, преку поддршката што му ја дава локалната заедница, за да продолжи да се бори со цел да им осигури што е можно подобри услови за понормален живот на децата, па и на себеси (Zimić, 2018:11).

Кога самохраниот родител не е во можност да ги задоволи потребите на семејството, тогаш е потребна социјална поддршка од страна на локалната заедница. Поддршката од локалната заедница помага да се ублажи дејството на стресот под кој се наоѓа самохраниот родител (Pećnik, 2003:37). Родителот ја согледува стресната ситуација како помалку загрозувачка бидејќи знае дека постојат луѓе кои се подготвени да му помогнат. Всушност, родителот може поделотворно да се соочи со зголемените барања на родителската улога, кои ги надминуваат можностите на самохраниот родител, кога знае дека може да се потпре на луѓето од неговото опкружување, кои можат да му пружат: емотивна, материјална или практична помош (Stroebe, Jonas, 2003:463). Поддршката што личноста ја добива е битна за олеснување со справувањето на стресот, притоа овозможува и стабилно функционирање во тешките периоди во животот и овозможува интеграција во општествената заедница (Pećnik, 2003:39). Истражувањата покажуваат дека е значаен бројот на извори на помош за еднородителските семејства. Имено, поголемиот број на различни извори на помош им пружа поголема социјална

сигурност, односно им помага за поефикасно задоволување на потребите и решавање на проблемите (Pećnik i Raboteg-Šarić, 2004:10).

Постои хиерархиско-компезациски модел за барање на социјална поддршка. Обично луѓето преферираат да примат поддршка од најблиските личности, односно семејството, како неформална и природна мрежа на поддршка. Поддршката и помошта што ја пружа семејството опфаќа: информациска поддршка, преку совети и информации; емоционална поддршка, изразена преку љубов, доверба и почитување; и инструментална помош, изразена преку финансиска помош и услуги. Следните во хиерархиската структура се членовите од поширокото семејство, па потоа: пријателите, соседите и колегите. На крајот, кругот завршува со формалната стручна поддршка од граѓанските здруженија, верските организации и социјалните служби (Cicak, 2009:116).

Како што веќе е наведено, семејството е примарниот извор на социјална поддршка и треба да се разгледа во контекст на концептите на социјалните мрежи за поддршка. Социјалната мрежа е неформална врска меѓу луѓето, а ја сочинуваат сите оние кои се поврзани со личноста на која ѝ е потребна помош. Тие се најважните членови на социјалната мрежа која ја сочинуваат: на прво место потесното семејство, понатаму поширокото семејство и потоа пријателите, соседите и колегите. Силните и поддржувачките социјални мрежи играат голема улога во тешките развојни транзициски периоди и стресните животни настани. Главната задача на социјалната мрежа е да пружи социјална поддршка и грижа кон личноста на која ѝ е потребна помош и поддршка, при што таа личност се чувствува: прифатена, сакана, почитувана и згрижена. „Поддршката од семејството има заштитна функција и позитивен ефект на ублажување“ (Ibid., 115).

За повеќето луѓе, семејството е примарен извор на социјална поддршка, а тоа произлегува од специфичните карактеристики на семејството. Семејните односи се биолошки одредени и се темелат на чувството на должност, па луѓето сопственото семејство го доживуваат како најсигурен ресурс за да обезбедат солидарност и грижа за нивните потреби (Raboteg-Šarić, 2003:48). Сепак, семејните односи не се темелат само на должност, туку и на „емоционалната поврзаност, наклонетост и долгорочна посветеност, а семејството поседува и посебна интимна легитимност, внатрешна енергија и значење, а исто така, и социјална компетентност“ (Cicak, 2009:117).

Семејството пружа разновидни облици на социјална поддршка и исполнува три функции на односи: интимност, социјална интеграција и помош. Битно е да се нагласи дека семејството поседува способност постојано да се прилагодува на промените и користи различни механизми (психолошки, социјални и биолошки) кои помагаат во

одржувањето на рамнотежа во стресните животни ситуации. Улогата на семејството во овој контекст е единствена (Cicak 2009:117).

Во однос на тоа каков вид на помош добиваат самохраните родители, помошта и поддршката може да биде: финансиска, материјална, практична, емоционална и морална. Самохраните родители добиваат финансиска помош обично од своите родители во облик на давање или зајмување пари. Материјалната помош и поддршка самохраните родители обично ја добиваат од своите родители и пријатели. Овој вид на помош се однесува на различни дарови дадени на самохраниот родител или на неговото дете. Под практична помош спаѓа сè она што може да им ја олесни тешката ситуација на самохраните родители. Овој вид помош се однесува на: чување на децата, различни поправки во домот, извршување на било какви работи околу домот, превезување на децата до градинка, училиште или други активности, и др. Емоционалната и моралната поддршка на самохраните родители обично ја пружаат личности кои им се блиски. Емоционалната поддршка најчесто се изразува преку: разговор, активно слушање, покажување емпатија, и др. (Raboteg-Šarić, Pećnik, 2005:5-8).

Според истражувањата, најголема поддршка во вид на: финансиска помош, материјални дарови, емоционална и морална поддршка, самохраните родители добиваат од своите родителите, а потоа следуваат браќата и сестрите. Останатите членови од поширокото семејство не пружаат толку значајна поддршка. Најголема поддршка од лицата со кои не се во роднинска врска, самохраните родители добиваат од пријателите. Колегите од работа и соседите им пружаат поддршка на самохраните родители во помал обем (Pećnik, Raboteg-Šarić, 2004:9).

Според добиените податоци од истражувањата спроведени во Шпанија, резултатите укажале на големото значење на помошта што ја добиваат самохраните мајки од своите мајки кога се работи за чување на децата. Мајките, односно родителите на самохраните мајки, живееле во ист дом со нивната ќерка и нејзиното дете или во нивна близина за да може да им помагаат. Ваквата помош не била инцидентна, туку континуирана. Авторот на истражувањето наведува дека помошта што ја пружаат родителите на своите ќерки кои се самохрани мајки е карактеристична за земјите од Јужна Европа, но не и за земјите од Северна Европа или Соединетите Американски Држави (Reher, 1998:217).

Колку и да е значајна поддршката и помошта што ја пружа семејството и пријателите, мора да се има предвид дека секогаш не е доволна за да може да ги задоволат потребите и да го олеснат животот на еднородителските семејства.

Еднородителските семејства, кои спаѓаат во групата на семејства од социјален ризик, не се во можност достојно да живеат само со неформалната поддршка што ја добиваат од локалната заедница. Затоа, државните институции се должни да пружат социјална заштита на еднородителските семејства и заштита на правата на членовите од овие семејства, што претставува формална поддршка (Puljiz, Bouillet, 2003:26).

Многу истражувања од повеќе држави покажуваат дека самохраните родители не се многу задоволни од поддршката и помошта што ја добиваат од страна на државните институции. Според истражувањата, во државите во Европската Унија многу самохрани родители не ги остваруваат своите социјални права заради нивна неинформираност за истите. Како причини за ова, наведени се пречките од психолошка и социо-културна природа од страна на самохраните родители, но и од страна на давателите на поддршка, односно државните институции. Според едно истражување спроведено во Република Хрватска, многу самохрани родители како причина зошто не се охрабруваат да користат помош од државните институции ја наведуваат стигматизацијата и неразбирањето од страна на општествената заедница, вклучувајќи ги и вработените во системот за формална поддршка. Удел во ова имаат и психолошките пречки во смисла дека им е непријатно да побараат финансиска помош од државата, која им следува по закон или не сакаат да го погазат своето достоинство. Некои не ги оствариле своите законски права заради недоволна информираност за законските права кои им следуваат, односно заради неинформираност на кој начин можат да ги остварат истите. Од друга страна, постојат самохрани родители, посебно самохрани мајки, кои побарале помош од државните институции, но не ја добиле. Како причина за ова се наведуваат ставовите на вработените во социјалните служби кои ја одобруваат помошта само на одредени подгрупи на самохрани родители. Имено, вработените во социјалните служби начинот на којшто родителите станале самохрани го земаат како мерило според коешто некои родители се сметаат за „позаслужни“ да им се одобри помош, а другите помалку (Pećnik i Raboteg-Šarić, 2004:15).

Според истото истражување спроведено во Хрватска, самохраните родители навеле дека најголема: помош, поддршка и разбирање добиле од членовите на потесното семејство и пријателите, а донекаде и од колегите на работа. Спротивен став, односно крајно незадоволство искажуваат кон другиот биолошки родител и неговото потесно семејство бидејќи не пружаат помош и поддршка посебно при грижа и воспитување на заедничкото дете. Крајно незадоволство од страна на самохраните родители е покажано во односите со државните служби и институции од кои не добиле посебно разбирање и

поддршка. Посебно незадоволство било искажано кон центрите за социјална грижа. Како можна причина за намалување на квалитетот на услугите кон корисниците се наведуваат: недоволната стручност или залагање, недоволната екипираност, недостатокот на супервизија и недостатокот на стручно усовршување. Самохраните родители покажале изразено незадоволство кон претставниците на власта, што е поврзано со општото незадоволство (Pećnik i Raboteg-Šarić, 2004:16).

Во овој правец одат и резултатите добиени од истражувањата во Република Северна Македонија. Имено, според интердисциплинарната компаративна студија на случај за самохраноста во 2020 година во Република Северна Македонија, самохраните мајки коишто биле интервјуирани, посочиле дека не добиле државна помош или каква било поддршка за време на бременоста, иако помошта законски им следува. Исто така, испитаничките кажале дека од државата не добиле никакво финансиско олеснување или поддршка при образовниот процес на децата, земајќи ги предвид и претшколските установи. Никогаш не добиле никакви насоки од државните институции за правата што им следуваат. Од социјалните служби, не само што не им дале никакви инструкции, туку и ги одбиле со крајно груб однос. И кога ги поднеле уредно сите потребни документи за да ја примат помошта што им следува, не добиле никаков одговор од државните институции. Од државата не добиле ниту помош во вид на психотерапевтско/психолошко советување, што им било многу потребно во одредени периоди во животот. Испитаничките многупати се соочиле со дискриминација и навредлив однос при барање на работа заради нивниот статус на самохрани мајки. Не добиле никаква заштита од државните институции за ова. Посебно е истакнато дека државата треба посебно да се погрижи за невработените самохрани родители. Испитаничките посочиле дека доживеале институционална дискриминација преку игнорантскиот однос од државата преку непостоењето на мерки за помош и поддршка на самохраните родители (Пачкова, 202012-25).

Освен институционална дискриминација, испитаничките доживеале и дискриминација дури и од најблиските, посебно во однос на нивниот избор да станат самохрани мајки. Испитаничките доживувале: навреди, стигматизација и дискриминација од луѓето со кои биле опкружени во секојдневниот живот, што влијае многу врз нарушувањето на нивната самодоверба и себевреднување. Испитаничките истакнуваат дека не добиваат никаква заштита од државата кога биле жртви на насилство, или доживеале мобинг или каква било друга заштита. Секогаш кога и да пријавеле некој случај или побарале помош и заштита, наидувале на затворени врати. За

време на пандемијата со Ковид 19, самохраните родители не добиле никаква поддршка од страна на државата за да ги заштити нивните права кога се соочиле со нефлексибилност и неразбирање од страна на работодавачите. И покрај мерките од Владата за помош на најранливите категории граѓани за време на пандемијата, ги опфаќале и самохраните родители, а опфатот на корисници на мерката бил сведен на минимум, односно мерката била на тој начин скроена за многу мал дел од самохраните родители да можат да ја искористат. Од друга страна, износот на помошта што ја добиле била безначајна. Во држава во која не е решено целосно прашањето на самохраните родители на институционално ниво, кога ќе настане некоја криза, како што беше пандемијата со Ковид 19, функционирањето во вонредни услови станува екстремно проблематично за самохраните родители. Самохраните родители секојдневно се соочуваат со институционална инфериорност и дискриминација која е културолошки наметната (Ibid.).

Прашањето за формалната и неформалната поддршка треба да се погледа и преку призмата на родовата компонента, бидејќи разликите во општествената положба на мажите и жените како самохрани родители влијаат при користењето на социјалната поддршка. Истражувањата покажуваат дека разведените самохрани мајки повеќе бараат и повеќе примаат социјална поддршка, за разлика од разведените самохрани татковци кои помалку бараат и помалку примаат социјална поддршка (Arendell, 1995:37). Според истражувањата, самохраните татковци, за разлика од самохраните мајки, кога се соочуваат со одредени проблеми во помала мера се склони да побараат стручна помош или неформална помош од општествената заедница (Addis, Mahalik, 2003:11). Спроведено е истражување во Република Хрватска за влијанието на родовата компонента на неформалната поддршка што ја добиваат самохраните родители. Резултатите покажале дека неформалната поддршка што ја добиваат самохраните мајки е поголема и поразновидна, за разлика од самохраните татковци. Влијание за ова имаат не само поголемите потреби на самохраните мајки, туку и социјално-културните чинители, односно општествената перцепција, при што родовата компонента се поврзува со одредени очекувања за барање и пружање помош (Pećnik i Raboteg-Šarić, 2004:12).

Интересен е фактот дека според истражувањата самохраните татковци имаат помал вкупен број на различни видови на поддршка, за разлика од самохраните мајки. Дополнителните истражувања покажале дека тоа се должи на подобрата материјална состојба на семејствата на самохраните татковци, во споредба со семејствата на

самохраните мајки. Подобрата материјална состојба укажува на можни помали потреби од: финансиска, материјална и практична помош. Кога е во прашање формалната поддршка од државните институции, истражувањата покажуваат дека самохраните мајки во поголема мера ги користат различните видови на државна помош, за разлика од самохраните татковци. Тоа е резултат на значајно пониските месечни приходи на самохраните мајки во споредба со самохраните татковци (Ibid., 11-12). Во однос на примањето формална поддршка, истражувањата покажуваат на дискриминација и кон самохраните татковци и кон самохраните мајки, за секоја група на различен начин, заради традиционалните родови стереотипи присутни кај социјалните работници. Социјалните работници имаат различна перцепција кон проблемите и потребите со кои се соочуваат самохраните родители, во идентични ситуации, зависно од тоа дали се работи за самохран татко или самохрана мајка (Kullberg, 2004:204).

Според едно истражување спроведено во Република Србија, кое имало за цел да ја истражи мрежата на поддршка на самохраните мајки, се утврдило дека некои мајки сами се грижеле за своите деца, без поддршка од кого било. А, останатите самохрани мајки „во најголема мера во решавањето на проблемите и секојдневното воспитување на децата се потпираат на нивните примарни семејства, пред сè родителите, како и браќата и сестрите, а најчесто живеат во заедничко домаќинство“ (Stanković, 2014:70). Кога е во прашање учеството на таткото во воспитувањето и грижата за децата, 20 % од самохраните мајки можат да сметаат на помош од татковците при решавање на некој поголем проблем. Од самохраните мајки, 95 % можат да сметаат на татковците кои учествуваат во грижата и воспитувањето на децата, а третина од татковците немаат никаков контакт со децата, ниту, пак, даваат некаков финансиски придонес за своите деца. Недоволното присуство и учество на татковците во животот на децата е карактеристично за еднородителските семејства кои настанале со вонбрачно раѓање, за разлика од еднородителските семејства кои настанале на друг начин, односно со смрт на родителот или развод. Бидејќи се работи за мајки кои имаат низок степен на образование и низок економски статус, помошта што ја добиваат од државните институции, колку и да е мала и недоволна, значајна е за нив и нивните семејства. Но, сепак, сметаат дека државата треба многу повеќе да се вклучи во решавање на нивните егзистенцијални проблеми, како зголемување на економскиот статус, решавање на станбеното прашање, итн. (Ibid., 70-72).

Според друго истражување спроведено во Србија во 2010 и 2011 година, извор на поддршка за самохраните невенчани мајки кои оформиле еднородителски семејства,

а исто така и за разведените родители, била неформалната мрежа на поддршка, особено родителите на самохраните мајки. Лицата кои станале самохрани родители заради смрт на брачниот другар, најмногу добивале поддршка од неформалното окружување: родители, пријатели и роднини. Освен неформална поддршка, лицата кои станале самохрани родители заради смрт на брачниот другар и развод, побарале и формална стручна помош и поддршка, особено пообразованите родители (Tomanović, 2014:105).

Според друго истражување спроведено во Република Србија во 2015 година, самохраните родители давале свои согледувања и предлози во врска со тоа како да се решат нивните проблеми и потреби. Испитаниците (самохрани родители) имале став дека јавноста не е доволно запозната со состојбата на самохраните родители, и оттука потребата за поголема ангажираност во правец на запознавање на јавноста со нивните потреби и проблеми. Исто така, многумина од самохраните родители сметале дека државата треба да им овозможи поддршка и помош во наоѓање работа, но во исто време и да се има предвид усогласувањето на нивното работно време и обврските околу семејството и да им се овозможат повеќе слободни денови кои ќе ги искористат за своето семејство, односно децата за кои се грижат. Најголемиот проблем со кој се соочуваат самохраните родители е неповолната финансиска ситуација, потоа се проблемите со воспитување на децата и на трето место – осаменоста (Новаков, 2015:218-219).

## 7. САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија, како и во секоја друга држава, постојат самохрани родители и еднородителски семејства. И тука, како и на секаде во светот, тие имаат свои предизвици и се соочуваат со бројни проблеми. Државата има воспоставен систем на помош и поддршка за самохраните родители, но прашањето е дали е на соодветен начин и дали доволно помага на оваа категорија граѓани. Исто така, постои неформална мрежа која им пружа поддршка и помош на самохраните родители.

### 7.1. Статистички податоци за еднородителските семејства и самохраните родители во Република Северна Македонија

Според податоците од пописот во 2021 година, преземени од веб страницата на Државниот завод за статистика во Република Северна Македонија евидентирани се 538 348 семејства. Од нив 35 998, или 6,7 %, се еднородителски семејства, од кои 26 619, или 74 %, се еднородителски семејства на мајки со најмалку едно дете под 25 години, а 9 379, или 26 %, се еднородителски семејства на татко со најмалку едно дете под 25 години. (Државен завод за статистика, Попис 2021, https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Domakinstva/T2003P21.px/table/tableViewLayout2/ (Пристапено 17.9.2024).

Поголемиот дел од еднородителските семејства живеат во урбаните средини. Статистичките податоци покажуваат дека од 35 998 еднородителски семејства чиј носител е мајката, 17 942 семејства, или 67,4 %, живеат во урбаните средини, а 8 677 семејства, или 32,6 %, живеат во руралните средини. Од 9 379 еднородителски семејства чиј носител е таткото, 5 861 семејства, или 62,5 %, живеат во урбаните средини, а 3 518 семејства, или 37,5 %, живеат во руралните средини. Или од вкупно 35 998 еднородителски семејства во Република Северна Македонија, 23 803, или 66,1 %, се семејства кои живеат во урбаните средини, а 12 195 или 33,9 %, се семејства кои живеат во руралните средини.

Ако податоците од Пописот во 2021 година се споредат со податоците од Пописот во 2002 година, ќе се забележи дека има незначителен пад на процентот на еднородителски семејства во Република Северна Македонија. Имено, во 2002 година, од

вкупно евидентирани 564 237 семејства, еднородителски семејства биле 38 988 или 6,9 %. Според Пописот во 2021 година, евидентирани се 6,7 % еднородителски семејства. Според овие податоци намалувањето на еднородителските семејства во споредба со вкупниот број на евидентирани семејства е 0,2 %.

Интересен е податокот дека се бележи зголемување на процентот на еднородителски семејства чиј носител е таткото, а намалување на процентот на еднородителските семејства чиј носител е мајката. Така, на Пописот во 2002 година се евидентирани 20,3 % семејства на татко со дете/деца, а во 2021 година 26 %, што значи дека за 5,7 % е зголемен бројот на еднородителски семејства чиј носител е таткото. Соодветно на ова, за истиот процент е намален бројот на еднородителски семејства чиј носител е мајката.

### 7.2. Законските права на самохраните родители и еднородителските семејства во Република Северна Македонија

Во македонското законодавство постојат неколку закони кои ги регулираат правата на самохраните родители и еднородителските семејства. Воочлив е недостигот на јасна дефиниција на поимите самохран родител и еднородителско семејство.

Законот за семејство, кој го уредува бракот и семејството и односите во бракот и семејството, не ги дефинира термините самохран родител и еднородителско семејство, иако е најсоодветен Закон за регулирање на правата на самохраните родители и еднородителските права. Сепак, Законот јасно ја регулира постапката за доверување на дете по развод на брак и задолжителната издршка што треба да ја дава родителот кому детето не му е доверено на чување и воспитување. Во член 189 се регулира правото на издршка на необезбеден поранешен брачен другар кое може да трае најмногу пет години од разводот на бракот (Закон за семејство, „Службен весник на Република Македонија", бр. 153/2014).

Во Законот за социјална заштита, во член 2, во набројувањето на социјалните ризици е вметнат и ризикот од еднородителско семејство. Во член 43 и член 116 се набројани лицата коишто имаат право на сместување во установа за социјална заштита, во кои се вбројува и самохран родител со дете до тримесечна возраст. Според член 116, самохран родител кој не е вработен може да добие сместување и во згрижувачко семејство. Според член 57 и член 58, самохран родител има право на постојана парична помош како лице неспособно за работа и ако е материјално необезбеден. Самохран родител спаѓа во оваа категорија до три години возраст на детето и самохрана жена за

време на својата бременост еден месец пред породувањето. Во членот 66 е регулирано ограничувањето до кога самохраниот родител и самохрана бремена жена може да го остварува правото на постојана парична помош. Според Законот тоа е заклучно до третото дете по ред на раѓање (Закон за социјална заштита, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/2019).

Во Законот за работните односи постојат позитивни одредби за заштита на самохраните родители. Во членот 120 се забранува вршење на работа подолго од полното работно време на самохран родител со дете до шест години старост, освен во случај ако самохраниот родител доброволно се согласи за прекувремена работа. Во членот 124 се забранува работа со прераспределени работни часови на самохран родител кој постојано се грижи за дете помладо од 15 годишна возраст. Во членот 165 е регулирана заштитата од ноќна и прекувремена работа на самохраниот родител. Имено, самохраниот родител има право да одбие да врши прекувремена работа или работа ноќе, доколку се грижи за дете помало од седум години, или тешко болно дете, или дете со телесен и душевен недостаток. Во член 169 е наведено дека доколку самохраниот родител се грижи за дете со развојни проблеми или има посебни образовни потреби, во тој случај родителот има право да работи со половина работно време, при што скратеното работно време се смета за полно работно време, а правото на надомест на плата се исплатува според прописите за социјална заштита. Во член 248 се дава можност на самохраниот родител да одбие испраќање на работа во странство доколку живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита (Закон за работните односи, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 167/2015).

Според член 100 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, самохран родител има право во стажот на осигурување да му се смета и времето што го поминал во работен однос со полно работно време за кое е утврдено ослободување од плаќање придонеси од задолжително социјално осигурување до 60 месеци. Според член 57, право на семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување (Закон за пензиско и инвалидско осигурување, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012).

Според член 22 од Законот за заштита на децата, право на детски додаток може да оствари еден од родителите на детето, на кого со решение на надлежниот центар за социјална работа, му е доверено детето на чување и воспитание. Според член 27, еквивалентната скала, која го утврдува коефициентот на зголемување на детскиот додаток според бројот на членови во семејството, за самохраниот родител се зголемува

за дополнителен коефициент од 1,2. Во член 35 е утврдено правото за зголемување за 50 % на посебен додаток за самохран родител кој се грижи за дете со специфични потреби. Во членот 40 е утврдено правото на партиципација од Буџетот на Република Северна Македонија во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за самохран родител кој е корисник на гарантирана минимална помош чие дете е згрижено во јавна установа за деца – детска градинка (Закон за заштита на децата, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 170/2010).

Во Законот за домување, во член 91 е дефинирано кои категории на граѓани имаат право за доделување на непрофитен стан под закуп. Меѓу останатите се наведени и самохраните родители (Закон за домување, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 25/2020).

Според членот 42 од Законот за заштита и спасување, од должноста за учество во заштита и спасување се ослободуваат самохраните родители кои се грижат за дете до седум години, односно за две или повеќе деца до десет години. Инаку, според овој Закон должност за учество во силите за заштита и спасување имаат работоспособните граѓани со навршени 18 години живот до наполнети 55 години живот за мажи и 50 години за жени (Закон за заштита и спасување, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 93/2012).

Во Законот за одбрана, во член 13 е наведено дека должност за извршување на работна обврска имаат сите работоспособни граѓани на возраст од 18, до 65 годни живот за мажи и 60 години живот за жени. Од оваа должност се ослободуваат самохраните родители кои имаат дете до седум години или две и повеќе деца до десет години (Закон за одбрана, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 185/2011).

Во членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се наведува врз која основа е забранета дискриминацијата. Меѓу другото се наведува дека е забранета дискриминација и врз основа на семејна и брачна состојба (Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/2020).

Во Законот за меѓународна и привремена заштита, во членот 35 се земаат предвид посебните потреби на ранливите лица, кои се баратели на право на азил. Во ранливите лица се вброени и самохраните родителите со малолетни деца (Закон за меѓународна и привремена заштита, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 64/2018).

Република Северна Македонија има усвоено голем број меѓународни документи во процесот на унапредување на правата на граѓаните. Меѓу тие документи е и

Европската социјална повелба во која, во член 16 е нагласено дека сите права што се гарантирани на семејството се однесуваат и на семејствата на самохраните родители (Европска социјална повелба).

### 7.3. Критички осврт на законските права на самохраните родители и еднородителските семејства во Република Северна Македонија

Во 2016 година, Здружението на социјални работници на град Скопје има издадено прирачник за унапредување на социјалната заштита на самохраните родители и на децата од еднородителските семејства, насловен: „Локално, но гласно". Целта на прирачникот е да ја подигне свеста за потребите на самохраните родители и нивните семејства, но и да ги информира и образува за нивните права. Во прирачникот се укажува дека голем недостаток е немањето база на податоци за самохраните родители во центрите за социјална заштита на национално ниво. Како причина се наведува немањето на дефиниција за поимите „еднородителско семејство" и „самохран родител" во македонското законодавство. Сето тоа остава простор за своеволно толкување на овие поими од страна на службениците во центрите за социјална работа, па постои проблем во евидентирањето на самохраните родители („Локално, но гласно", 2016:15).

Проблемот со недефинирањето на поимите „самохран родител", „еднородителско семејство", па и терминот „дете од еднородителско семејство", нотиран е и во публикацијата со наслов: „Дефинирање на статусот на еднородителското семејство и неговите членови", издадена во 2017 година. Иако во неколку закони се спомнуваат овие термини, сепак во ниту еден закон не се дефинирани (Мургашанска et al., 2017:7-8). Дефинирањето на овие термини е битно бидејќи на тој начин ќе се овозможи еднородителските семејства и неговите членови да добијат еднаков статус во општеството, а исто така „би се отстраниле сите недоречености кои предизвикуваат правна пречка за остварување на законските права на родителите и децата од еднородителските семејства" (Ibid, 10). Поради недефинирањето на термините, мерките од државата често пати се: неконзистентни, непрецизни, парцијални и делумно дефинирани. Од друга страна, еднородителските семејства и нејзините членови не се препознаваат како предмет на одреден вид социјална помош од страна на државните институции. Дефинирањето на термините ќе овозможи програмите за поддршка да се приспособат на специфичните потреби на родителите и децата од еднородителските семејства. Во спротивно, тие ќе наидуваат на голем број проблеми при остварување на своите права, што е реалноста со која секојдневно се соочуваат самохраните родители и

нивните деца. Дефинирањето на термините во легислативата ќе овозможи законско препознавање на еднородителските семејства и нејзините членови како посебна социјална група. Тоа ќе создаде основа за да се создадат програми и позитивни практики кои ќе бидат фокусирани на оваа социјална категорија, а тоа ќе им овозможи одредени привилегии, бенефити и поконкретна помош од државните институции (Мургашанска et al., 2017:13,17,22).

Не само што не се дефинирани термините што се погоре посочени во законите релевантни за оваа проблематика, туку постои практика да се изоставуваат овие термини, поточно терминот „самохран родител“, при донесувањето на новите закони. Така, на пример, во Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година (кој е вон сила), во членот 15 специфично ги наведува категориите на граѓани кои се заштитени од дискриминација, во кои се спомнуваат и самохраните родители (Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 50/2010). Во 2020 година е донесен нов Закон за спречување и заштита од дискриминација, во кој воопшто не се спомнуваат самохраните родители, како посебна категорија која е заштитена од дискриминација, туку во членот 5 се наведува дека е забранета дискриминација, меѓу другото и врз основа на семејна и брачна состојба (Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/2020). Позитивна е одредбата за забрана на дискриминација врз основа на семејна и брачна состојба, но со ваквиот начин на формулирање на Законот се остава простор за погрешно толкување на терминот „семејна и брачна состојба“.

Друг пример е Законот за бесплатна правна помош. Во Законот за бесплатна правна помош од 2009 година (кој е вон сила), во членот 12 се опфатени категориите кои имаат право на бесплатна правна помош, во кои се вклучени и самохраните родители и нивните семејства (Закон за бесплатна правна помош, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 161/2009). Во 2019 година е донесен нов Закон за бесплатна правна помош (кој е во сила) во кој воопшто не се спомнати самохраните родители како категорија која има право на бесплатна правна помош, туку во членот 17 е наведено дека право на бесплатна правна помош има лицето кое „доколку заради својата финансиска состојба не може да ги оствари со Уставот на Република Северна Македонија и со закон гарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живее во заедничко домаќинство“. (Закон за бесплатна правна помош, „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.

101/2019). Факт е дека многу самохрани родители спаѓаат во оваа категорија, но со самото тоа што не се специфично наведени во Законот, се остава простор самохраните родители да не се препознаат како категорија која има право на бесплатна правна помош.

Во прирачникот: „Локално, но гласно“ даден е критички осврт на законите во кои се дефинираат одредени права на самохраните родители и нивните деца. Таму се наведува дека нивните законски права се ограничени. Позитивно е што државата законски ја регулирала поддршка на самохраните родители, но сепак постојат и недостатоци, како што е временското ограничување на престојот во установите за социјална заштита доколку самохраниот родител не е вработен, а исто така временски е ограничено и користењето на паричната помош. Откако детето ќе наполни три години, самохраниот невработен родител нема право на институционална заштита, па мора да ја напушти установа во која бил згрижен. Исто така, откако детето ќе наполни три години, родителот нема право на постојана парична помош од државата, па преминува во категоријата на корисници на социјална помош. Со тоа, средствата што ги добива самохраниот родител се намалуваат бидејќи износот на социјалната помош е помал од износот на постојаната парична помош. Ниту постојаната парична помош, ниту социјалната парична помош не се доволни за да ги покријат основните потреби на едно еднородителско семејство. Од друга страна, дискутабилно е вбројувањето на самохраните родители во категоријата на лица неспособни за работа. Мора да се има предвид дека самохраното родителство е привремена состојба, а погрешното толкување на терминот „самохран родител“ доведува до постојана зависност од социјални бенефиции („Локално, но гласно“, 2016:15,18,19).

Нотиран е недостаток и во остварување на правото на постојана парична помош, бидејќи не постои систем за следење на исполнувањето на законската обврска за издршка на детето. Во недостиг на евиденција, може да се случи самохраниот родител „да биде оневозможен во пристапот кон остварувањето на правото на постојана парична помош – поради ненавремено исплаќање на издршката или ако таа воопшто не се исплаќа“ (Ibid., 19).

Интересна е забелешката во прирачникот: „Локално, но гласно“ дека невработениот самохран родител законски има право да биде сместен во згрижувачко семејство, но во практиката тоа воопшто не е регистрирано. Причините за тоа се што воопшто не постојат згрижувачки семејства кои се специјализирани за згрижување на самохрани родители. Од друга страна, во Правилникот за критериуми за избор на згрижувачко семејство никаде не се спомнуваат самохраните родители (Ibid., 20).

Во времето кога е издаден прирачникот: „Локално, но гласно“, важечки бил посочениот правилник, објавен во „Службен весник на РМ“, бр. 54 од 2010 година. Десет години подоцна, односно во 2020 година, истиот Правилник со одредени измени е објавен во „Службен весник на РСМ“, бр. 288. И во оваа верзија на Правилникот (која е во сила), воопшто не се спомнати самохраните родители. Доколку законодавецот, односно државата, предвидува со закон дека невработените самохрани родители имаат право на престој во згрижувачко семејство, тогаш треба сите правни акти да ги усогласи со законот и да се овозможи згрижувачките семејства да се специјализираат за згрижување на невработени самохрани родители. На тој начин ќе се овозможи самохраните родители, за кои се однесува ова право, да може да го остварат без какви било пречки. Ова е пример на недоследноста во македонската легислатива, која им го скратува исполнувањето на законските права на самохраните родители и нивните деца.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Формулација на проблемот на истражување

Потребата за проучување на улогата на локалната заедница за помош и поддршка на самохраните родители, се јавува од неколку причини. Неопходно е да се истражи ова прашање за добивање појасен увид дали локалната заедница соодветно реагира за ефективно решавање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители. Дополнителен мотив е недоволно развиената стратегија и план за посеопфатно создавање основа од страна на државните институции за ефективно решавање на проблемите на самохраните родители. Предизвикот беше надополнет и со констатацијата дека во Република Северна Македонија не е спроведено подлабоко и поопсежно истражување на ова прашање.

Самохраните родители се соочуваат со голем број предизвици и проблеми во секојдневниот живот. Проблемите се од широк опсег. Се соочуваат со проблеми во однос на: воспитувањето и грижата за децата, неповолната економска ситуација, невработеноста или тешко задржување на работното место, слабо платените работни позиции, нарушеното психофизичко здравје, негативните ставови и стереотипи за самохраните родители, посебно самохраните мајки, остварување на своите права гарантирани со закон, нерешеното станбено прашање, недостигот на сеопфатна стратегија од страна на државните институции за сеопфатна поддршка и помош на еднородителските семејства, итн.

Бидејќи државните институции не успеваат да ги решат горливите проблеми и предизвици на самохраните родители, локалната заедница се вклучува во нивно решавање. Локалната заедница е најтесно поврзана со семејствата, вклучувајќи ги и еднородителските семејства. Според наведеното досега може да се заклучи дека еднородителските семејства спаѓаат под категоријата на социјален ризик. Улогата на локалната заедница во надминување на ваквата состојба на еднородителските семејства е клучна. За надминување на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители потребно е поголемо ангажирање на локалната заедница за да се создадат услови родителите сами поуспешно да се носат со предизвиците и полесно да ги надминуваат проблемите што ги носи самохраното родителство.

Освен што е потребно да се истражи дали формалната помош и поддршка што ја добиваат самохраните родители е доволна во задоволување на нивните потреби, неопходно е да се истражи и уделот на неформалната помош и поддршка во решавање на проблемите на самохраните родители и задоволување на потребите што ги имаат. Тоа ќе помогне да се даде препораки на кој начин може поефективно и посеопфатно да се развие неформалната помош и поддршка за самохраните родители.

**2. Предмет на истражување**

Основен предмет на ова истражувањето е да се утврди улогата на локалната заедница во поддршката и помошта на самохраните родители во Република Северна Македонија. Исто така, треба да се утврдат и ефектите од услугите пружени од страна на локалната заедница во решавање на проблемите, предизвиците и задоволувањето на потребите на самохраните родители.

**3. Цели на истражувањето**

Основна цел на истражувањето е утврдување на видовите на помош и поддршка на самохраните родители од страна на заедницата. Имено, основна цел е првично поблиску да се истражат различните обележја на формалната и неформалната поддршка на самохраните родители, земајќи ги предвид изворите и видот на поддршка и како е перципиран квалитетот на поддршката од страна на родителите. Воедно, цел на истражувањето е да се утврди дали постои разлика во наведените обележја на формалната и неформалната помош и поддршка на самохраните родители земајќи ја предвид семејната структура и полот на родителите.

Поединечните цели на истражувањето ќе бидат во насока на добивање сознанија за тоа:

- Во која мера и што им пружа државата како помош и поддршка на самохраните родители?
- Кои поединци од нивното окружување им помагаат на самохраните родители, и со што?
- Колку родителите се задоволни од формалната и неформалната помош и поддршка што ја добиваат и дали им помага во решавање на нивните проблеми и потреби?

- Каква е улогата на структурата на семејството и полот на родителот во примањето и барањето на поддршка?

## 4. Хипотези на истражување

### 4.1. Основна хипотеза

Во Република Северна Македонија сè уште не се создадени доволни институционални предуслови за сеопфатна поддршка и помош на самохраните родители. Во задоволување на потребите на еднородителските семејства и во решавање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители, најголема поддршка и помош добиваат од нивното пошироко семејство и нивните пријатели.

### 4.2. Посебни хипотези

Од поставената општа хипотеза, произлегуваат следниве поединечни хипотези:

- Самохраните родители се соочуваат со голем број на правни и бирократски проблеми, за кои не добиваат голема поддршка и помош од страна на државните институции во решавање на истите.
- Многу самохрани родители тешко наоѓаат работа или не успеваат да ја задржат бидејќи мора да се грижат за своите деца заради недостаток на центри за грижа на нивните деца, што ја загрозува финансиската ситуација на семејството.
- Многу самохрани родители се соочуваат со нерешено станбено прашање, заради отсуството на помош и поддршка од страна на државата за решавање на ова важно прашање.
- Самохраните родители најголемата поддршка и помош ја добиваат од страна на своето потесно и пошироко семејство и од пријателите, што не е доволно за решавање на битните егзистенцијални потреби и проблеми со кои се соочуваат.
- Еднородителските семејства добиваат помош од локалната заедница, претежно финансиска, но не е доволна во надминување на ситуацијата во која се наоѓаат.
- Поголемиот дел од самохраните родители се самохрани мајки и нивните проблеми и предизвици се поголеми за разлика од самохраните татковци.

## 5. Метод на истражување

Заради потребата од подлабока анализа на истражувачкото прашање и постојните претпоставки, потребните податоци за постигнување на целта на магистерскиот труд се добиени преку спроведување на мултиметод. При изработката на овој магистерски труд, првенствено е извршен преглед на научна и стручна литература која се занимава со предметот на истражување на овој труд. Земени се предвид и други истражувања од истата област на територијата на Република Северна Македонија, и други држави, посебно ставајќи акцент на државите од опкружувањето, кои помогнаа во создавањето на поширок увид во наведената проблематика.

Преку оваа магистерска теза се изучува проблем кој во Република Северна Македонија не е доволно истражуван. Со тоа се дава можност за отворање на одредени прашања кои ќе дадат поттик за некои идни истражувања на оваа тема.

Предмет на анализа беа и: законски правни акти, релевантна литература, извештаи на локалните самоуправи, невладини организации и институции. Покрај деск-истражувањето, се спроведе и теренско истражување со цел добивање на емпириски податоци. Квантитативна и квалитативна анализа беше спроведена преку техники на спроведување на анкета, односно спроведување на интервју, со цел да се покаже со кои проблеми и предизвици се соочуваат самохраните родители во Република Северна Македонија. Во таа насока, беа реализирани експертски интервјуа со претставници од релевантни институции: Министерство за труд и социјална политика (новиот назив: Министерство за социјална политика, демографија и млади), релевантни претставници од центрите за социјална работа и претставници од одделенијата за социјална заштита при локалните самоуправи. За таа цел беа подготвени посебни инструменти полу-структуирани прашалници. Исто така, беше спроведена онлајн анкета со самохрани родители, со цел да се добијат квантитативни податоци за самохраните родители. За оваа анкета беа подготвени полу-структуирани прашалници. За собирање на податоци за ова истражување е применет и методот студија на случај преку кој е прикажана положбата на самохраните родители и помошта и поддршката што ја добиле на ниво на локална заедница и од државните институции, со цел длабоко квалитативно да се продре во реалните состојби на четири самохрани родители.

### 5.1. Техники за собирање на податоци

За остварување на ова истражување беа подготвени посебни инструменти, полу-структуирани прашалници за интервју.

- **Прашалник за претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП),** кој се состои од 22 прашања. Прашањата се однесуваат на нивното мислење за помошта и поддршката што државата, односно Министерството, им ја пружа на самохраните родители.
- **Прашалник за претставници од центрите за социјална работа,** кој се состои од 22 прашања. Прашањата се однесуваат на нивното мислење за помошта и поддршката што центрите за социјална работа им ја пружаат на самохраните родители.
- **Прашалник за претставници од одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа,** кој се состои од 22 прашања. Прашањата се однесуваат на нивното мислење за помошта и поддршката што локалната самоуправа им ја пружа на самохраните родители.
- **Прашалник за самохрани родители,** кој има 40 прашања, кои се однесуваат на: некои демографски карактеристики на самохраните родители, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат во секојдневниот живот, кој им помага во решавање на проблемите со кои се соочуваат, нивното задоволство од пружената помош и поддршка од државните институции. Овој прашалник беше искористен за онлајн анкетата на самохраните родители, а исто така и за интервјуирање на четирите самохрани родители во четирите студии на случај.

Сите прашалници се во прилог на овој магистерски труд.

### 5.2. Дефинирање на истражувачкиот примерок

Достапниот примерок во истражувањето го сочинуваат:

- Двајца претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), по случаен избор, кои доброволно прифатија да учествуваат во истражувањето;
- Пет претставници од центрите за социјална работа, по случаен избор од општините: Ѓорче Петров, Карпош, Гази Баба, Кавадарци и Велес;
- Пет претставници од одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа од општините: Ѓорче Петров, Карпош, Гази Баба, Кавадарци и Велес;

- Самохрани родители. Спроведената емпириска анализа се базира на примерок од вкупно 51 испитаници, самохрани родители од Република Северна Македонија. Од аспект на полот, 86,3 % од испитаниците, или вкупно 44 испитаници, се жени, додека 13,7 %, или 7 испитаници се мажи.

**Графикон бр. 1: Полова застапеност на испитаниците**




Во однос на возраста, од вкупниот број испитаници, 2 %, или 1 испитаник, е на возраст од 18, до 29 години, 23,5 %, или 12 испитаници се на возраст од 30, до 39 години. Најмногу од испитаниците се на возраст од 40, до 49 години и тоа 56,9 %, или 29 испитаници, а на возраст над 50 години се 17,6 %, или 9 испитаници.

**Графикон бр. 2: Структура на испитаниците според возраста**




Од аспект на етничката припадност, 80,4 %, или 41 испитаник, се Македонци, 7,8 %, или 4 испитаници, се од албанска националност, 4 %, или 2 испитаника, се од ромска националност, 7,8 %, или 4 испитаници, се Срби.

**Графикон бр. 3: Структура на испитаниците според етничката припадност**




Во однос на степенот на образование, со средно образование се 51 %, или 26 испитаници, 41,2 %, или 21 испитаник имаат високо образование, а магистерски студии завршиле 7,8 %, или 4 испитаници.

**Графикон бр. 4: Структура на испитаниците според степенот на образование**




Од аспект на вработеноста, 88,2 %, или 45 испитаници се вработени, а 11,8 %, или 6 испитаници се невработени.

**Графикон бр. 5: Структура на испитаниците според вработеноста**




Најголемиот дел од испитаниците живеат во град, и тоа 82,4 %, или 42 испитаници, а 17,6 %, или 9 испитаници живеат во село.

**Графикон бр. 6: Структура на испитаниците според местото на живеење**




Се објави повик за пополнување на прашалникот по електронски пат, на неколку онлајн платформи на самохрани родители. На повикот позитивно одговорија 51 самохран родител. Ним им беа испратени прашалниците за тие самостојно да одговорат на нив, без да има какво било влијание од страна на авторот на ова истражување. Податоците од анкетата послужија за собирање на

квантитативни податоци, односно да се идентификуваат: обрасците, трендовите и варијациите. Од оваа поширока група се селектирани четири самохрани родители за со нив да се спроведе студија на случај. Меѓу четирите самохрани родители постои застапеност на етничка разновидност и полова различност, што придонесува за пошироко разбирање на темата. Оваа форма на методолошки и триангуларен пристап ја зголемува валидноста и веродостојноста на студијата. Со четирите избрани самохрани родители се направија длабински полуструктурирани директни интервјуа. Се внимаваше да се создаде соодветна опуштена атмосфера за интервјуто, со цел самохраните родители да можат на најсоодветен начин да ја прикажат ситуацијата во која живеат.

## 5.3. Текот на истражувањето

Фазата на реализација на истражувањето траеше од септември 2024, до март 2025 година. Сите испитаници беа интервјуирани од страна на истражувачот. При организирање и реализација на истражувањето, испитаниците беа известени дека податоците ќе бидат користени само за овој магистерски труд, а исто така, беа запознати и со целта на истражувањето.

Директните интервјуа се одвиваа според план кој се состоеше од неколку фази:

1. Фаза за запознавање, во која се одвиваше неврзан дијалог;
2. Подготвителна фаза, во која се појаснети целите и текот на интервјуто, но и заштитата на приватноста на самохраните родители и претставниците од државните институции согласно Законот за заштита на личните податоци. Наведено е дека добиените информации ќе бидат искористени исклучиво во научни цели за изработка на магистерската теза;
3. Реализациона фаза, во која претставниците од државните институции и самохраните родители одговараа на прашањата од полу-структурираните интервјуа.

Методологијата на ова истражување е врз база на емпириски податоци, кое опфаќа квантитативно и квалитативно истражување. Со ова истражување се дава увид во состојбата на целната група. Заклучоците и препораките се директно извлечени од самата целна група.

Податоците, потребни за ова истражување, беа прибрани преку онлајн анкета и преку емпириско истражување во форма на полуструктурирани длабински интервјуа, преку директни средби со испитаниците. Изборот на методот полуструктурирано интервју е направен согласно природата на предметот на истражувањето и потребата за интерактивност.

## 6. Резултати од истражувањето

За докажување на хипотезите беа спроведени интервјуа со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа и самохрани родители.

### 6.1. Експертско интервју со претставници од државните институции

За потребите на ова истражување беа направени експертски интервјуа со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа во општините: Ѓорче Петров, Гази Баба, Карпош, Кавадарци и Велес и одделенијата за социјална заштита при локалните самоуправи од општините: Ѓорче Петров, Гази Баба, Карпош, Кавадарци и Велес.

#### 6.1.1. Интервју со претставник од Министерството за труд и социјална политика

Беше спроведено интервју со претставник од Министерството за труд и социјална политика (МТСП) со цел да се утврди колку Министерството е вклучено во решавање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители во Република Северна Македонија. Испитаникот е вработен во МТСП како правник од машки пол, на возраст од 45 години, со работен стаж во институцијата од 17 години.

На прашањето: „Дали имате податок или можете да процените колку самохрани родители има во Република Северна Македонија?“ претставникот од МТСП одговори дека на територијата на државата според последниот Попис спроведен во 2021 година постојат околу 35 000 самохрани родители, со најмалку едно дете под 25 години. Тоа значи дека семејствата на самохраните родители сочинуваат околу 4,9 % од сите семејства во државата. Сепак, се смета дека бројот на самохрани родители е многу поголем бидејќи сите самохрани родители не се во брак или живеат со дете под 25 години. Претставникот од МТСП наведе податок дека според Пописот од 2021 година, 74 % се самохрани мајки, а 26 % се самохрани татковци. Постои тренд на раст на бројот на самохрани родители на ниво на цела држава. Од страна на претставникот од МТСП

беше негативно одговорено на прашањето: „Дали постои регистар на самохрани родители во Република Северна Македонија?“

Во однос на поддршката и помошта што државата им ја дава на самохраните родители беше наведено дека државата им обезбедува повеќе видови помош на самохраните родители, како: детски додаток, образовен додаток, додаток за деца на самохрани родители до тригодишна возраст, социјална помош, постојана парична помош, гарантирана минимална помош, еднократна помош, надоместок заради попреченост, додаток за домување, право на здравствена заштита, надоместок на плата за скратено работно време (поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот), паричен надоместок за помош и нега од друго лице. На прашањето: „Според вашето искуство дали самохраните родители се запознати со своите законски права?“ одговорот беше дека не се доволно запознати. Проблемот за слабата информираност на самохраните родители за нивните права, претставникот од МТСП го лоцира во недоволната транспарентност на државните институции. Според испитаникот, Министерството не располага со податоци колкав процент од самохраните родители ги остваруваат своите права.

Испитаникот лично смета дека помошта и поддршката што државата ја пружа на самохраните родители не е доволна да ги задоволи потребите и да ги реши горливите проблеми на самохраните родители, односно еднородителските семејства, но сепак, иако недоволно, помошта е значајна. Исто така, не смета дека помошта што државата ја пружа на самохраните родители ги покрива сите аспекти на поддршка на самохраните родители, односно нивните семејства. На прашањето: „Дали самохраните родители самоиницијативно кон вас, како МТСП,0 го искажуваат своето задоволство, односно незадоволство за помошта и поддршката што ја добиваат?“ претставникот од МТСП одговори дека според информациите што ги добиваат од центрите за социјална работа, самохраните родители не се задоволни од пружената помош и поддршка од страна на државата. Од друга страна, самохраните родители организирани преку здруженија даваат предлози и сугестии за подобрување на: грижата, помошта и поддршката што државата им ја пружа.

На прашањето: „Дали делувате веднаш во правец на решавање на проблемот кога ќе се нотира случај од страна на самохраните родители за кршење на нивните права?“ одговорот на претставникот од МТСП беше дека се преземаат соодветни дејствија согласно позитивните законски прописи. Според негово мислење, Министерството има добра соработка со невладините организации кои во фокусот на своето делување ги

имаат самохраните родители и организира директни средби со нив преку центрите за социјална работа, за да се чујат проблемите и предизвиците со кои секојдневно се соочуваат самохраните родители, со цел да се изнајдат законски и практични решенија за надминување на ситуацијата во која се наоѓаат. Соработката меѓу МТСП и невладините организации е на задоволително ниво, според претставникот од Министерството. Исто така, додаде дека кога невладините организации ќе предложат одредени иницијативи, Министерството ги прифаќа истите, ги разгледува и се трудат во рамките на законот да ги спроведат во практика.

### 6.1.2. Интервју со претставници од центрите за социјална работа

За да се добие увид во тоа колку државните институции се вклучени во решавање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители, беше спроведено интервју со пет вработени од центрите за социјална работа во скопските општини: Ѓорче Петров, Карпош, Гази Баба и општините Кавадарци и Велес. Еден испитаник е од машки пол, четири се од женски пол. Двајца од испитаниците се на возраст од 30, до 39 години, еден е на возраст од 40, до 49 години и двајца од 50, до 59 години. Работниот стаж во центрите за социјална работа на еден испитаник му е до 10 години, на двајца им е од 10, до 20 години и на останатите двајца од 20, до 30 години. Во однос на работната позиција во институцијата, двајца се правници, а тројца социјални работници.

Четворица од испитаниците одговорија негативно на прашањето: „Дали имате податок или можете да процените колку самохрани родители има во вашата општина?“ а еден испитаник одговори потврдно, наведувајќи точно колку самохрани родители има во општината. Од искуство, испитаниците наведоа дека процентот на самохрани мајки е поголем во споредба со самохраните татковци. Немаа податоци за точен процент, но очигледно е дека поголемиот дел од самохраните родители отпаѓа на самохраните мајки. Во општината во која имаше точен податок за бројот на самохрани родители, имаше точен податок и за процентот на самохраните мајки, односно самохраните татковци. На прашањето: „Дали постои регистар на самохрани родители?“ четворица од испитаниците одговорија негативно, а само еден одговори дека во рамките на општината постои регистар, но не е ажуриран.

На прашањето: „Каква помош и поддршка им пружа државата на самохраните родители?“ одговорот на испитаниците беше дека сѐ што е предвидено со закон како помош за самохраните родители им се дава, како, на пример: социјална помош,

постојана парична помош, детски додаток, додаток за деца на самохрани родители до три годишна возраст, итн. На прашањето: „Според вашето искуство дали самохраните родители се запознати со своите законски права?“ сите испитаници одговорија дека не се доволно запознати, а еден од нив наведе дека ова важи посебно за самохраните родители од руралните средини. Причината за недоволната информираност во однос на законските права на самохраните родители испитаниците ја гледаат во тоа што нема доволен број кампањи и информации од јавен карактер. На прашањето: „Дали имате податок колку од самохраните родители ги остваруваат своите права?“ потврдно одговори само еден од испитаниците, останатите немаа податоци. Сите испитаници се согласни дека помошта и поддршката што ја пружа државата на самохраните родители не е доволна, имајќи предвид дека финансиската помош не е доволна да се покријат трошоците за потрошувачката кошница. Исто така, согласни се дека помошта што ја пружа државата на самохраните родители не ги покрива сите аспекти од секојдневието на самохраните родители.

На прашањето: „Дали самохраните родители самоиницијативно го искажуваат своето задоволство, односно незадоволство, за помошта и поддршката што ја добиваат?“ испитаниците имаа различни гледишта. Тројца од нив одговорија дека самохраните родители не искажуваат незадоволство, двајца испитаници одговорија дека самохраните родители отворено го искажуваат своето незадоволство во врска со помошта што ја добиваат од државата. Поделени мислења имаше и во однос на тоа дали самохраните родители самоиницијативно даваат предлози и сугестии за подобрување на: грижата, помошта и поддршката што државата им ја пружа. Тројца од испитаниците одговорија негативно, а двајца позитивно на ова прашање. Постоеја поделени мислења и во однос на тоа дали центрите за социјална работа делуваат во правец на решавање на проблемите кога ќе се нотира случај, од страна на самохраните родители, за кршење на нивните права. Еден од испитаниците одговори со не, „затоа што постои можност само за помош од материјален аспект, односно финансиски средства“. Друг испитаник одговори дека тешко се доаѓа до нотирање на проблемите што ги имаат самохраните родители. Третиот испитаник одговори дека се преземаат соодветни дејства, но согласно законите. Останатите двајца одречно одговорија на поставеното прашање.

Различни одговори се добија и во однос на тоа дали центрите за социјална работа организираат директни средби со самохраните родители за да ги чујат нивните проблеми и предизвици со кои се соочуваат во секојдневието, со цел да се изнајдат законски и практични решенија за надминување на ситуацијата во која се наоѓаат. Еден од

испитаниците одговори дека се организираат директни средби кои имаат информативен карактер, односно запознавање на самохраните родители со нивните законски права. Уште еден од испитаниците одговори потврдно, додека останатите тројца испитаници одговорија одречно.

Сите испитаници одговорија дека центрите за социјална работа имаат одлична соработка со невладините организации кои им помагаат на самохраните родители во остварување на нивните права. Соработката со невладините организации е различно оценета од страна на испитаниците. Двајца од испитаниците одговорија дека соработката е одлична, додека тројца одговорија дека не постои толку добра соработка со невладините организации. Кога ќе се нотира случај од страна на невладините организации за кршење на правата на самохраните родители, според испитаниците, центрите за социјална работа реагираат соодветно да ги заштитат самохраните родители. Според испитаниците, доколку невладините организации дадат предлог што се однесува на подобрување на животот на самохраните родители, центрите за социјална работа ги прифаќаат предлозите и ги доставуваат до повисоките надлежни органи.

### 6.1.3. Интервју со претставници од одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа

За потребите на ова истражување беа спроведени интервјуа и со пет претставници од одделенијата за социјална заштита при локалните самоуправи во скопските општини: Ѓорче Петров, Карпош, Гази Баба и општините Кавадарци и Велес. Двајца испитаници се од машки пол, три се од женски пол. Тројца од испитаниците се на возраст од 30, до 39 години и двајца се на возраст од 40, до 49 години. Работниот стаж во центрите за социјална работа на двајца испитаници им е до 10 години, на останатите тројца им е од 10, до 20 години. Во однос на работната позиција во институцијата еден е правник, а четворица се социјални работници.

Четворица од  испитаниците одговорија негативно на прашањето: „Дали имате податок или можете да процените колку самохрани родители има во вашата општина?“ а еден испитаник одговори потврдно, наведувајќи точно колку самохрани родители има во општината. Од искуство, испитаниците наведоа дека процентот на самохрани мајки е поголем во споредба со самохраните татковци. Немаа податоци за точен процент, но очигледно е дека поголемиот дел од самохраните родители отпаѓа на самохраните мајки. Во општината каде што имаа точен податок за бројот на самохрани родители, има точен податок и за процентот на самохраните мајки, односно самохраните татковци.

На прашањето: „Дали постои регистар на самохрани родители во општината?“ четворица од испитаниците одговорија негативно, а само еден одговори дека во рамките на општината постои регистар, но не е ажуриран. Помошта и поддршката што им ја пружаат одделенијата за социјална заштита при локалните самоуправи обично се сведува на: еднократна парична помош, помош во вид на пакети со храна, помош во упатување на други институции за да можат да ги остварат своите права.

Според одговорите на прашањето: „Дали самохраните родители се запознати со своите законски права?“ самохраните родители се делумно запознати, односно не се доволно запознати за своите права, посебно родителите од руралните средини. Причината за недоволната информираност, испитаниците ја гледаат во недоволната ангажираност на државните институции да ги запознаат самохраните родители со нивните законски права.

За тоа дали одделенијата за социјална заштита имаат податок колку самохрани родители ги остваруваат своите права, само во една општина располагаат со точен податок, додека во останатите општини немаат податоци за ова. Според испитаниците, помошта и поддршката што одделенијата за социјална заштита им ги пружаат на самохраните родители не е доволна да ги задоволи потребите и да ги реши горливите проблеми на самохраните родители, односно на нивните семејства. На прашањето: „Сметате ли дека помошта што одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа ја пружа на самохраните родители ги покрива сите аспекти на поддршка на самохраните родители, односно еднородителските семејства?“ одговорот на сите испитаници беше дека во никој случај не ги покрива сите аспекти од нивниот секојдневен живот.

На прашањето: „Дали самохраните родители самоиницијативно кон вас, како локална самоуправа, го искажуваат своето задоволство, односно незадоволство за помошта и поддршката што ја добиваат од вас?“ одговорите беа поделени. Двајца испитаници одговорија дека не го искажуваат своето задоволство, односно незадоволство, додека останатите тројца испитаници одговорија дека самохраните родители се охрабруваат да го искажат своето незадоволство од помошта и поддршката што ја добиваат.

„Дали самохраните родители самоиницијативно даваат предлози и сугестии за подобрување на: грижата, помошта и поддршката што локалната самоуправа им ја пружа?“ беше следното прашање што беше поставено на претставниците од одделенијата за социјална работа при локалната самоуправа. Двајца одговорија дека

самохраните родители, иако не сите, даваат предлози и сугестии, преку урбаните и месните заедници, на кој начин може да им помогнат локалните власти, при што одделенијата за социјална работа ги прифаќаат нивните предлози и ги вметнуваат во програмските активности. Останатите тројца испитаници одговорија дека не добиваат никакви предлози од страна на самохраните родители, туку дека родителите очекуваат општинските власти да ги согледаат нивните потреби и соодветно да одговорат.

На прашањето: „Дали делувате веднаш во правец на решавање на проблемите кога ќе се нотира случај од страна на самохраните родители за кршење на нивните права?“ испитаниците одговорија негативно, затоа што одделенијата за социјална работа при локалната самоуправа немаат ингеренции за решавање на законските права на самохраните родители. Обично помошта што ја пружа локалната самоуправа е од материјална и финансиска природа. На прашањето: „Дали вашата локална самоуправа организира директни средби со самохраните родители за да ги слушне нивните проблеми и предизвици со кои се соочуваат во секојдневието, со цел изнаоѓање на решенија за надминување на ситуацијата во која се наоѓаат?“ двајца испитаници одговорија дека се организираат такви средби, а тројца испитаници одговорија негативно.

На прашањето: „Дали имате соработка со невладините организации кои им помагаат на самохраните родители во остварување на нивните права?“ двајца испитаници одговорија дека имаат соработка, додека тројца одговорија одречно. Истите двајца соработката ја оценија како одлична. На прашањето: „Дали делувате веднаш во правец на решавање на проблемот кога ќе се нотира случај од страна на невладините организации за кршење на правата на самохраните родители?“ тројца испитаници одговорија дека секогаш одговараат за да се реши проблемот, односно ги упатуваат до надлежните институции за решавање на проблемот на самохраните родители. Двајца одговорија дека не се реагира доволно од страна на одделенијата за социјална работа при локалната самоуправа. На прашањето: „Дали ги прифаќате и до кој степен се трудите да ги остварите иницијативите предложени од невладините организации за самохрани родители?“ двајца испитаници одговорија дека во рамките на нивните ингеренции ги прифаќаат и се трудат да ги вметнат во програмските или вонпрограмските активности, еден испитаник одговори дека се трудат согласно можностите, а двајца испитаници одговорија дека се трудат, но недоволно.

### 6.2. Резултати од анкетата со самохраните родители

Врз основа на добиените одговори, може да се констатира дека разводот на брак најмногу придонесува за појавата на самохрани родители. Според добиените резултати, 74,5 % од испитаниците станале самохрани родители по пат на развод. Втор чинител кој најмногу придонесува за појавата на самохраното родителство е смртта на брачниот партнер, на кој отпаѓа 21,6 % од испитаниците. Самохран родител по свој избор станале 2 % од испитаниците и 2 % биле принудени да станат самохрани родители бидејќи другата страна не сакала да го признае родителството над детето.

**Графикон бр. 7: Основа за стекнување на статусот самохран родител**




Според добиените одговори, најмногу самохрани родители, кои учествуваа во истражувањето, имаат по две деца и тоа 52,9 %, едно дете имаат 39,2 %, а три деца имаат 7,8 % од самохраните родители кои учествуваа во истражувањето.

**Графикон бр. 8: Број на деца кај самохраните родители**




Проблемите со кои се соочуваат самохраните родители се многубројни. Според добиените одговори може да се заклучи дека финансиските проблеми се најголемиот товар за самохраните родители. Дури 82,4 % имаат финансиски проблеми. Потоа следуваат проблеми во врска со грижата и чувањето на децата и недостиг на помош во домаќинството, на кои отпаѓа 41,2 % од испитаниците. Нерешено станбено прашање е следниот проблем со кој најмногу се соочуваат 39,2 % од испитаниците. Осаменоста е проблем за 29,4 %. Проблеми поврзани со работата имаат 19,6 %, а проблеми со воспитување на децата имаат 15,7 % од испитаниците. Здравствени проблеми, неприфаќање од страна на заедницата и проблеми со партнерот имаат 13,7 % од испитаниците.

**Графикон бр. 9: Проблеми со кои се соочуваат самохраните родители**




За тоа дали самохраните родители успеваат да ги остварат своите законски права, добиените одговори претежно покажуваат незадоволство кај испитаниците во однос на ова прашање. Само 19,6 % успеале во целост да ги остварат, додека 43,1 % делумно успеале, а 37,3 % воопшто не успеале да ги остварат своите законски права.

**Графикон бр. 10: Дали самохраните родители успеале да ги остварат своите законски права?**



Според добиените одговори, евидентно е дека сите самохрани родители кои учествуваа во истражувањето, не сметаат дека државата во доволна мера пружа помош и поддршка на самохраните родители.

**Графикон бр. 11: Дали државата во доволна мера пружа помош и поддршка на самохраните родители?**




Истражувањето покажа дека најголемиот дел, или 92,2 % од испитаниците се соочиле со проблем од страна на државните институции во процесот на остварување на законските права како самохран родител. Останатите 7,8 % немале проблеми во остарување на нивните законски права.

**Графикон бр. 12: Дали самохраните родители се соочиле со проблеми од страна на државните институции во процесот на остварување на законските права?**



Според добиените одговори од испитаниците, може да се заклучи дека самохраните родители негативно го оценуваат односот на службениците во центрите за социјална работа во однос на пружањето помош, со цел надминување на правните и бирократските проблеми за да може да ги остварат своите права како самохрани родители. Задоволни од односот на службениците се само 5,9 %, делумно задоволни се 39,2 %, а незадоволни се 54,9 %.

**Графикон бр. 13: Задоволство кај самохраните родители од односот на службениците во центрите за социјална работа во однос на пружањето помош, со цел надминување на правните и бирократските проблеми за да можат да ги остварат своите законски права.**




Истражувањето покажа дека самохраните родители се соочуваат со проблеми кои не се опфатени со постојните видови помош и поддршка од страна на државните институции. Најголема потреба од помош имаат при решавање на станбеното прашање. Ова го посочиле 76,5 % од испитаниците. Помош при вработување е следната потреба за која се изјасниле 60,8 % од испитаниците. Потреба од психолошка поддршка имаат 47,1 %, а 39,2 % гледаат голема потреба од згрижувачки центри за децата на самохраните родители.

**Графикон бр. 14: Во кој сегмент од животот на самохраните родители државата треба да придонесе за олеснување на товарот кој го носат самохраните родители, а не се опфатени со постојните видови помош и поддршка?**




Во однос на дискриминацијата на самохраните родители од страна на општествената заедница, резултатите покажаа дека поголемиот дел, односно 62,7 % од испитаниците не доживеале дискриминација, 25,5 % доживеале, а 11,8 % не знаат дали биле дискриминирани.

**Графикон бр. 15: Дискриминација од страна на општествената заедница заради статусот на самохран родител**



Резултатите од истражувањето покажаа дека поголемиот дел од испитаниците немале проблеми при вработување заради статусот на самохран родител. За ова се изјасниле 86,3 % од испитаниците, а 13,7 % се изјасниле дека имале проблем при вработувањето заради статусот самохран родител.

**Графикон бр. 16: Проблем при вработување заради статусот самохран родител**




Резултатите од истражувањето покажаа дека самохраните родители имаат проблеми на нивното работно место. Не успеваат да ги завршат своите обврски околу домот и децата 70,6 % од испитаниците. Не наидуваат на разбирање од работодавачите за слободни денови кога имаат потреба околу своето дете, 21,6 % од испитаниците, а 15,7 % тешко го зачувуваат работното место.

**Графикон бр. 17: Проблеми со кои се соочуваат самохраните родители на работното место**



Истражувањето покажа дека самохраните родители се едногласни дека државата треба да помогне за нивно полесно вработување и заштита на нивните работнички права.

**Графикон бр. 18: Дали сметате дека државата треба да помогне за полесно вработување на самохраните родители и заштита на нивните работнички права?**




Според истражувањето, месечните примања на поголемиот број самохрани родители се многу мали и не се доволни за да ги задоволат потребите на нивните семејства. Месечни примања до 5 000 денари имаат 7,8 % од испитаниците, од 5 001, до 21 000 денари имаат 15,7 %, од 21 001, до 30 000 денари имаат 49 %, а месечни примања над 30 001 денари имаат 27,5 % од испитаниците.

**Графикон бр. 19: Месечни примања на самохраните родители**



Резултатите од истражувањето покажаа дека поголемиот дел од самохраните родители кои учествуваа во истражувањето никогаш не користеле некоја социјално-економска мерка од државата, а тоа се 74,6 % од испитаниците. Помал процент имаат користено, како што може да се види на графиконот.

**Графикон бр. 20: Користење на социјално-економски мерки од страна на самохраните родители**




Според резултатите добиени од истражувањето, главен извор на приходи на 82,2 % од самохраните родители кои учествуваа во истражувањето е сопствената плата или платата на некој член од семејството. Во помал процент се јавуваат како приходи: пензија или алиментација (11,8 %), парична помош од државата (3,9 %), парична помош од родители и блиски роднини (3,9 %), приход од додатна работа (13,7 %), приход од повремена работа (5,9 %).

**Графикон бр. 21: Извори на приходи на самохраните родители**



Истражувањето покажа дека најголемиот дел од испитаниците немаат доволно финансиски средства за да ги задоволат потребите на семејството. Од самохраните родители кои учествуваа во истражувањето, 88,2 % изјавиле дека немаат доволно, 11,8 % имаат доволно финансиски средства.

**Графикон бр. 22: Дали самохраните родители имаат доволно финансиски средства за да ги задоволат сите потреби?**




Според добиените одговори, сите испитаници сметаат дека државата треба да им пружи поголема финансиска поддршка на самохраните родители.

**Графикон бр. 23: Дали државата треба да им пружи поголема финансиска помош на самохраните родители?**



Во однос на станбеното прашање, резултатите од истражувањето покажаа дека 49 % од самохраните родители го имаат решено, а 51 % го немаат и останува едно од главните нерешени прашања во нивниот живот.

**Графикон бр. 24: Дали самохраните родители го имаат решено станбеното прашање?**




Од оние кои го имаат решено станбеното прашање: 71,8 % го имаат решено преку наследство, 25 % со подигнување на станбен кредит и 3,2 % имат добиено социјален стан.

**Графикон бр. 25: Начинот на кој самохраните родители го решиле станбеното прашање?**



Оние кои го немаат решено станбеното прашање, на различни начини се снаоѓаат со пребивалиште. Со своите родители живеат 70,7 %, под кирија живеат 22 %, со поранешните партнери живеат 4,9 % и кај роднини живеат 2,4 %.

**Графикон бр. 26: Како го имаат решено проблемот со пребивалиштето самохраните родители кои го немаат решено станбеното прашање?**




Државата им помогнала во решавање на станбеното прашање на 3,2 % од испитаниците, а останатите 96,8 % не добиле никаква помош од државата при решавање на станбеното прашање.

**Графикон бр. 27: Дали државата им помогнала на самохраните родители при решавање на станбеното прашање?**



Сите испитаници имаат единствен став дека државата треба да им пружи поголема помош при решавање на нивното станбено прашање.

**Графикон бр. 27: Дали државата треба да им пружи поголема помош во решавање на станбеното прашање на самохраните родители?**




Според добиените резултати, поголемиот дел, или 56,9 % од самохраните родители живеат сами со своите деца. Со своите родители живеат 35,3 % од испитаниците, со брат или сестра живеат 5,9 %, а во поширока семејна заедница живеат 2 % од нив.

**Графикон бр. 28: Со кого живеат самохраните родители?**



Од самохраните родители коишто живеат со други луѓе или во заедница во пошироко семејство, 86,4 % имаат тешкотии да обезбедат приватност за себе и за своите деца, додека останатите 13,6 % немаат такви тешкотии.

**Графикон бр. 29: Дали самохраните родители, кои живеат со други луѓе, имаат тешкотии да обезбедат приватност за себе и за своите деца?**




Според резултатите од истражувањето самохраните родители добиваат помош околу грижата и воспитувањето на децата најмногу од своите родители (60,8 %), а потоа следуваат: детска градинка (19,6 %), сестра/брат (9,7 %), други роднини (5,9 %), пријател/пријателка (2 %) и никој (2 %).

**Графикон бр. 30: Од кого самохраните родители добиваат помош во чувањето и воспитувањето на нивните деца?**



Интересно е да се забележи дека поголемиот дел од испитаните самохрани родители, или 64,7 %, немаат проблеми со грижата на своите деца бидејќи им помагаат најблиските. За разлика од нив, 35,3 % од самохраните родители имаат проблеми со грижата околу своите деца.

**Графикон бр. 31: Дали самохраните родители имаат проблеми со чување на своите деца?**




Истражувањето покажа дека самохраните родители добиваат емотивна и морална поддршка најмногу од лицата со кои секојдневно се опкружени, и тоа: од родители 51 % од испитаниците, од пријател или пријателка 41,2 %, од сестра или брат 37,3 %, од колега или колешка 15,7 %, од други роднини 9,8 %.

**Графикон бр. 32: Од кого самохраните родители добиваат емотивна и морална поддршка изразена преку: разговор, слушање, давање совети, емпатија, и слично?**



Според добиените одговори, најголем дел, или 75 % од самохраните родители кои учествуваа во истражувањето искажале дека имаат потреба од стручна психолошка поддршка, за разлика од 25 % кои сметаат дека не им треба стручна психолошка поддршка.

**Графикон бр. 33: Дали самохраните родители имаат потреба од стручна психолошка поддршка?**




Едногласно сите самохрани родители кои учествуваа во истражувањето изјавија дека државните институции треба да им понудат бесплатна психолошка поддршка на самохраните родители.

**Графикон бр. 34: Дали државните институции треба да им понудат бесплатна психолошка поддршка на самохраните родители?**



Истражувањето покажа дека во поголемиот дел, или 90 % од случаите, другиот родител не помага во грижата и воспитувањето на децата, за разлика од 10 % кои помагаат.

**Графикон бр. 35: Дали другиот родител помага во грижата и воспитувањето на децата?**




Резултатите од истражувањето покажаа дека на самохраните родители помош во воспитувањето на децата им пружаат луѓето со кои најмногу се опкружени, и тоа: родители (49 %), членови на проширокото семејство (21,6 %), другиот родител на детето (11,8 %), пријатели (2 %), никој (15,6 %).

**Графикон бр. 36: Од кого самохраните родители добиваат најмногу помош во воспитувањето на децата?**



Резултатите од истражувањето покажаа дека самохраното родителство кај поголемиот дел, или 66,7 % од испитаниците, придонесува за нарушување на емотивното и телесното здравје на самохраните родители.

**Графикон бр. 37: Дали товарот на самохраното родителство придонесува за нарушување на емотивното и телесното здравје кај самохраните родители?**




Според добиените одговори од истражувањето, поголемиот дел, или 56,9 % од другите родители на децата немаат, или имаат минимални контакти со децата, 35,3 % имаат редовен контакт, а 21,6 % се починати.

**Графикон бр. 38: Дали другиот родител има редовни контакти со децата на самохраните родители?**



Поголемиот дел, или 73,5 % од самохраните родители контактот со другиот родител го оценуваат како лош, а 26,5 % како добар.

**Графикон бр. 39: Како самохраните родители го оценуваат квалитетот на односите на другиот родител со нивните деца?**




### 6.3. Студии на случај

Освен анкетата, беа направени и четири студии на случај, со четири самохрани родители. Целта беше да се направи квалитативна анализа на темата што се истражува.

#### 6.3.1. Студија на случај бр. 1

Самохрана мајка, по националност Македонка, на возраст од 44 години, со завршено средно образование, вработена, живее во Скопје. Самохрана мајка станала по личен избор: „Отсекогаш имав желба да имам свое дете, без да влегувам во брачна врска. И желбата ми се оствари.“ Како самохрана мајка таа се соочува со многу проблеми: „Имам финансиски проблеми. Платата не е доволна за да можам да ги покријам сите трошоци. Исто така, имам проблем и околу грижата за моето дете. Работам во три смени и секогаш не е лесно да се организирам околу чувањето на мојот син кој е предучилишна возраст. Многу е тешко! Исто така, излегуваат и проблеми со таткото на мојот син. Од друга страна, чувствувам дека сум неприфатена од страна на околината како самохраната мајка на вонбрачно дете. Воопшто не е лесно!“

Не успеала да ги оствари своите законски права како самохран родител. Проблемот за тоа го гледа во државните институции кои не радполагаат со добри механизми коишто ќе овозможат самохраните родители да можат лесно да ти остварат своите права гарантирани со закон. Се соочила со проблеми при процесот на остварување на своите права, кои не успеала да ги оствари: „Немаат податоци за самохрани родители во еден единствен систем во ова време на роботи, што претставува проблем за трошење скапоцено време и висење и барање документи по шалтери“. Не е во целост задоволна и од односот на вработените во центрите за социјална работа. „Делумно сум задоволна. Односот беше делумно во ред, но и тие се соочуваа со ситуации кога се косеа законите, па не можеа да направат ништо“. Во однос на помошта и поддршката што им ја пружа државата на самохраните родители, таа смета дека е недоволна, речиси никаква, за решавање на многуте проблеми и потреби со кои се соочуваат самохраните родители. Согледува дека државата треба да им помогне многу повеќе на самохраните родители од она што им го пружа како помош и поддршка. Според мајката, државата треба да помогне во отворање на згрижувачки центри за децата на самохраните родители и да пружи бесплатна психолошка поддршка на самохраните родители и нивните деца.

Статусот самохрана мајка влијае на перцепцијата на другите луѓе кон неа. Односот на некои луѓето се изменил, односно дека станал потценувачки. Не смета дека е дискриминирана од страна на работодавачите затоа што е самохрана мајка, но заради работата не успева да ги заврши своите обврски околу домот и детето. Затоа смета дека државата треба да им овозможи на самохраните родители да имаат повеќе права, за да имаат повеќе време за своите деца. „Сум била многу пати во ситуација да пратам мало дете само да оди на лекар заради тоа што не можам да излезам од работа, а такви ситуации има многу. Не сум била на приредба, на пример, зашто сум чувала излезници од работа за некој итен случај. Треба да има поголема флексибилност и разбирање од страна на работодавачите.“

Извор на финансии е нејзината плата која е во висина од над 30 000 денари и која не е доволна за задоволување на животните потреби, па нејзините родители финансиски ја поддржуваат. Никогаш не користела каква било социјално-економска мерка од државата. Смета дека државата треба да им пружи поголема финансиска помош на самохраните родители и додаде дека помошта треба да биде во форма на „субвенции за годишен одмор, поевтини билети за превоз кога самохраниот родител нема лично возило

или финансиска помош за купување на возило, пониски каматни стапки за кредити, итн. Инаку оние ситни пари што државата ги дава се смешни залажувања.“

Неповолната финансиска ситуација е резултат и на исплатата на станбениот кредит, кој го подигнала за да го реши станбеното прашање: „Станбеното прашање го решив со кредит кој треба да се исплаќа 30 години. Во исплаќањето на кредитот ми помагаат моите родители и мојот брат, бидејќи не можам сама да го исплаќам кредитот“. Соочувајќи се со оваа ситуација таа додава дека државата треба да овозможи самохраните родители да добијат поповолни станбени кредити или да добијат социјален стан. Живее во нејзиниот стан, со нејзиното дете. „Повремено доаѓаат и моите родители, па ми помагаат во грижата околу синот. Кога самохрана мајка живее сама со своето дете, не е баш лесно бидејќи сите домашни обврски паѓаат на мене. Кога доаѓаат моите родители е многу полесно.“

Понекогаш се соочува со проблем околу чувањето и грижата на нејзиниот син. „Обично детето го носам во градинка. Кога моите родители доаѓаат, тие ми помагаат. Понекогаш некои мои пријателки ми помагаат. Се снаоѓам како знам и умеам“. Најголем проблем ѝ е кога таа е на работа трета смена, но успева некако да се снајде. Најголема помош во такви ситуации добива од нејзините родители.

Нејзините најблиски ѝ се најголема поддршка: „Најмногу поддршка добивам од моите родители. Да не беа тие, многу тешко ќе се носев со сите предизвици и проблеми. Тука е и мојот брат. Поддршка добивам и од моите пријатели и колешки.“ И покрај силната поддршка што ја добива од најблиските, таа чувствува потреба од стручна психолошка поддршка: „Имам потреба од стручна психолошка поддршка. Најмногу се мачам со прашањата: ‘Дали донесувам доволно добри одлуки? Дали премногу емотивно се врзувам за детето и тоа за мене? Дали тоа ќе му пречи во развојот? Како полесно да му влеам самодовреба? Што кога ќе биде тинејџер? Како ќе се справам со предизвиците ако има булинг во училиште или, пак, тој стане насилен, арогантен?’“ Мајката смета дека државата треба да пружи бесплатна психолошка поддршка на самохраните родители: „И така ни е животот тежок. Државата треба без размислување да му понуди на секој самохран родител бесплатна психолошка поддршка. Но, не само за родителите, задолжително треба и за нивните деца.“

Самохраната мајка не добива помош и поддршка од другиот родител на нејзиното дете: „Воопшто не помага. Згора на тоа, тука е за да ме критикува ако нешто не е во ред со детето или ако се разболело.“ Најголемата помош и поддршка околу воспитувањето на синот го добива од нејзините родители. Товарот на самохраното родителство

придонел нејзиното емотивно и телесно здравје да се наруши. „Мислам дека некако се справив полесно, можеби затоа што имав верба во Бога, се молев, се смирив на природен начин, никако со седативи или лекови. Зависи од човекот. Јас сум имала потреба за поддршка, не беше лесно да почнам од нула, па така бев врзана малку повеќе со верскиот живот. И мислам дека тоа многу ми помогна.“

Во однос на контактот на другиот родител со детето, мајката изјави дека тој контакт не е редовен. А, во врска со квалитетот на односот меѓу другиот родител и детето, таа изјави: „Односот е никаков, се сведува само на размена на неколку зборови од детето кон родителот“.

**6.3.2. Студија на случај бр. 2**

Самохрана мајка, по националност Албанка, на возраст од 32 години, со завршено високо образование, вработена, живее во село Арачиново, станала самохрана мајка врз основа на развод и има две деца. Како и секој самохран родител и таа се соочува со многу проблеми и предизвици: „Има многу проблеми, но ќе издвојам само два, кои ми претставуваат голем товар: малата плата и нерешеното станбено прашање.“ Таа не успеала во целост да ги оствари своите законски права како самохрана мајка и затоа постои незадоволство кај неа. Разочарана е од тоа што државата не пружа доволна помош на самохраните родители: „Никаква помош не пружа државата, посебно ако си вработена, независно колку примања имаш и дали имаш решено станбено прашање.“ Како и многу други самохрани родители и таа се соочила со проблем во процесот на остварување на законските права како самохран родител. За неа е големо разочарување тоа што ако некој самохран родител е вработен, во тој случај не му следува никаква помош од државата. Не во целост, односно делумно е задоволна од односот на вработените во центрите за социјална работа. Самохраната мајка смета дека државата треба многу повеќе да им помогне на самохраните родители при решавање на станбеното прашање, а исто така и при вработувањето.

Никогаш не била предмет на дискриминација заради статусот на самохрана мајка. Немала проблем при вработување бидејќи била претходно вработена, т.е. пред да стане самохрана мајка. Не се соочува со проблеми на работното место заради статусот на самохрана мајка, но не успева да ги заврши сите обврски околу домот и семејството. Според неа, потребно е самохраните родители да имаат скратено работно време за да имаат повеќе време за своите деца. Исто така, додаде: „Самохраниот родител би требало да има можност да работи само една смена за да може да излезе барем половина час

порано да стигне да го земе детето од градинка или училиште. Во викендите самохраните родители не треба да работат. Да им се овозможи да имаат неколку дена повеќе за годишен одмор. Отсуството од работа при случај на боледување на детето да се плати 100 %, бидејќи некој мора да го чува детето. Тоа не е опција, туку единствено решение".

Месечните примања на самохраната мајка се меѓу 20 000 и 30 000 денари. Финансиите за животните потреби ги обезбедува преку својата плата и преку додатна работа. Се разбира, тие финансиски средства не се доволни за да може да ги покрие животните потреби. Никогаш не користела економско-социјална мерка што ги таргетира самохраните родители. Мајката смета дека државата треба да им пружа финансиска помош на сите самохрани родители, и тоа „финансиска помош треба да се однесува на: бесплатни екскурзии за децата на самохраните родители, бесплатни градинки, бесплатна храна за децата кои се на целодневна настава, бесплатни едукативни и образовни програми за децата, ослободување од финансиските трошоци за високото образование и сѐ друго што може да му донесе финансиско олеснување на самохраниот родител. Исто така, државата треба да обезбеди и бесплатна психолошка поддршка на родителот и децата доколку е потребно".

Уште еден горлив проблем со кој се соочува оваа самохрана мајка е нерешеното станбено прашање. Живее во куќата на нејзините родители. Живее заедно со нив. Тоа има свои предности и тоа „предностите во однос на домашните обврски и обврските околу грижата за децата се големи, но се нема приватност и е многу тешко да се обезбеди приватноста за себе и за своето дете." Нејзиниот став е дека државата треба да им помогне на самохраните родители во решавање на станбеното прашање и смета дека е доволно државата да ја покрива каматата на самохраните родители кои имаат подигнато станбен кредит.

Во однос на грижата и воспитувањето на децата, таа добива помош од своите родители и смета дека нивната таа е доволна. Емотивна и морална поддршка најмногу добива од своите родители, но исто така и од поширокото семејство. И покрај поддршката од нејзиното семејство, таа смета дека ѝ е потребна и стручна помош: „Потребна ми е стручна психолошка помош и мене и на децата. А посебно е потребна поддршка и помош како децата да се справат со недостатокот на машки родител во животот." Според неа, стручна психолошка помош треба да обезбеди државата за секој самохран родител и за нивните деца.

Не добива помош и поддршка околу грижата за децата од страна на нејзиниот поранешен сопруг: „Четиринаесет години никаква грижа нема од таткото, не ги бара и не ги гледа децата и не плаќа алиментација. Речиси и да нема контакт со децата. Неговиот однос со децата е редок и површен. Понекогаш е и користољубив. Да не се моите родители не знам како ќе се справам со моите деца“. Товарот на самохраното родителство придонесува за нарушување на емотивното и телесното здравје на оваа самохрана мајка. „Често сум анксиозна. Имам нарушен сон. Лошо се хранам. Немам време за себе, ниту да вежбам, ниту да се дружам со пријатели, освен таму каде што можам да одам со детето на гости“.

### 6.3.3. Студија на случај бр. 3

Самохрана мајка на возраст од 36 години, по националност Србинка, со завршено средно образование, вработена, живее во Кавадарци. Станала самохрана мајка врз основа на развод и има едно дете. Како и поголемиот дел од самохраните родители и таа има многу проблеми: „Имам многу нерешени проблеми: финансиски, нерешено станбено прашање, проблеми поврзани со работата, здравствени проблеми, проблеми околу грижа и чување на детето, и многу други. Многу е тешко, претешко е со никаква помош од државата. Имено, се соочив со проблемот децата и јас да немаме здравствено осигурување бидејќи на работа бев со договор на дело неосигурана, а работев во државна администрација. Бидејќи имав приходи од работата не ми следуваше ниту социјална помош, ниту детски додаток. До ден денес немам ниту алиментација примено, ниту една.“ Како и останатите два случаја и таа не успеала да ги оствари своите законски права како самохран родител, а вината за тоа ја гледа во државата, која треба да создаде систем со кој самохраните родители ќе можат многу лесно да ги остварат своите права. Исто така, посочи дека е тешко да се добие помош од државата бидејќи постои голема незаинтересираност кај државните службеници да им помогнат на самохраните родители. Во процесот на остварувања на своите права, оваа самохрана мајка се соочила со проблем: „Не добив доволно информации и помош во однос на тоа што треба да се поднесе, на кој шалтер, за да можам да ги остварам своите законски права. Тотално се незаинтересирани службениците“. Мајката генерално е незадоволна од односот на вработените во Центарот за социјална работа и смета дека процедурата оди многу бавно. Според неа, државата треба да пружи „повеќе олеснувања и грижа за децата како, на пример, финансиска помош за: исхрана во училиштето, екскурзии, спортски активности, и слично.“

Во однос на тоа дали доживеала дискриминација, мајката одговори дека се случувало да биде дискриминирана заради статусот на самохрана мајка. Била дискриминирана и при вработување, што го гледа како голема неправда кон себе како самохрана мајка. Исто така, додаде дека не наидува на разбирање од работодавачите за слободни денови кога има потреба околу семејството, но исто така и дека тешко го задржува работното место. Таа има став дека „државата треба да им олесни на самохраните родители да најдат сигурна постојана работа, без да се плашам дека ќе ја изгубам работата, а во исто време да биде и добро платена, за да не зависам финансиски од родителите. Државата треба да обезбеди законско право на скратено работно време и работа само во прва смена за самохраните родители, за да можат да посветат доволно време и внимание на детето“.

Месечната плата на оваа самохрана мајка е од 20 000, до 30 000 денари. Бидејќи тие финансиски средства не се доволни, таа е принудена да работи и друга работа за да го надополни месечниот буџет, а исто така и нејзините најблиски ѝ помагаат финансиски. Бидејќи положбата на самохраните родители е многу тешка, таа смета дека „државата треба да пружи финансиска помош за полагање за возачка дозвола или учење на некаков курс што ќе помогне за полесно да се најде работа. Исто така, државата треба финансиски да ги поддржи самохраните родители во режиските трошоци. Државата да ја исплаќа алиментацијата, а после тоа да ја бара од таткото“.

Бидејќи го нема решено станбеното прашање, самохраната мајка е принудена да изнајмува стан. Имајќи го предвид проблемот со кој се соочува во однос на станбеното прашање, таа смета дека државата треба да ги субвенционира кириите за изнајмување стан, а исто така и станбените кредити на самохраните родители. Живее сама со своето дете. Таквиот живот има свои предности и недостатоци: „Предности – живот без кавги и расправии. Недостатоци – премногу домашни обврски.“ Во однос на помошта за грижа на детето таа кажа: „Ми помагаат постарите сосетки и моите пријатели. Не е доволна нивната помош. Од друга страна и мене ми е непријатно постојано да им досадувам“. Исто така, има други проблеми во врска со грижата за детето: „Во летен период кога нема да работат училиштата, треба да се бара приватен дневен престој кој чини околу 7 000 денари за едно дете за еден месец. Тешко дека секој има средства да го издржи тоа. Од четврто одделение нема целодневна настава. Каде ќе оди дете од девет години по завршување на часовите?“

За пружањето на емотивна и морална поддршка, мајката одговори: „Најголемата поддршка ја добивам од моето семејство, но имам и пријателки кои ми даваат голема

емотивна поддршка“. Во однос на прашањето дали, како самохрана мајка, има потреба од стручна психолошка помош и поддршка, таа одговори: „Дефинитивно да. Некогаш е доволен и само разговор со стручно лице. Имам потреба за разговор за секојдневните проблеми и ситуации и како да се решат. Сметам дека и децата на самохраните родители имаат потреба од психолошка поддршка од детски психолог.“ Исто така, смета дека ваква стручна помош државата треба да обезбеди бесплатно за сите самохрани родители. Во однос на тоа во која мера другиот родител на детето помага во грижата и воспитувањето на детето, оваа мајка одговори: „Многу малку финансиски помага, а исто така и со физичко присуство. Комуникацијата со детето се сведува претежно преку телефон“.

Самохраното родителство во многу придонесува за нарушување на нејзиното емотивно и телесно здравје: „Самохраното родителство многу придонесува за нарушување на моето здравје. Ми се јавуваат различни здравствени состојби. Тоа доведува често да одам на лекар, а за тоа трошам многу време“.

### 6.3.4. Студија на случај бр. 4

Самохран татко, на возраст од 49 години, по националност Македонец, со завршено средно образование, невработен, живее во Велес. За тоа како го добил статусот на самохран татко, тој одговори: „Зад себе имам два брака. Од првиот брак имам две деца, син и ќерка. Првата сопруга почина млада. По неколку години се оженив и од вториот брак имам два сина. Вториот брак заврши со развод.“

Се соочува со многу проблеми како самохран татко: „Проблеми еден куп. Јас не сум вработен и живеам од заштедите од порано. Тоа е еден проблем. Имам проблем со мојата поранешна сопруга. Имам проблем околу грижата и чувањето на моите малолетни деца. Нема на кого да ги оставам. Морам јас да ги чувам. Целата ситуација делуваше негативно и на моето здравје. Здравјето ми е нарушено. Чувствувам недостиг на помош околу домашните обврски. Сепак, јас сум машко. Фали женска рака во домот. Осаменоста ми е голем проблем. Чувствувам дека и луѓето, што ме знаат, ме гледаат поинаку во последно време, кога останав сам. Проблемите се многу.“ Не успеал да ги оствари своите законски права како самохран родител и тоа му причинува големо незадоволство. Големо незадоволство има и кон вработените во Центарот за социјална работа. Ставот на таткото е дека државата треба да пружи повеќе можности и олеснувања за вработување на самохраните родители, а исто така и за обезбедување на стипендии за децата.

Самохраниот татко смета дека бил дискриминиран заради статусот на самохран родител. Не е вработен и смета дека „државата треба да посредува за самохраните родители да добијат работни места со флексибилно работно време. Државата треба да ги мотивира работодавачите самохраните родители да имаат приоритет при вработување. Исто така, треба да помогне и при самото аплицирање и креирање на CV, мотивационо писмо и да го подготви самохраниот родител за процесот на интервјуирање. Исто така, треба да обезбеди и бесплатни центри за помош во згрижување и чување на нивните деца додека сме на работа.“ Бидејќи е невработен, изворот на финансии за секојдневните потреби му е заштедата од порано кога имал свој сопствен бизнис. Самохраниот татко, исто така, истакна дека мора да штеди и трошоците за секојдневните потреби ги намалил на минимум бидејќи за намирување на секојдневните потреби ја користи заштедата, сè додека не успее да ги згрижи децата за да може да најде работа. Никогаш не користел економско-социјална мерка од државата. Имајќи ја предвид тешката финансиска ситуација на самохраните родители тој додаде дека „државата треба да обезбеди задолжителна парична помош за секој самохран родител. Висината на оваа помош треба да варира во зависност од приходите на самохраните родители“.

Станбеното прашање го има решено преку наследство на куќата од неговите родители. Самохраниот татко иако со решено станбено прашање е со став дека државата дефинитивно треба да пружи помош во решавање на станбеното прашање на самохраните родители без разлика на кој начин. Бидејќи живее сам со своите деца, тој смета дека „дефинитивно е многу полесно доколку се живее со некого. Јас живеам сам со своите деца. Целиот товар е на мене.“ Бидејќи сам се грижи за своите деца, од никого не добива никаква помош околу грижата и воспитувањето на своите деца. Тоа повлекува друг проблем: „Не можам да работам бидејќи нема кој да ми ги чува децата. Благодарение што имам заштедено од порано. Да требаше да работам, ќе беше многу тешко околу чувањето на децата.“

Емотивна и морална поддршка не добива од никого и се чувствува многу осамено во тој поглед, и чувствува потреба од стручна психолошка помош и поддршка. Посебно му е потребна помош во вид на совет како да се справи со целосната ситуација како самохран татко. Според него, ваквата помош и поддршка треба да биде понудена бесплатно од страна на државата. Во однос на помошта од неговата втора поранешна сопруга, тој кажа: „Никаква помош не добивам од втората сопруга со која сум разведен.

Само проблеми ми создава. Не ја интересира ништо за децата, не помага, не учествува со ништо во животот на децата. И подобро“.

Неповолната ситуација во која се наоѓа многу придонела за нарушување на неговото здравје: „Товарот од самохраното родителство придонесе за нарушување на моето ментално и телесно здравје. Пред неколку месеци имав мал срцев удар. Кога ми се слоши, тука беа и децата кои се испаничија. Повикав брза помош, па лекарите ми помогнаа. Моето емотивно здравје, исто така, е нарушено веќе подолго време. Се плашам да не се случи најлошото со мене, па децата да останат сираци.“ Во врска со тоа каков однос има мајката со децата, тој одговори: „Никаков однос. Децата не ја сакаат. Нивниот однос е многу службен и делува многу дистанцирано.“

## 7. Дискусија

### 7.1. Дискусија за интервјуто со претставниците од државните институции

Овој дел од истражувањето беше реализиран со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа од скопските општини – Ѓорче Петров, Гази Баба и Карпош и општините Кавадарци и Велес и претставници од одделенијата за социјална заштита од истите општини.

Повикувањето само на податоците од пописот без постоење на посебен регистар за самохрани родители од страна на: Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа и одделенијата за социјална заштита при локалната самоуправа укажува на недоволната посветеност на овие институции во решавањето на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители. Постоењето на посебен регистар во кој ќе бидат евидентирани сите самохрани родители и нивните потреби и предизвици со кои се соочуваат, ќе даде подобар увид во состојбата во која се наоѓаат самохраните родители, а тоа ќе помогне во носењето на потемелна стратегија за помош и поддршка на самохраните родители.

Постојат повеќе видови финансиска помош што државните институции им ја пружаат на самохраните родители, но сепак, и вработените во истите институции се согласуваат дека помошта е далеку од доволна за семејствата на самохраните родители, а исто така и не ги покрива сите аспекти од секојдневието на семејствата на самохраните родители. Покрај тоа, друг проблем е што многу самохрани родители, посебно од руралните средини, според кажувањето на испитаниците вработени во државните институции, не се запознати со своите законски права. Како што беше и посочено од

испитаниците, проблемот за ова треба да се адресира до државните институции кои треба да развијат стратегија за информирање на самохраните родители за нивните законски права и нивно насочување кон остварување на истите.

Кај испитаниците постоеја различни мислења во однос на тоа дали самохраните родители самоиницијативно го искажуваат своето задоволство, односно незадоволство, во однос на помошта што ја добиваат од државата. Спротивставени одговори имаше и во однос на прашањето дали државните институции имаат добра соработка со невладините организации кои делуваат во интерес на самохраните родители. Поделените мислења јасно покажуваат дека вработените во релевантните државни институции имале различни искуства во однос на овие прашања. Но, испитаниците беа едногласни дека државните институции соодветно реагираат доколку се нотира некој случај на кршење на правата на самохраните родители.

### 7.2. Дискусија за анкетата со самохраните родители

Анкетата којашто беше спроведена онлајн покажа дека поголемиот дел од самохраните родители се жени, односно мајки, што ја потврдува хипотезата дека поголемиот дел од самохраните родители се самохрани мајки, но во истражувањето не се потврди хипотезата дека нивните проблеми се поголеми за разлика од самохраните татковци. Најголемиот број од испитаниците се на возраст од 40, до 49 години. Поголемиот дел од испитаниците беа од македонска националност, но беа застапени и: албанската, ромската и српската националност. Речиси половина од испитаниците имаат завршено средно образование, а останатата половина е со завршен факултет и магистерски студии.

Според добиените резултати од истражувањето, 88,2 % од испитаниците се вработени и со ова не се потврди хипотезата дека поголемиот дел од самохраните родители тешко наоѓаат работа, или тешко ја задржуваат, бидејќи треба да се грижат за своите деца, иако има и такви случаи кои се во помал број. Иако имаат работа, сепак проблемот околу грижата за децата останува, па самохраните родители се снаоѓаат на различни начини да го решат и тој проблем.

Истражувањето покажува дека најголемиот дел или, речиси, три четвртини од испитаниците го добиле статусот на самохрани родители по пат на развод. Ова јасно покажува дека разводот на бракот е главниот фактор за појавата на самохрани родители. Според добиените резултат само 21,6 % смртта на брачниот партнер е причина за

самохраното родителство, а другите причини, речиси, се занемарливи. Поголемиот дел од самохраните родители имаат две, односно едно дете.

Најголем проблем со кој се соочуваат самохраните родители, според добиените одговори, е тешката финансиска состојба на самохраните родители, односно недоволните финансии за да можат да ги задоволат секојдневните потреби на своето семејство. Истражувањето покажа дека најголемиот дел од испитаниците не заработуваат доволно за да може да ги покријат животните трошоци, а главен извор на финансии им се платите. Сите испитаници сметаат дека државата треба да им пружи финансиска помош на самохраните родители. Исто така, голем проблем е и нерешеното станбено прашање за голем број самохрани родители, а оние кои го решиле не добиле никаква помош од државата. Сите испитаници сметаат дека државата треба да помогне во каков било облик во решавање на станбеното прашање на самохраните родители што го немаат решено. Меѓу поголемите проблеми не се наоѓаат само проблемите од материјална природа, туку и проблеми поврзани со недостиг на помош околу домаќинството и околу грижата и чувањето на децата. Јасно се гледа дека отсуството на другиот родител се одразува на секојдневните потреби на еднородителските семејства.

И покрај тоа што по закон им се гарантирани многу права на самохраните родители, само 19,6 % од испитаниците успеале во целост да ги остварат, а 43,1 % само делумно. Сите испитаници сметаат дека државата не пружа во доволна мера помош и поддршка на самохраните родители. Огромен број, или 92,2 % од самохраните родители што учествуваа во истражувањето се соочиле со проблеми од страна на државните институции во процесот на остварување на законските права. Истражувањето покажа дека е голем бројот, односно 94,1 %, на незадоволни или делумно задоволни самохрани родители од односот на службениците од центрите за социјална работа. Овие податоци се алармантни и покажуваат дека постојат сериозни пропусти и недостатоци во државните институции во однос на ова прашање. Ова укажува на потребата државата сериозно да се зафати со отстранување на сите недостатоци и пропусти во системот, за да им овозможи на самохраните родители во целост да ги остварат своите законски права. Гореизнесеното ја потврдува хипотезата дека самохраните родители се соочуваат со голем број правни и бирократски проблеми во остварување на своите права.

Според испитаниците, подрачја во кои државата треба да придонесе во олеснување на нивниот товар се: решавање на станбеното прашање, помош при вработување, психолошка поддршка и формирање на згрижувачки центри за нивните деца.

Интересно е да се забележи дека само една четвртина од самохраните родители доживеале дискриминација од страна на општествената заедница, а само 13,7 % биле дискриминирани при вработување, што е помалку од очекуваното. Ова покажува дека заедницата сè повеќе ги прифаќа самохраните родители без предрасуди. Најголемиот проблем со кој се соочуваат на работното место е поврзан со недоволното време што го имаат за да можат да ги завршат своите обврски околу домот и децата. Сите самохрани родители кои учествуваа во истражувањето сметаат дека државата треба да им пружи помош при вработување.

Поголемиот дел од самохраните родители живеат сами со своите деца или со своите родители. Тоа има свои предности, но и недостатоци. Сепак, кога е во прашање грижата за децата, најголема помош добиваат од страна на своите родители. Родителите се тие коишто најмногу им пружаат емотивна и морална поддршка. После нив се пријателите и браќата и сестрите. Со ова се потврдува хипотезата дека најблиските најмногу им помагаат на самохраните родители, но не толку во финансиска смисла, иако и тоа е застапено, колку што во грижата за децата и емотивната и моралната поддршка. И покрај поддршката од најблиските, три четвртини од испитаниците изјавиле дека имаат потреба од стручна психолошка поддршка што ќе им ја обезбеди државата бесплатно за нив и за нивните деца.

Помошта и поддршката што самохраните родители ја добиваат од другиот родител за нивните деца не е доволна. Многу малку самохрани родители се задоволни од квалитетот на односот што другиот родител го има со своите деца.

Од добиените резултати може да се заклучи дека проблемите на самохраните родители се многубројни. Товарот на самохраното родителство го зема својот данок и тоа се одразува врз емотивното и физичкото здравје на самохраните родители. Две третини се изјасниле дека самохраното родителство придонело за нарушување на нивното здравје.

### 7.3. Дискусија за студиите на случај

Овој дел од истражувањето беше реализиран со четири самохрани родители кои претставуваа репрезентативен примерок од групата од 51 самохран родител кои учествуваа во првичното интервјуирање. Согласно половата структура, во интервјуто учествуваа три самохрани мајки и еден самохран татко. Имајќи ги предвид статистичките податоци, соодносот на испитаниците во однос на половата структура го одразува фактот дека најголем број самохрани родители се жени. Ова ја потврдува

поединечната хипотеза дека поголем дел од самохраните родители се самохрани мајки, но врз основа на интервјуто не се констатираше дека самохраните мајки имаат поголеми проблеми и предизвици за разлика од самохраните татковци.

Според местото на живеење, тројца самохрани родители живеат во градови, додека еден самохран родител живее во село. Преваленцата на самохрани родители од градска средина се должи на фактот што градската средина има поголем број достапни ресурси што им стојат на располагање на самохраните родители. Според етничката припадност, два испитаника се од македонска националност, една испитаничка е од албанска националност и една испитаничка е од српска националност.

Во однос на возраста, двајца испитаници се на возраст меѓу 30 и 39 години, а двајца од 40, до 49 години. Според степенот на образование, тројца самохрани родители се со средно образование, а еден испитаник е со високо образование. Трите самохрани мајки се вработени, додека самохраниот татко е невработен.

Во однос на тоа врз која основа станале самохрани родители, една мајка станала самохрана по личен избор, останатите две станале самохрани заради развод, а самохраниот татко заради смрт на неговата прва сопруга и развод од втората сопруга. Според статистичките податоци најголема причина за самохраното родителство е разводот на бракот, потоа следи смртта на брачниот партнер, а исто така, постојат и случаи во помал обем кога жените сами одлучуваат да станат самохрани мајки. Според бројот на деца, две самохрани мајки имаат по едно дете, една самохрана мајка има две деца, а самохраниот татко има четири од два брака.

Според испитаниците, најголемите проблеми со кои се соочуваат четирите самохраните родители, кои учествуваа во интервјуто, се: недоволните финансиски средства за задоволување на секојдневните потреби, чувањето и грижата околу децата, проблеми со поранешниот брачен партнер, односно другиот родител на детето, нерешеното станбено прашање, проблеми со работата, здравствени проблеми, емотивни проблеми и стигматизацијата од страна на околината.

Сите испитаници беа категорични дека не успеваат да ги остварат своите законски права како самохрани родители, а нивното незадоволство оди во правец на тоа дека државата не овозможила ефикасни механизми коишто ќе овозможат самохраните родители да можат лесно да ги остварат своите права гарантирани со закон. Незадоволство постои и во однос на тоа што помошта што државата им ја дава на самохраните родители не е доволна. Од друга страна, незадоволство постои и од инфериорниот однос на вработените во центрите за социјална работа, кои не се

заинтересирани да им помогнат на самохраните родители во остварувањето на правата. Понекогаш проблемот не е толку кај вработените кои работат во соодветните државни институции колку што е во нејасните законски регулативи и законските ограничувања. Незадоволството е и во однос на бирократските процедури кои непотребно ги оптоваруваат самохраните родители. Ова потврдува уште една поединечна хипотеза, а таа е дека самохраните родители се соочуваат со голем број правни и бирократски проблеми, за кои не добиваат голема поддршка и помош од страна на државните институции во решавање на истите.

Испитаниците беа едногласни дека освен финансиска помош државата треба да обезбеди и друг вид на помош за решавање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат самохраните родители. Предлозите од страна на самохраните родители се: згрижувачки центри за децата на самохраните родители, бесплатна психолошка поддршка за самохраните родители и нивните деца, помош од страна на државата околу решавање на станбеното прашање, помош од државата при вработување на самохраните родители, финансиска помош за разни потреби околу децата како, на пример, спортски активности, екскурзии, исхрана во училиштето, и др.

Двајца испитаници биле дискриминирани, а останатите двајца не доживеале искуство на дискриминација заради статусот самохран родител. Статусот самохран родител не бил проблем при вработувањето на испитаниците, а тоа, веројатно, се должи и на фактот што некои од нив биле вработени пред да станат самохрани родители. Но, се соочуваат со големо неразбирање од страна на работодавачот во однос на нивната положба на самохран родител. Испитаниците се согласни дека државата треба да им помогне на самохраните родители при вработување, но и да ги мотивира работодавачите да имаат пофлексибилен став и разбирање за положбата на самохраните родители, со цел да им излезат во пресрет кога имаат одредена потреба во врска со нивните деца. Според испитаниците, државата треба да ги мотивира работодавачите за да им овозможат на самохраните родители и други поволности, како, на пример: да работат само во прва смена, законско право на скратено работно време, дополнителни денови за одмор и отсуство од работа во случај на боледување на детето да се плати 100 %, при вработување самохраните родители да имаат приоритет, итн.

Хипотезата дека многу самохрани родители тешко наоѓаат работа, или не успеваат да ја задржат бидејќи мора да се грижат за своите деца заради недостаток на центри за грижа на нивните деца, делумно е потврдена. Тројца од испитаниците се вработени и иако имаат проблем околу чувањето на децата, сепак ги задржале своите

работни позиции. Кога станува збор за самохраниот татко, хипотезата се потврдува бидејќи тој не е вработен заради тоа што не може да го реши проблемот околу грижата и чувањето на своите деца.

Според висината на месечните примања може да се добие увид дека самохраните родители имаат проблем околу покривањето на месечните трошоци, што беше потврдено и од страна на самохраните родители. И покрај ниските приходи, ниту еден од испитаниците не користел економско-социјална мерка. Изворите на приходи кај испитаниците, освен платата се и приходи од: повремена работа, финансиска помош од најблиските членови на нивните семејства, заштеда.

Испитаниците се со став дека државата треба финансиски да ги помага самохраните родители бидејќи со своите приходи не се во можност да ги покријат сите трошоци. Финансиската помош од државата, според испитаниците, треба да биде во форма на: субвенции за одмор, поевтини билети за превоз, помош за купување возило, пониски каматни стапки за кредити, бесплатни екскурзии за децата, бесплатни градинки, бесплатна храна за децата во училиштата, бесплатни едукативни и образовни програми за децата, ослободување од финансиски трошоци за високо образование на децата, бесплатна психолошка поддршка, финансиска помош за режиските трошоци, финансиска помош за полагање на возачки испит или учење на некаков курс што ќе помогне за полесно да се најде работа.

Ова ја потврдува хипотезата дека еднородителските семејства добиваат помош од локалната заедница, претежно финансиска, но не е доволна во надминување на ситуацијата во која се наоѓаат.

